Министерство за локална самоуправа

германска соработка
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# 2015 – 2019

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Декември 2014

Содржина


1. ВОВЕД 2
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА 3
3. РЕЛАЦИИ И ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ПРОГРАМАТА СО СТРАТЕГИЈАТА НА ЕУ 2020 6
4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 8
4.1 Местоположба 8
4.2 Климатски и хидролошки карактеристики на Пелагонискиот плански регион 12
4.3 Природни ресурси и карактеристики 13
4.4 Степен на развиеност на Пелагониски плански регион 14
5. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РАЗВОЈ 15
6. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 19
6.1 Макроекономски индикатори 19
6.2 Структура на претпријатијата 23
6.3 Надворешно – трговско работење 25
7. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА 25
8. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ОБРАЗОВАНИЕ И РАЗВОЈ 29
8.1 Социјална политика и развој 29
8.2 Образование и развој 33
9. ИНФРАСТРУКТУРА 36
9.1 Комунална инфраструктура 36
9.2 Патна инфраструктура 38
9.3 Железничка инфраструктура 45
9.4 Воздушна инфраструктура 47
9.5 Енергетска инфраструктура 47
10. ТУРИЗАМ И КУЛТУРА 48
10.1 Туристичка понуда на регионот 48
10.2 Анализа на состојбите во туризмот и културата во периодот 2009 – 2013 година 51
11. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ 56
11.1 Особености на земјоделскиот сектор во Пелагонискиот плански регион 56
11.2 Рурален развој 60
12. ЖИВОТНА СРЕДИНА 61
12.1 Биодиверзитет во Пелагонискиот регион 63
13. ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ 65
14. СВОТ АНАЛИЗА НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 67
14.1 Опис на СВОТ анализите и нивна меѓусебна поврзаност 77
15. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА ПЕРИОДОТ 2015 - 2019 83
16. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ 84

16.1 Стратешка цел 1 – Поттикнување на одржлив и рамномерен економски развој на регионот 84
16.2 Стратешка цел 2 – Развој на Пелагонија како конкурентна туристичка дестинација и промоција на регионалниот културен идентитет 88
16.3 Стратешка цел 3 – Унапредување на квалитетот на социјалните и здравствените услуги, спортот и образованието на регионално ниво 91
16.4 Стратешка цел 4 – Подобрување на меѓусебната и меѓународната поврзаност за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и привлекување инвеститори 96
16.5 Стратешка цел 5 – Поконкурентно земјоделство и одржлив рурален развој 102
16.6 Стратешка цел 6 – Заштита и унапредување на животната средина во насока на одржлив развој 105
17. ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА 109

# 1. ВОВЕД

Со Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ бр. 63/07) е дефинирана основната рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата и се пропишуваат планските документи за нејзина реализација.

Со членот 5 од Законот се пропишува воспоставување плански региони во Република Македонија, како функционално територијални единици за потребите на планирањето на развојот и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на регионалниот развој.

Планските региони се совпаѓаат со статистичките региони определени со номенклатурата на територијални единици за статистика НТЕС 3 (Службен весник на РМ бр. 158/2007), со цел да се обезбеди статистичка основа за планирањето на развојот на регионите.

Според номенклатурата на територијални единици во Република Македонија има 8 плански региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски плански регион. Согласно законската рамка, планските региони претставуваат основна единица за планирање на развојот во Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009 - 2019.

Првите стратешки документи за планските региони беа изготвени и донесени во различен временски период од 2008 до 2010 година. Планските региони во изминатиот период после нивното основање ги донесуваа Програмите за развој на планските региони со меѓусебна координација на засегнатите страни и воглавно со подршка на различни меѓународни донатори. Првата програма за развој на Пелагонискиот плански регион беше изготвена за периодот 2009 - 2013, односно после воспоставување на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион со широко учество на заинтересираните страни, и со поддршка на проектот ГТЗ РЕДЕМ. Истата е одобрена од Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија заедно со Програмите на другите плански региони. Во текот на 2010 година Регионалната Развојна Агенција на ПЕЛАГОНИЈА-ПРЕДА со поддршка на Швајцарската Развојна Помош изработи надградба на Програмата за равој на Пелагонискиот плански регион за периодот 2010-2015 година, Ресорните министерства кои во одредени сектори имаат директно влијание врз регионалната политика, а со тоа и директно влијание во реализацијата на планските документи кои го засегаат регионот, беа контактирани и поканети на заеднички работни средби од Министерството за локална самоуправа и ГИЗ РЕД. Сепак, според потребите и можностите на регионот, интензитетот треба да е подинамичен.

Регионалниот развој е комплексен и долгорочен процес чија основна цел е намалување на диспаритетите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони. Регионалниот развој се темели врз неговата комплексност и повеќедимензионалност, односно преплетувањето на економскиот, демографскиот, социјалниот, просторниот, културниот и многу други аспекти на развојот. Од таа причина, успешното спроведување на политиката за регионален развој е директно зависна од поширокото разбирање на концептот за регионален развој, ефикасното поврзување на политиката на регионалниот развој со секторските политики и обезбедувањето на потребната поддршка од страна на релевантните институции.

Во таа смисла, регионалниот развој претпоставува континуирана финансиска поддршка од страна на државата и, истовремено, висок степен на координација помеѓу министерствата, донаторите и засегнатите страни на регионално и локално ниво.

Поради горенаведеното Програмите за развој на сите 8 плански региони се изготвени истовремено и за ист временски период (2015-2019), во период кој следи после процесот на

ревизија на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (2009-2019). Подготовката и содржината на Програмите се во согласност со Правилникот за методологија за изработка на планските документи за регионален развој (Службен весник на РМ бр.102/2009).

Изработката на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион за периодот 2015 – 2019 година е реализирана со подршка на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), Програма за регионален економски развој во Република Македонија (ГИЗ РЕД), а во координација со Министерството за локална самоуправа и ресорните министерства кои учествуваат во работата на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија. Изготвувањето на Програмата за развој финансиски е подржано од Германското Федерално министерство за економска соработка и развој (БМЗ), Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ) и Европската Унија (ЕУ).

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Процесот на изготвувањето на програмата,Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) го спроведе во тесна координација со Министерството за локална самоуправа (МЛС) и Бирото за регионален развој (БРР), ресорните министерства и учество на сите засегнати страни од Пелагонискиот регион. Изработката на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 - 2019 е изработена со поддршка на Програмата за регионален економски развој во Република Македонија (ГИЗ РЕД). Согласно Законот за рамномерен регионален развој, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион го координира процесот на изработка и спроведувањето на Програмата.

Програмата ги дефинира целите и приоритетите на развојот на Пелагонискиот плански регион во периодот од 2015 до 2019 година..

Целиот процес на реализација на новата Програма е во координација и согласност со резултатите од среднорочната евалуација и ревизијата на Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009 – 2019.

Во меѓувреме е усогласена и донесена ревидираната Стратегијата за рамномерен регионален развој 2009 - 2019 која послужи како основа Пелагонискиот плански регион да ги дефинира приоритетите во приоритетните сектори во процесот на изработка на Програмата за период што следи од 2015 до 2019 година.

Во подготвителниот период беше водено сметка Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион да се направи на транспарентен и партиципативен начин. Периодот за директно спроведување и финализација на Програмата септември - декември 2014 беше динамичен и исполнет со многу предизвици. Претходно извршената евалуација на програмата за периодот 2009 – 2013 и Извештајот за завршната оценка на имплементацијата на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион меѓу другото констатираа дека Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион нема идентификувано влезни и излезни индикатори и нивни почетни и целни вредности, ните е направена прелиминарна оценка на Програмата, така што разликите помеѓу планираното и оствареното не можат да се квантифицираат. Бројот на индикатори во рамките на приоритетите е голем (вкупно се одредени 250 индикатори), а самите индикатори се со различен карактер.

Претходната Програма во однос на структурата беше поделена во 4 сектори, и тоа:

1. Подобрување на инфраструктурата во регионот,
2. Заштита на животната средина,
3. Квалитет на живот и социјална кохезија,
4. Поттикнување на економскиот развој во Пелагонискиот регион.

Соодветно на горенаведените сектори беа дефинирани 4 среднорочни цели, 20 приоритети и 84 мерки.

Методологијата за изготвување на новата Програма за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 - 2019 (како и на сите останати Програми во другите плански региони), треба да го втемели на здрава основа односот со релевантните засегнати страни во регионот на транспарентен и сеопфатен начин преку нивно директно учество и придонес во процесот на изработка, но исто така и во процесот на нејзино спроведување. Самиот процес на изготвување на програмата и вклученоста на засегнатите страни треба да послужат како основа за зајакнување на реалната функција на ЦРППР, односно нивната координативна улога во спроведувањето на програмите, промоција на развојните можности на планскиот регион и обезбедување на стручна и техничка поддршка на засегнатите страни на регионално ниво (јавен, приватен и граѓански сектор).

Во процесот на подготовка на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион, ЦРППР беше поддржан од тим од локални консултанти. Консултантите имаа краткорочна мисија да му помогнат на ЦРППР да го олесни и модерира процесот на подготовка на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион. Тимот на експерти беше избран од страна на ЦРППР во координација со ГИЗ РЕД програмата.

Процесот на подготовка на Програмите во сите 8 плански региони во Република Македонија, па така и во Пелагонискиот регион, започна со организирање на првична средба која се одржа на 19 Август 2014 година во Скопје, со учество на сите заинтересирани страни: Кабинетот на Вице Премиерот задолжен за економски прашања кој раководи со Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој, Градоначалниците и Раководителите и вработените во 8-те Центри за развој на планските региони. На средбата беа дадени насоките и правците за реализација на целиот процес, како и очекувањата од новите Програми за развој на планските региони. Првичната констатација и очекувања беа истите да се од една страна доволно широки да обезбедат сеопфатност и релевантност, но од друга страна и соодветно фокусирани за да кореспондират со реалната функција на Центрите за развој на планските региони, нивната координативна улога, промоцијата на развојните можности на регионот и обезбедување на стручна и техничка поддршка на засегнатите страни на регионално ниво. Истовремено Програмите треба да бидат така дизајнирани за да бидат и реално изводливи во однос на достапните средства за нивно финансирање.

На самиот почеток и во текот на процесот на изготвување на Програмата беа дефинирани принципите по кои истата ќе биде реализирана, и тоа:

- Следење на законската рамка,
- Транспарентност и
- Учество на засегнатите страни.

Во целиот процес горенаведените принципи беа запазени преку:

1. Отворен пристап во работата (јавност)

2. Понудено учество на сите засегнати страни
3. Можност за целосна вклученост во процесот
4. Усогласување и координација и
5. Давање заеднички предлози и постигнување на заеднички заклучоци.

Реализацијата на активностите и координацијата се одвиваше со забрзана динамика, а со цел да се добијат посакуваните резултати според предвидениот работен план со кој Програмата требаше да се изработи и прифати до крајот на 2014 година. Првично беше усогласена поделбата на приоритетните сектори што требаше да се анализираат. Таквото групирање беше направено со цел да се изработат фокусирани длабински анализи кои треба да дадат јасна слика за моменталната состојба во регионот.

Според планот беа предвидени и реализирани 3 серии со по две еднодневни работилници. Сите работилници се одржаа во Битола.

За изработка на предвидените анализи, беа формирани работни групи од учесниците на работилниците според следните секторите:

1. Сектор Економија и Инвестиции;
2. Сектор Туризам и Култура;
3. Сектор Социјална политика и Образование;
4. Сектор Транспорт и Инфрструктура;
5. Сектор Земјоделство и рурален развој и
6. Сектор Животна средина.

Секоја серија на работилници опфати по две еднодневни работилници на кои засегнатите страни заради подобро фокусирање беа поделени во две поголеми групи, секоја составена од неколку сектори, и тоа:

- Прва група: Социјална политика и Образование, Економија и Инвестиции, и Туризам и Култура;
- Втора група: Транспорт и Инфраструктура, Животна средина, и Земјоделство и Рурален развој.

Првата работилница за првата група беше реализирана на 17.09.2014, а за втората работна група на 18.09.2014 година. Дневниот ред на првата работилница опфати: Опис на целите и мерките на претходната Програма 2009 - 2013, краток осврт на спроведената завршна оценка за спроведување на Програмата 2009 – 2013, подготовка на ПЕСТ и СВОТ анализи и дефинирање на визија и мисија на регионот. Согласно реалната динамика и потребата за дискусија во работните групи, за следната серија работилници се одложи дефинирањето на визијата и мисијата на регионот.

Втората работилници за првата група беше реализирана на 30.09.2014, а за втората работна група на 01.10.2014. Дневниот ред на втората работилница содржеше: Дефинирање на визијата и мисијата на регионот, осврт и дискусија за ПЕСТ и СВОТ анализите подготвени на претходната работилница преку давање забелешки, коментари и дополнување на истите; Дефинирање на стратешки цели и приоритети, како и дефинирање мерки по приоритети за секоја стратешка област (сектор) поединечно со краток теоретски вовед.

Третата работилници за првата работна група беше реализирана на 21.10.2014, а за втората работна група на 22.10.2014. Дневниот ред на третата серија работилницивклучи презентацијата на ПЕСТ и СВОТ анализите усогласени според забелешките и коментарите на работните групи и дополнувањата од страна на експертскиот тим. Според така дефинираните СВОТ анализи се пристапи на дополнување и корекции на стратешките цели и приоритети

дефинирани на претходната работилница и првично дефинирање на мерките по приоритети. На истата работилница беа дефинирани и индикаторите на ниво на приоритети за секоја стратешка област (сектор) поединечно.

Дополнително усогласување на СВОТ анализите по секторите, стратешките цели, приоритетите и мерките беа направени на состаноци за координација помеѓу ЦРППР, релевантните ресорни министерства и агенции и ГИЗ РЕД. Работните средби за усогласување на целите, приоритетите и мерките за развој на Пелагонискиот плански регион со Министерството за социјална политика, Министерството за наука и образование и Министерството за финансии беше реализирана на 03.11.2014 во просториите на ГИЗ Македонија во Скопје.

Втората работна средба за усогласување на целите, приоритетите и мерките за развој на Пелагонискиот плански регион со Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство беше одржана на 04.11.2011 година. Истата беше искористена и за дополнителни усогласувања и координација со ЦРППР.

Третата работна средба за усогласување на целите, приоритетите и мерките за развој на Пелагонискиот плански регион беше реализирана на 10.11.2014 година со Министерството за економија, Министерството за култура, Македонската банка за обнова и развој и Агенцијата за образование и мобилност. На самата работна средба целите, приоритетите и мерките беа дополнително усогласени и со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.

Финалната конференција за јавна презентација на нацрт програмата на Пелагонискиот плански регион беше одржана на 28.11.2014 година во Битола со присуство на преку 100 учесници. На оваа конференција, после јавната презентација на нацрт Програмата, сите засегнати страни имаа можност на интерактивен начин да дадат дополнителни забелешки и дополнувања во однос на стратешките цели, приоритетите и мерките дефинирани во Програмата. Дел од дадените забелешки беа вметнати во финалната верзија на документот. После финалната конференција следеше интензивен процес на усогласување на коментарите на засегнатите страни, како и забелешките и коментарите од страна на ЦРППР, со што беше успешно финализирана Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 - 2019.

# 3. РЕЛАЦИИ И ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ПРОГРАМАТА СО СТРАТЕГИЈАТА НА ЕУ 2020

При спроведувањето на активностите за реализација и подготовка на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион, експертскиот тим во соработка со Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) и ГИЗ РЕД програмата освен националните законски одредби, правилници и стратешки документи, како и документите на локално ниво, ги зеде во предвид и европските принципи, иницијативи и стратешки документи.

Програмата е во согласност со Европската стратегија 2020, насловена како „Европска стратегија за паметен, зелен и инклузивен раст“. Главните цели се дизајнирани за да ги обединат економските, социјалните и еколошките агенди на ЕУ на соодветен структуриран и кохерентен начин.

Стратегијата 2020 на ЕУ има за цел унапредување на политиката за меѓусебна соработка, а во исто време, зајакнување на процесот на европска интеграција, нудејќи посилна визија и модел за управување.

Европа 2020 е базирана на знаење и иновации, со цел зголемување на вработеност, но сепак да се обезбеди социјална кохезија, со одржлива перспектива (вклучувајќи конкурентни и еколошки услови).

Стратегијата изложува пет цели кои треба да се постигнат од страна на Европската унија до 2020 година:

- Стапката на вработување од 75% за лица од 20-64 години,
- Стапка на инвестиции за истражување и развој од 3%,
- 20/20/20 климатски и енергетски цели (намалување на емисиите на штетни гасови за најмалку 20%, уделот на вкупната потрошувачката на енергија од обновливи извори на енергија да се зголеми на 20%, а задоволувањето од енергетски ресурси да достигне 20%,
- Подобрување на образованието (намалување на стапката на напуштање на училиштето, како и зголемување на уделот на населението со завршено терцијарно или еквивалентно образование,
- Промоција на социјалната вклученост, вклучувајќи намалување на сиромаштијата.

<u>Деветте главни иницијативи на Европската Комисија се:</u>

1. Иновативна Европска Унија;
2. Младите во движење;
3. Дигитална агенда за Европа;
4. Ниско ниво на јаглерод, Европа со ефикасни ресурси;
5. Чиста и ефикасна енергија;
6. Индустриска политика приспособлива за ерата на глобализацијата;
7. Агенда за нови работни места;
8. Нови вештини за нови работни места;
9. Европската платформа против сиромаштијата.

Сите горенаведени иницијативи, директно се поврзани и со Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион како и со принципот на регионалност на Европската Унија.

Невработеноста како проблем е директно поврзана со образованието и "производство" на квалификувана и мобилна работна сила прилагодлива на пазарот на работна сила и според потребите на "реалниот сектор", односно бизнис секторот.

Релациите на Програмата со секторот климатски промени и енергетска ефикасност е третиот приоритет кој е опфатен со Агенда 2020 од ЕУ. Овој дел ги опфаќа промените во неколку сегменти.

Намалување на емисијата на штетни гасови, производството на енергијата преку извори на обновлива енергија, како и зголемувањето на енергетската ефикасност, кои како иницијативи се директно поврзани со секторот животна средина.

CAP (Common Agricultural Policy) е заедничката земјоделска политика на Европската Унија. Истата се спроведува преку систем на земјоделски субвенции и програми. Освен земјоделскиот аспект оваа политика е во согласност со еколошките и хуманитарните норми и стандарди на Агендата ЕУ 2020 Агенда и тоа во делот на:

Паметен развој - со зголемување на ефикасноста на ресурсите и воведување на конкурентност преку: технолошките знаења и иновации, развој на вредности и квалитетни продукти, развој на “зелени“ технологии и користење на информатичка и комуникациска технологија, инвестирање во јакнење на капацитети (обуки), стимулирање на иновации во рурални средини како и напредок на веќе започнатите истражувања.

Одржлив развој - преку храната, прихраната и оддржлива производствена база, обезбедување на одржливо управување со земјиштето, следење на намалувањето на биодиверзитетот, промовирање на изворите на обновлива енергија, зајакнување на здравјето на животните и растенијата, зголемување на ефикасноста на ресурсите преку технолошки развој и користење на резултатите од истражувањата, дополнително намалување на емисијата на штетни гасови, и целосен развој на потенцијалите на руралниот сектор.

Инклузивен развој - преку отворање на економскиот потенцијал во руралниот сектор, развој на локални пазари и вработувања, придружени со преструктуирање на земјоделието и поддржување на приходите на фармерите со цел постигнување на одржливо земјоделство во Европа.

Од аспект на рурален развој, ЕУ ги дефинира следните 6 приоритети:

- Трансфер на знаења и иновации во земјоделието, шумарството и руралните области – како хоризонтален приоритет,
- Конкурентност на фармите и управување со ризик,
- Организација на синџирот на храна,
- Обновување или зајакнување на екосистеми,
- Промовирање на ефикасно користење на ресурси,
- Социјална инклузија, намалување на сиромаштијата и рурален економски развој.

Сето ова би значело значителен развој на земјоделскиот сектор и руралните средини и постигнување економски раст преку заштита на животната средина, а со тоа и подобрување на условите на живот и зголемување на животниот стандард.

При изготвувањетона Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион освен националните, регионалните и локалните стратегии и важечки акциски документи, заради усогласеност беа земени во предвид и стратешките документи на Европската Унија.

# 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## 4.1 Местоположба

Пелагонискиот плански регион се наоѓа во југозападниот дел на Македонија, се граничи со Грција и Албанија и внатрешно со Југозападниот и Вардарскиот регион. Главен административен центар на регионот е градот Битола. Пелагонискиот плански регион ги опфаќа басените на Пелагониската и Преспанската котлина. Името на обласста е според Пелагониската котлина која завзема најголем дел од територијата на целиот плански регион.




Слика бр. 1. Рељефна карта на Пелагониски плански регион

Пелагонија всушност го зафаќа централно-западниот дел на Македонија како географска целина. Котлината денес се протега помеѓу две држави: Република Македонија и Република Грција. Целината е составена од Битолското и Прилепското Поле во Република Македонија во басенот на Црна Река и нејзините притоки и Леринското Поле во Република Грција. Котлината е опкружена со планините Баба, Бушева Планина од запад, Даутица и Бабуна од север, Селечка Планина и Ниџе од исток, додека на југ и југозапад е оградена со падините на Нередска Планина која територијално се наоѓа во Република Грција. Во минатото во времето на терцијарот Пелагонија била заезерена поради што денес (особено во Битолското Поле) е голема застапеноста на хумусна и алувијална почва. Просечната надморска височина се движи од 540 до 610 метри надморска височина во Битолското Поле и 615 до 710 метри надморска височина во Прилепското поле.




Слика бр. 2. Приказ на општинските граници во Пелагонискиот плански регион

Пелагонискиот плански регион граничи со две држави, на југ регионот граничи со Република Грција, а на југозапад со Република Албанија. Постоењето на гранични премини овозможува комуникација и проток на добра и луѓе кои се основа за проширување на регионалниот пристап на меѓудржавно ниво.

Размената на добра и луѓе се остваруваат преку патните гранични премини Стење/Горица кај Ресен со Република Албанија и Меџитлија/Ники кај Битола со Република Грција. Постои и еден железнички премин кај селото Кременица со Република Грција, кој во моментот не е во употреба.

**Табела бр. 1 Податоци за вкупниот број население во Пелагонискиот плански регион и во општините во 2002 и 2013 година**

| Општина | Население - Попис 2002 | Население во 2013[1] | Површина [2] $km^2$ | Вкупно населени места |
|---|---|---|---|---|
| Општина Битола | 95.385 | 92.777 | 787 | 66 |
| Општина Демир Хисар | 9.497 | 8.555 | 480 | 41 |
| Општина Кривогаштани | 6.150 | 5.701 | 89 | 13 |

[1] Државен завод за статистика – Проценки на 30.06. 2013 и на 31.12. 2013 година

[2] Површината во $км^2$ е според Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија - "Службен весник на Република Македонија", број 55/04 и 12/05) и град Скопје - Закон за градот Скопје, "Службен весник на Република Македонија", број 55/04 (број на општини 84 и Скопје како посебна територијална единица).

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општина Крушево | 9.684 | 9.559 | 191 | 19 |
| Општина Могила | 6.710 | 6.396 | 255 | 23 |
| Општина Прилеп | 76.768 | 75.826 | 1.199 | 29 |
| Општина Ресен | 16.825 | 16.345 | 551 | 44 |
| Општина Новаци | 3.549 | 3.246 | 753 | 41 |
| Општина Долнени | 13.568 | 13.962 | 412 | 37 |
| **ВКУПНО** | **221.311** | **232.367** | **4.717** | **343** |

Извор: Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014")

Петте града во Пелагонискиот регион (Битола, Прилеп, Крушево, Ресен и Демир Хисар[3]) зафаќаат урбана површина од 80 км² или 1,7%, од вкупната површина на регионот, на кој е сконцентриран 67,6% од вкупното население. На останатиот рурален простор отпаѓа површина од 98,7% (4.637 км²) кој го сочинуваат 338 рурални населби.

Нерамнотежата на населбите внатре во регионот е констатирана со анализата по сектори и во работата на работните групи за диспаритетите (социјални, образовни, економски и инфраструктурни) помеѓу урбаните и руралните населени места. Најголем број од 91,8% од населението во Општина Прилеп е сконцентрирано во големите населби, а останатото од 8,2% е распоредено во останатите 54 населени места, со просек по населба од 131 жители. Сличен е примерот и со Општина Битола, во која големите населби имаат учество од 87,4% од населението, а остатокот од 12,6% е распоредено во останатите 54 населени места со просек по населба од 223 жители. Карактеристичен е случајот со Општина Новаци во која 63,8% од населението живее надвор од општинскиот центар, односно во 33 неселени места со просек со 68,6 жители по населба.

**Табела бр. 2. Демографски податоци за Пелагонискиот плански регион, 2009-2013**

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно население** | 234.488 | 234.137 | 233.628 | 232.959 | 232.367 |
| **Мажи** | 117.408 | 117.250 | 116.979 | 116.656 | 116.392 |
| **Жени** | 117.080 | 116.887 | 116.649 | 116.303 | 115.975 |
| **Густина на население (км²)** | 49,7 | 49,6 | 49,5 | 49,4 | 49,3 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014")

Како исклучително важен податок треба да се напомене постојаното намалување на вкупниот број на население кој е резултат на намалениот наталитет, доста високата стапка на смртност (убедливо највисока по региони), многу голема смртност на доенчиња која бележи намалување и е под просекот на државата единствено во 2011 и 2012 година.

[3] Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија Сл. весник 55/2004 од 17.08.2004 година

## 4.2 Климатски и хидролошки карактеристики на Пелагонискиот плански регион

Во регионот преовладува умерено-континентална клима со големи климатски влијанија од север кои предизвикуваат во текот на зимата климата да наликува на континентална. Просечните врнежи изнесуваат 640 мм на м$^2$.




Слика бр. 3. Карта со типови на клими во Република Македонија [4]

Хидролошкиот потенцијал во Пелагонискиот плански регион го сочинуваат реката Црна со притоките Блато, Шемница, Драгор и Елешка Река. Сливот на Црна Река претставува дел од егејското сливно подрачје. Освен Тиквешката акумулација, од посебно значење претставуваат планираните акумулации на Црна Река - Чебрен и Галиште кои според предвидената инсталирана моќност би претставувале најголеми хидроелектрани во државата.

Црна река е главниот и најголем речен тек во Пелагонискиот плански регион. Вкупната должина изнесува 207 км и целиот тек е во Република Македонија. Сливното подрачје на Црна изнесува 5.890 км$^2$ што претставува 28,68% од сливното подрачје на реката Вардар (вкупна површина на сливното подрачје на Вардар изнесува 20.535 км$^2$), во која се влева. При вливот, Црна река има истек од просечни 37 м$^3$ во секунда.

Како хидролошки потенцијал, Преспанското езеро претставува посебен природен и географски туристички мотив и дестинација за развој на езерскиот туризам во овој регион.

Преспанско Езеро е природно езеро, кое го делат три држави. Географски, езерото се наоѓа во југозападниот дел од земјата и припаѓа на Пелагонискиот плански регион. Република Македонија зафаќа најголем дел од површината, останатиот дел припаѓа на Република Грција и Албанија. Преспанското езеро се наоѓа на надморска височина од 853 метри, истото е со максимална должина од 28 км и максимална широчина од 17 км. Просечната длабочина на езерото изнесува 54 метри, а максималната длабочина 76 метри.

Вкупната водна површина изнесува 276,4 км$^2$, од кои во Македонија припаѓаат 191.4км$^2$, во Грција 37,6 км$^2$, во Албанија 46,2 км$^2$.

---

[4] http://www.igeografija.mk/

Хидролошкиот слив на Преспанска Котлина зафаќа вкупна површина од 1.350,00 км$^2$ од кои:

- Република Македонија дел со површина од 761,6 км$^2$, или 56,42 %;
- Република Грција дел со површина од 321,6 км$^2$, или 23,82%;
- Република Албанија дел со површина од 266,8 км$^2$,или 19,76%.

Од поголемите вештачки акумулации за наводнување на обработливите површини во регионот посебно се значајни акумулациииите Стрежево и Прилепско Езеро, како и вештачката акумулација Суводол.

Прилепското езеро е лоцирано во месноста Гладно Поле во непосредна близина на Прилеп. Ваквата географска положба овозможува ова езеро да биде рекреативен центар и туристички мотив. Езерото е изградено на Оревоечка Река во 1967 година и од тогаш се користи за наводнување и како извор на технолошка вода. Тоа зафаќа површина од 0,54 км$^2$. Долго е 1,4 км, а широко 400 до 600 м. Најголема длабочина му е 28 м. Во езерото можат да се акомулираат 6.000.000 м$^3$ вода.

Стрежевското Езеро или само Стрежево е вештачка акумулација во средниот тек на реката Шемница, десна притока на Црна Река. Браната е изградена од насипан чакал и од камен, со глинено јадро. Висока е 72 м, со должина на круната од 632 м, и широчина од 10 м. Езерото е долго 6,5 км, а средната широчина при максимално ниво на водата изнесува 1 км. При максимално ниво на водата (кота од 739,5 м), површината на езерото изнесува 7,5 км$^2$, а во езерото се акумулираат 116.820.000 м$^3$ вода. Езерото редовно се порибува. Стрежевското езеро се користи за водоснабдување на градот Битола и поголем дел од Пелагонискиот регион.

Стрежевското езеро исто така претставува и основен воден ресурс за наводнување на земјоделските површини во Пелагонија, како и извор на технолошка вода за потребите на РЕК Битола.

### 4.3 Природни ресурси и карактеристики

Пелагонискиот плански регион има добри климатски услови за развој на земјоделството, а особено за одгледување на индустриски култури. Земјоделското земјиште зафаќа површина од 276.777 ха, што претставува 23% од вкупната земјоделска површина во Република Македонија која изнесува 1.203.378,2 ха. Од вкупната земјоделска површина, 159.007 ха се пасишта или 57.5%, односно вкупната обработлива земјоделска површина изнесува 117.770 ха. Во структурата на обработливите површини ораниците и бавчите учествуваат со 83%.

Релјефните услови на регионот овозможуваат наводнување на најголем дел од површините од сливот на Црна река (100.000 ха), која освен природен претставува огромен енергетски потенцијал кој не е целосно искористен.

Пелагонискиот плански регион има добри климатски и педолошки услови за развој на земјоделството. Како стопанска гранка, земјоделството учествува со 4% од производство и 5% во вкупното вработување во регионот.

Вкупната површина под шуми во 2009 година изнесува 128.386 ха, а во 2012 година изнесува 133.010 ха или 13,25% од вкупните шуми во земјата што претставува 28,23 % од

вкупната територија на регионот. Дрвната маса изнесува околу 12 милиони м$^3$ или 15% од вкупната дрвна маса во Република Македонија.

Од рудните наоѓалишта во регионот најважно економско значење имаат лежиштата на јаглен (лигнит) во Пелагонија и Мариово кои денес се искористуваат во трите блока на РЕК Битола и неметалните лежишта на дијатомејска земја во Манастир – Мариово и белите мермери во Прилепско. Посебен минерален ресурс претставуваат ладните минерални извори кај селото Мецитлија, битолско кои подолг временски период се во екплоатација.

На територијата на Пелагонискиот плански регион се наоѓаат два национални парка. Националниот парк Пелистер и дел од Националниот парк Галичица, кои претставуваат огромен потенцијал за развој на туризмот и подобрување на економијата во регионот.

### 4.4 Степен на развиеност на Пелагониски плански регион

За подобро креирање на стратегии за развој на планските региони, и споредба на развиеноста помеѓу регионите, во декември 2008 година е донесена одлука за мерење на степенот на развој на планските региони во Република Македонија. Според оваа одлука, развојниот индекс се утврдува како пондериран просек од економско-социјалниот и демографскиот индекс, при што двата индекси имаат подеднакво учество во креирањето на развојниот индекс. [5] Доколку индексот изнесува 1, нивото на развој на планскиот регион е еднакво на просечниот развој на Република Македонија. Индекс поголем од 1 означува повисоко, а индекс помал од 1 означува пониско ниво на развој на планскиот регион од просечниот развој на ниво на Република Македонија. Во следната табела, превземена од Стратегијата за развој на планските региони 2009-2019, прикажан е развојниот индекс на регионите за периодот од 2008 до 2012 година.

**Табела бр. 3. Класификација на планските региони според степеност на развиеност за периодот 2008-2012 година**

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 1,48 | 1,86 | 1,25 |
| Југоисточен | 0,89 | 1,38 | 0,58 |
| Пелагониски | 0,73 | 0,79 | 0,69 |
| Југозападен | 0,72 | 0,50 | 0,86 |
| Полошки | 0,72 | 0,18 | 1,05 |
| Вардарски | 0,69 | 0,63 | 0,73 |
| Источен | 0,67 | 0,95 | 0,50 |
| Североисточен | 0,56 | 0,33 | 0,70 |

[5] При определувањето на економско-социјалниот индекс како индикатори се користат: бруто-домашниот производ по жител, буџетските приходи по жител, растот на додадената вредност на нефинансискиот сектор и стапката на невработеност, додека демографскиот индекс се определува врз основа на природниот прираст на населението, Коефициентот на стареење, салдото на миграции на 1000 жители и завршени студенти на 1000 жители. (Службен весник на РМ бр. 162/08). http://www.slvesnik.com.mk/Issues/F87DFED2EA8F844C918B9063FA004815.pdf

Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012, Службен весник бр.162/2008

Според Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот 2008 – 2012 година, Пелагонискиот регион има степен на развиеност 0.73 со што се наоѓа на трето место после Скопскиот плански регион и Пелагонискиот плански регион. Треба да се спомене дека и во однос на економско социјалниот индекс и во однос на демографскиот индекс, Пелагонискиот регион заостанува во однос на националниот просек на Република Македонија.

Класификацијата на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2013 до 2017 година е донесена во јуни 2013 година. За разлика од претходната класификација, во новата е променета вредноста на индексот на Република Македонија кој наместо 1, сега изнесува 100.

**Табела бр. 4. Класификација на планските региони според степеност на развиеност за периодот 2013-2017 година**

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| Југоисточен | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| Пелагониски | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| Југозападен | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| Полошки | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| Вардарски | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| Источен | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| Североисточен | 62,7 | 27,3 | 89,7 |

Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2013-2017, Службен весник бр. 88/2013

Согласно новата класификација Пелагонискиот регион има степен на развиеност 91,2 со што се наоѓа на четврто место после Скопскиот, Пелагонискиот и Источниот плански регион. Економско социјалниот индекс на регионот е поголем од националниот просек и изнесува 129,5, додека демографскиот индекс е помал од националниот просек и изнесува 79,6.

## 5. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РАЗВОЈ

Во табелата подолу се претставени неколку показатели кои служат за позиционирање и споредување на Пелагонискиот плански регион со останатите плански региони во однос на неколку демографски карактеристики.

Во споредбената анализа најнапред се прикажани општите показатели за сите осум плански региони во Република Македонија вклучувајќи го бројот на општини и населени места во секој регион поединечно. Основните демографски индикатори се однесуваат на: вкупното население според последниот попис спроведен во Република Македонија во 2002 година и проценката на населението во 2013 година[6], густината на населеност, вкупниот број на живеалишта и просечниот број на членови по живеалиште.

**Табела бр. 5. Споредбена анализа на демографски показатели за Пелагонискиот плански регион со другите плански региони**

| Показатели | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на општини | 9 | 11 | 13 | 10 | 9 | 9 | 6 | 17 |
| Број на нас. места | 215 | 217 | 286 | 188 | 343 | 184 | 192 | 142 |
| Вкупно нас. Попис 2002 | 154.535 | 181.858 | 221.546 | 171.416 | 238.136 | 304.125 | 172.787 | 578.144 |
| Процент од нас. Р. Македонија 2002 | 7,64 | 8,99 | 10,95 | 8,48 | 11,77 | 15,04 | 8,54 | 28,58 |
| Процена на населението, 2013 | 153.487 | 178.270 | 220.325 | 173.383 | 232.367 | 317.975 | 175.711 | 612.514 |
| Процент од нас. Р. Македонија 2013 | 7,43 | 8,63 | 10,67 | 8,39 | 11,25 | 15,39 | 8,51 | 29,65 |
| Густина на населеност, 2013 | 38,0 | 50,4 | 66,0 | 63,3 | 49,3 | 131,6 | 76,1 | 337,8 |
| Вкупен број на живеалишта, Попис 2002 | 61.367 | 72.248 | 84.627 | 59.499 | 93.976 | 78.544 | 59.488 | 188.394 |
| Просечен број на членови по домакинство Попис, 2002 | 3,2 | 3,1 | 3,8 | 3,4 | 3,3 | 4,4 | 3,7 | 3,5 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2014“)

Вкупниот број на население во Пелагонискиот плански регион од 2002 до 2013 година се намалил за 2,42%, додека во однос на вкупното население во Република Македонија се намалил за 0,28%, што не претставува значително намалување. Сепак, параметрите околу бројот на население во 2013 година треба да се земат со резерва бидејќи истите претставуваат проценети вредности.

Според податоците од 2002 година, вкупниот број на население во регионот изнесуваше 238.136 или 11,77% од вкупниот број на население во Република Македонија

[6] Државен завод за статистика на Р.Македонија – Проценка на население во 2013 година

(2.022.547 жители). Регионот завзема вкупна површина од 4.717 км$^2$, односно 18,34% од вкупната површина на државата, со густина на населеност од 46,92 жители на км$^2$.

Според податоците од 2013 година, вкупниот број на население во регионот изнесува 232.367 или 10,94% од вкупниот број население во Република Македонија (2.064.032 жители), со густина на населеност од 49,26 жители на км$^2$.

Табела бр. 6. Споредбени демографски податоци за Пелагонискиот плански регион 2008-2013 година

| Показател/Година | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно население | 234.902 | 234.488 | 234.137 | 233.628 | 232.959 | 232.367 |
| Мажи | 117.560 | 117.408 | 117.250 | 116.979 | 116.656 | 116.392 |
| Жени | 117.342 | 117.080 | 116.887 | 116.649 | 116.303 | 115.975 |
| Густина на население (км$^2$) | 49,8 | 49,7 | 49,6 | 49,5 | 49,4 | 49,3 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“)

Како значајни демографски параметри кои ја отсликуват состојбата во Пелагонискиот регион, треба да се напоменат:

- Голема концентрација на населението во урбаните центри (160.925 жители или 67,6 % од вкупниот број жители во Пелагонискиот плански регион кој изнесува 238.136 жители).
- Во 2002 година, само во општина Битола и Прилеп заедно живееле 172.153 жители или 72,3% од вкупниот број жители во Пелагонискиот регион.
- Во градовите Битола и Прилеп во 2002 година биле сконцентирани 144.254 жители или 89,6% од вкупното урбано население на регионот.
- Процентот на население од 0-14 години едалеку под националниот просек и е повисок само од Источниот регион.
- Процентот на население над 65 е години далеку над државниот просек (во цел анализиран период). Пелагонискиот плански регион претставува регион со најстаро население.
- Коефициентот на старосна зависност е убедливо најнизок во споредба со останатите региони (свен во 2012 и 2013 година, каде само Скопскиот плански регион има повисок коефициент).
- Стапката на смртност на доенчиња е исклучително висока и над државниот просек во целиот анализиран период (највисок просек има во 2009 година од 14,8 во споредба со националниот од 11,7).
- Стапката на тотален фертилитет во регионот во 2006 година изнесува 1,48 и не обезбедува обновување на населението. Истиот тренд и коефициент е задржан иво периодот 2009-2013 година.

- Стапката на склучени бракови во 2012 е 6,2 (на илјада жители) и заедно со Вардарскиот регион е најниска во Република Македонија, а во 2013 година со 6,1 е на второ место веднаш после Источниот плански регион кој има стапка од 5,7).
- Вредноста на развојниот индекс на Пелагонискиот плански регион според класификацијата на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008 – 2012 изнесува 0,73 и е за 27% под просекот на државата. Истиот се наоѓа на трето место по развиеност, после Скопскиот плански регион и Пелагонискиот плански регион. Според економско социјалниот индекс кој изнесува 0,79, Пелагонискиот плански регион се наоѓа на четвртото место, додека според демографскиот (0,69) се наоѓа на петтото место.
- Вредноста на развојниот индекс на Пелагонискиот плански регион според класификацијата на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2013 – 2017 изнесува 91,2 и е за 8,8% под просекот на државата. Истиот се наоѓа на четврто место по развиеност, после Скопскиот плански регион, Источниот и Пелагонискиот плански регион. Според економско социјалниот индекс кој изнесува 109,1, Пелагонискиот плански регион се наоѓа исто така на четвртото место, како и според демографскиот индекс (79,6).

# 6. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Главни столбови на економијата на Пелагонискиот плански регион се производството и преработката на земјоделски производи и експлоатацијата на минерални суровини. Регионот меѓу другото е најголем производител на јаболка, тутун и млеко.

Во понатамошниот дел се прикажани трендовите на макроекономските индикатори, структурата на претпријатијата и индикаторите за надворешно – трговско работење на регионот.

## 6.1 Макроекономски индикатори

**Бруто домашниот производ (БДП)** е најчесто употребуван индикатор за утврдување на нивото на економскиот развој на регионите и државите. Во следната табела се претставени вкупната висина на БДП во Република Македонија и Пелагонискиот плански регион во милиони денари, како и процентот на учество во вкупниот БДП на државата.

**Табела бр. 7. Бруто домашен производ во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009 – 2012 година**

| Година | БДП во милиони денари Република Македонија | БДП во милиони денари Пелагониски плански регион | Процент (%) на учество во вкупниот БДП |
|---|---|---|---|
| 2009 | 409.100 | 51.502 | 12.5 |
| 2010 | 434.112 | 52.783 | 12.2 |
| 2011 | 459.789 | 53.205 | 11.6 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014"

Од табелата може да се забележи дека во 2011 година, Пелагонсикиот плански регион создал 11.6% од бруто домашниот производ на Република Македонија. Понатаму, во текот на целиот анализиран период, БДП на регионот се зголемува, но се намалува неговото учество во вкупниот БДП на државно ниво, што означува дека стапката на раст на БДП на регионот е пониска во однос на стапката на раст на вкупниот БДП на државно ниво.

Бруто домашниот производ по жител се добива кога вкупно пресметаниот бруто домашен производ на ниво на држава ќе се подели со вкупниот број на население во државата односно во регионот.

Табела бр. 8. Раст на бруто домашниот производ по жител во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регон во периодот 2009 – 2012 година

| Година | БДП по жител во Република Македонија | БДП по жител во Пелагониски регион | Индекс |
|---|---|---|---|
| 2009 | 200.293 | 219.635 | 109.70 |
| 2010 | 211.246 | 225.437 | 106.70 |
| 2011 | 223.357 | 227.732 | 102.00 |
| 2012 | 222.384 | 211.458 | 95.00 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија „Регионите во Република Македонија, 2014"

Пелагонискиот плански регион во 2012 година остварил БДП од 3.438 евра по жител, што е за 5% пониско од просекот на Република Македонија. Во анализираниот период најголем износ на БДП по жител регионот забележал во 2011 година кога тој изнесува 3.703 евра, и е за 2% повисок од националниот просек. Во 2012 година БДП по глава на жител во регионот се намалил за 7,14 % во однос на претходната година.

Индексите на сите региони во Република Македонија се прикажани во следната табела.

Табела бр. 9. Индекс на бруто домашниот производ по жител, во планските региони, во периодот 2009 – 2012 година

| Показател | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| БДП по жител Република Македонија | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Вардарски регион | 96.9 | 97.8 | 102.2 | 104.50 |
| Источен регион | 85.1 | 97.9 | 92.6 | 92.20 |
| Југозападен регион | 70.0 | 73.6 | 72.6 | 78.10 |
| Југоисточен регион | 94.6 | 104 | 115.6 | 109.81 |
| Пелагониски регион | 109.7 | 106.7 | 102.0 | 95.00 |
| Полошки регион | 46.9 | 46.8 | 47.3 | 43.95 |
| Североисточен регион | 52.3 | 51.4 | 65.2 | 67.66 |
| Скопски регион | 155 | 149 | 144 | 149.37 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014" и пресметки на експертскиот тим.

На следниот графикон се прикажани трендот и динамиката на раст и опаѓање на БДП по глава на жител во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009 – 2012 година.

График бр. 1 – БДП по глава на жител во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009 – 2012




Графиконот има за цел споредбено да го прикаже нивото на развиеност на Пелагонискиот регион во однос на државниот просек. Се забележува дека во периодот 2009 до 2011 година, жителите од Пелагонискиот регион оствариле БДП над државниот просек, додека во 2012 година, освен што номиналната вредност на БДП по жител во Пелагонискиот регион е намалена, регионот остварил и понизок БДП од државниот просек, односно понизок процент на развој од просекот во Република Македонија.

### 6.1.1. Бруто додадена вредност според секторот на дејноста

Земјоделството и индустријата се најзначајни стопански сектори во регионот. Оваа констатација ја потврдуваат податоците презентирани во подолу прикажаната табела, во која е презентирана бруто додадената вредност која се создава во различни стопански сектори.

Табела бр. 9. Бруто додадена вредност според позначајните сектори на дејноста во 2010, 2011 и 2012 година во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион

| Бруто додадена вредност според секторот на дејноста (во милиони денари) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Позначајни сектори | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
| | Р.Македонија | Пелагониски Регион | Р.Македонија | Пелагониски Регион | Р.Македонија | Пелагониски Регион |
| Земјоделство | 43.739 | 8.684 | 43.895 | 7.840 | 40.705 | 8.165 |
| Индустрија | 81.803 | 15.607 | 87.048 | 16.363 | 70.198 | 12.423 |
| Градежништво | 23.902 | 2.290 | 29.924 | 3.163 | 31.166 | 2.610 |
| Трговија | 77.176 | 7.101 | 83.316 | 6.319 | 85.261 | 4.813 |
| Останати дејности | 154.528 | 12.661 | 158.208 | 12.878 | 168.005 | 14.452 |
| **Вкупна додадена вредност** | **381.148** | **46.343** | **402.392** | **46.563** | **395.335** | **42.463** |

Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија, 2014

Во анализираниот период се забележуваат различни трендови во бруто додадената вредност во различните сектори. Вкупната бруто додадена вредност на регионот е највисока во 2011 година, поради зголеменото учество на БДП во индустријата и градежништвото. Во 2012 година бруто додадената вредност на регионот се намалила за 8,5% во однос на претходната година.

Бруто додадената вредност која се создава во трговијата и останатите дејности бележи континуиран пад. Во 2012 година трговијата создала за 32% помала вредност во однос на 2010 година. Пораст на бруто додадената вредност се забележува и во секторот градежништво и дејности поврзани со недвижен имот кој во 2011 година ја зголемил создадената вредност за 38 % во однос на претходната година. Охрабрува и растот на уделот на градежништвото во вкупниот БДП на регионот во 2011 година. Кога зборуваме за овој сектор треба да се земе во предвид и податокот дека регионот има исклучително поволна структура на реализирани градежни активности. Имено, најголема вредност на изградени градежни работи ја сочинуваат комплексни конструкции во индустријата, кои во 2013 година учествуваат со 49% во вредноста на извршени градежни работи според вид на објекти. Овој податок укажува дека во наредниот период треба да се очекува економска валоризација на изградените индустриски објекти и нивно ефектуирање изразено преку зголемена бруто додадена вредност во индустријата.

### 6.1.2 Инвестиции во основни средства

Вкупната номинална вредност на инвестициите во основни средства, на ниво на Република Македонија, бележи континуиран пораст, и истите се зголемуваат во текот на целиот анализиран период. Во Пелагонискиот плански регион состојбата е поинаква. Имено инвестициите во основни средства се зголемени само во 2012 година, додека во останатите години бележат тенденција на намалување. Учеството на инвестициите во основни средства во регионот во вкупното ниво на инвестиции е највисоко во 2012 година кога 9,12% од вкупните инвестиции во основни средства се реализирани во деловните субјекти во регионот. Во однос на другите плански региони, Пелагонискиот регион се наоѓа на 5 место во вкупното инвестирање во основни средства на ниво на Република Македонија (2012 година).

**Табелабр. 10. Инвестиции во основни средства во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион, 2009 - 2012 година**

| Година | Република Македонија (износ во милиони денари) | Пелагониски регион (износ во милиони денари) |
|---|---|---|
| 2009 | 81.872 | 7.232 |
| 2010 | 82.968 | 6.295 |
| 2011 | 94.698 | 5.108 |
| 2012 | 105.443 | 9.612 |

Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија, 2014

Инвестициите во основни средства во позначајните сектори на дејноста во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион се прикажани во следната табела.

**Табела бр. 11. Инвестиции во основни средства според секторот на дејноста во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион во 2010, 2011 и 2012 година**

| Инвестиции во основни средства според секторот на дејноста /во милиони денари/ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Позначајни Сектори | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
| | Р.Македонија | Пелагониски Регион | Р.Македонија | Пелагониски Регион | Р.Македонија | Пелагониски Регион |
| Земјоделство, | 2.356 | 819 | 2.022 | 172 | 2.557 | 812 |
| Индустрија | 22.469 | 2.980 | 21.748 | 2.701 | 26.428 | 5.639 |
| Градежништво | 28.769 | 1.618 | 29.584 | 1.147 | 34.679 | 2.124 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трговија | 12.220 | 387 | 20.909 | 543 | 15.860 | 645 |
| Останати дејности | 17.152 | 1.310 | 20.435 | 717 | 25.919 | 392 |
| **Вкупно** | **82.966** | **6.295** | **94.698** | **5.108** | **105.443** | **9.612** |

Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија, 2014

Во 2012 година во регионот се зголемени инвестициите во основни средства за 52% во однос на 2010 година. Овој раст најмногу се должи на зголеменото инвестирање во градежништвото и индустријата. Осцилациите во инвестирањето во основни средства се забележуваат во сите сектори, освен во трговијата каде инвестирањето во континуитет се зголемува. Најголеми разлики во вложувањата во основни средства во анализираниот период се забележуваат во земјоделството каде во 2011 година се намалиле инвестициите за 79% во однос на претходната година, а во 2012 година повторно се зголемени на истото ниво од 2011 година.

## 6.2 Структура на претпријатијата

За утврдување на структурата на претпријатијата во регионот се анализирани неколку показатели како што се: вкупниот број на активни деловни субјекти, активни деловни субјекти според број на вработени и активни деловни субјекти според секторот на кој припаѓаат.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активни деловни субјекти во 2013 година во Пелагонискиот плански регион изнесува 8.268 и претставува 11.6% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Македонија кој изнесува 71.290. Пелагонискиот плански регион е трет во државата според бројот на активни деловни субјекти на 1000 жители (35,58), после Скопскиот и Вардарскиот плански регион.

**Табела бр. 12. Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени**

| Категоризација | Република Македонија | Пелагонсики Регион | Република Македонија | Пелагонсики Регион | Република Македонија | Пелагонсики Регион |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
| **Вкупно** | **73.118** | **8.308** | **74.424** | **8.468** | **71.290** | **8.268** |
| 0[7] | 6.674 | 414 | 7.158 | 415 | 4.415 | 323 |
| 1-9 | 60.620 | 7.259 | 61.053 | 7.394 | 60.599 | 7.280 |
| 10-19 | 2.754 | 311 | 2.937 | 311 | 2.989 | 340 |
| 20-49 | 1.698 | 175 | 1.795 | 179 | 1.787 | 169 |
| 50-249 | 1.187 | 131 | 1.280 | 128 | 1.291 | 135 |
| 250 + | 185 | 18 | 201 | 21 | 209 | 21 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2014“

Од претходната табела се забележува дека од вкупниот број на активни деловни субјекти според бројот на вработени, 87,5% отпаѓа на деловните субјекти со 1-9 вработени. Малите бизниси како и во поголемиот дел од државата се движечка сила на економскиот

[7]Вклучувајќи и деловни субјекти со неутврден број на вработени

развој на регионот. Во периодот од 2012 до 2013 година се забележува намалување на бројот на активни деловни субјекти како на национално ниво, така и на ниво на Пелагонискиот регион, каде бројот на активни деловни субјекти се намалил за 200 субјекти. Треба да се напомене дека во Пелагонискиот плански регион постои тренд на пораст на големите деловни субјекти со над 250 вработени.

**Табела бр. 13. Активни деловни субјекти според НКД 2 класификацијата по сектори во Република Македонија и во Пелагонискиот регион во 2013 година**

| Сектори | Р.Македонија | Пелагониски регион | Процент на учество во вкупниот сектор |
|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 2.866 | 628 | 21.9 |
| Рударство и вадење на камен | 164 | 22 | 13.4 |
| Преработувачка индустрија | 7.918 | 848 | 10.7 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 132 | 7 | 5.3 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината | 306 | 29 | 9.5 |
| Градежништво | 4.322 | 328 | 7.6 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 25.429 | 3.153 | 12.4 |
| Транспорт и складирање | 6.095 | 809 | 13.3 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4.482 | 498 | 11.1 |
| Информации и комуникации | 1.446 | 107 | 7.4 |
| Финансиски дејност и дејности на осигурување | 390 | 24 | 6.2 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 485 | 42 | 8.7 |
| Стручни,научни и технички дејности | 5.817 | 546 | 9.4 |
| Административни и помошни услужни дејности | 1.514 | 147 | 9.7 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 258 | 23 | 8.9 |
| Образование | 1.025 | 118 | 11.5 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 3.315 | 428 | 12.9 |
| Уметност, забава и рекреација | 1.179 | 133 | 11.3 |
| Други услужни дејности | 4.147 | 378 | 9.1 |
| Вкупно | 71.290 | 8.268 | 11.6 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2014“

Од табелата се забележува дека најголем број од активните деловни субјекти во Пелагонискиот плански регион работаат во секторот трговија (3.153), потоа следува преработувачката индустрија (841) и транспортот (809). Најмало учество во бројот на активни деловни субјекти има секторот снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (7) што е разбирливо, бидејќи овој сектор бара огромни инвестициски вложувања. Активните деловни субјекти од секторот земјоделството, шумарство и рибарство

учествуваат со 21,9% во секторот на државно ниво, со што повторно се потврдува дека ова е најзначаен сектор во регионот.

### 6.3 Надворешно – трговско работење

Генерално во Република Македонија во 2013 година се забележува раст на обемот на надворешно-трговската размена од 3.1% во споредба со 2012 година. Најголем дел од своето производство Република Македонија го извезува во: Германија, Италија, Србија, Грција и Велика Британија, а најмногу увезува од Велика Британија, Грција, Германија, Србија и Италија. Според класификацијата на производи по дејност, Македонија бележи најголема трговска размена во индустријата и земјоделството.

Табела бр. 14. Извоз и увоз во и од Пелагонискиот плански регион во периодот 2009-2013

| Година | Извоз (%)[8] | Увоз (%)[9] |
|---|---|---|
| 2009 | 7.6 | 4.4 |
| 2010 | 6.2 | 4.3 |
| 2011 | 6.0 | 3.8 |
| 2012 | 6.4 | 4.0 |
| 2013 | 7.4 | 4.5 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2014“

Во 2013 година Пелагонискиот плански регион учествува со 7,4% во вкупниот извоз на државно ниво и 4,5% во вкупниот увоз. Со оглед на тоа што во Пелагонискиот регион извозот е поголем од увозот, деловните субјекти од овој плански регион оствариле суфицит во надворешно трговската размена во текот на целиот анализиран период. Сепак, со оглед на големината на Пелагонискиот регион и економскиот потенцијал особено во рударската индустрија и земјоделството потребно е вложување во производи кои ќе отворат поголеми можности за извоз, особено во соседните држави, со оглед на фактот што пазарот во Република Македонија е мал.

Во наредниот период потребно е регионот да го зајакне својот капацитет за соочување со глобалните економски и климатски промени. Пелагонискиот регион може да биде конкурентен со јаболкото и црвената пиперка („Куртова капија“). Предност на Пелагонискиот плански регион е и малата фрагментација на земјоделските површини, во кои доминира производство на житарици и тутун, развиеното сточарството и преработувачката млечна индустрија. Затоа е неопходно поголемо вложување во основни средства во рударската, преработувачката и земјоделската индустрија, бидејќи овие сектори ќе влијаат позитивно врз извозот реализиран од овој плански регион. Повеќе детали во анализите по сектори..

## 7. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА

Показателите за следење на активност на населението се пресметани како учество на работната сила во работоспособното население на возраст од 15 до 79 години, додека

[8] Република Македонија = 100%
[9] Република Македонија = 100%

стапката на вработеност односно стапката на невработеност се пресметани како учество на бројот на вработени/ невработени во работоспособното население.

Споредбено овој показател има удел во стапката на активност на населението во 2009 година со 63.8% и е за 7,1% над националниот просек. Стапката на вработеност од 42,6% исто така е над националниот просек и тоа за 4,2%. Стапката на невработеност во 2009 година е за 1% поголема од државниот просек.

Пелагонискиот регион има позитивен тренд во однос на активност, вработеност и невработеност на населението во анализираниот период. Во анализираната 2013 година, стапката на активност на населението изнесува 64.4% што претставува зголемување за 0,6% и повторно е поголема од националниот просек. Стапката на вработеност се зголемува на 50,1% што е за 9,5% над националниот просек. Стапката на невработеност е најниска во 2012 година и изнесува 22,2%.

**Табела бр. 15. Споредбени податоци и општи показатели од социјалната сфера и пазарот на труд во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион, за 2009 и 2013 година**

| Показатели | РМ | Пелагониски | РМ | Пелагониски |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | | 2013 | |
| Стапка на активност | 56.7 | 63.8 | 57,2 | 64,4 |
| Стапка на вработеност | 38.4 | 42.6 | 40,6 | 50,1 |
| Стапка на невработеност | 32.2 | 33.2 | 29,0 | 22,2 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“)

**Табела бр. 16. Податоци за Пелагониски плански регион 2009-2013 година во однос на и пазарот на труд – број на работоспособно население, активност на населението, вработеност и невработенсот**

| Индикатор | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Работоспособно население | 191.192 | 191.020 | 190.697 | 190.155 | 189.136 |
| Стапка на активност | 63.8 | 63.8 | 63.9 | 62.8 | 64.4 |
| Стапка на вработеност | 42.6 | 42.4 | 43.8 | 46.9 | 50.1 |
| Стапка на невработеност | 33.2 | 33.6 | 31.4 | 25.3 | 22.2 |

Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“)

Според податоците од Државниот завод за статистика за проценка на бројот на работоспособно население, Пелагонискиот регион иако незначителен бележи континуиран пад.

Стапката на активност на населението има позитивен тренд, иако може да се забележи пад во 2012 година во однос на 2011 за 1,1%, за во 2013 година повторно да забележи раст за 1,6%.

Освен во 2010 година кога бележи пад за 0,2% во однос на 2009 година, стапката на вработеност бележи раст во периодот 2009-2013 година од 42,6% на 50,1%. Во истиот период стапката на вработеност на национално ниво изнесува 40.6%.

Иако стапката на невработеност е доста ниска, сепак истата во 2010 година се зголеми на 33,6% што е 1,4% повеќе од 2009 година, за во наредните три години континуирано да паѓа до 22,2% што е значително под националниот просек од 29%. Според полот, стапката на невработеност е променлива и во 2011 година е поголема кај жените, односно истата изнесува 32,5% (кај мажите е 30,5%). Во 2012 година стапката на невработеност кај жените

е помала и изнесува 24,5% (26,0% кај мажите), додека во 2013 година стапката на невработеност кај жените изнесува 21,2% а кај мажите 23,1%.

Од горенаведените трендови може да се заклучи дека Пелагонискиот регион има задоволителни услови за развој во однос на активност на населението, стапката на вработеност и невработенсот.

Според овие индикатори, Пелагонискиот регион е четврт по висина на исплатена бруто и нето плата од планските региони. Постои голема разлика помеѓу просечно исплатената бруто плата во однос на Скопскиот регион.

Од 2012 до 2013 година има пораст на просечно исплатената бруто плата во Пелагонискиот регион од 28.271 на 29.173 денари, или зголемување за 3.1%. Сепак, според висината на бруто платата, Пелагонискиот плански регион е сеуште зад државниот просек од 31.025 за 2013 година.

**Табела бр. 17. Податоци за Пелагонискиот плански регион за 2010 и 2013 година во однос на пазарот на труд – исплатена бруто и нето плата (во денари)**

| Индикатори | РМ | Пелагониски | РМ | Пелагониски |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | | 2013 | |
| Просечно исплатена бруто-плата по вработен | 30.225 | 28.426 | 31.025 | 29.173 |
| Просечно исплатена нето-плата по вработен | 20.553 | 19.276 | 21.145 | 19.804 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“)

Висината на просечната исплатена бруто и нето плата по вработен според секторот на дејноста во Република Македонија и во Пелагонискиот регион во 2013 година се прикажани во табелата подолу.

**Табела бр. 18. Просечно исплатена бруто и нето плата во 2013 година во Република Македонија и во Пелагонискиот регион по сектори според НКД 2 класификацијата (во денари)**

| Сектори | Активни деловни субјекти | | Просечно исплатена бруто плата (денари) | | Просечно исплатена нето плата (денари) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Република Македонија | Пелагониски Регион | Република Македонија | Пелагониски Регион | Република Македонија | Пелагониски Регион |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 2.866 | 628 | 22.624 | 29.173 | 15.639 | 18.349 |
| Рударство и вадење на камен | 164 | 22 | 35.041 | 26.045 | 23.293 | 24.281 |
| Преработувачка индустрија | 7.918 | 848 | 23.007 | 35.239 | 15.747 | 14.404 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 132 | 7 | 54.131 | 21.163 | 36.362 | / |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината | 306 | 29 | 27.415 | / | 18.714 | 18.923 |
| Градежништво | 4.322 | 328 | 25.092 | 24.560 | 17.302 | 16.882 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 25.429 | 3.153 | 27.894 | 19.303 | 19.263 | 13.209 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Транспорт и складирање | 6.095 | 809 | 32.935 | 23.929 | 22.399 | 16.226 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4.482 | 498 | 22.217 | 20.200 | 15.293 | 13.828 |
| Информации и комуникации | 1.446 | 107 | 51.353 | 41.859 | 35.214 | 28.195 |
| Финансиски дејност и дејности на осигурување | 390 | 24 | 55.252 | 53.645 | 37.583 | 36.245 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 485 | 42 | 37.145 | 36.179 | 25.183 | 24.495 |
| Стручни,научни и технички дејности | 5.817 | 546 | 39.808 | 30.133 | 27.488 | 20.345 |
| Административни и помошни услужни дејности | 1.514 | 147 | 20.438 | 21.172 | 14.002 | 14.495 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 258 | 23 | 37.056 | 36.062 | 25.054 | 24.364 |
| Образование | 1.025 | 118 | 31.309 | 29.584 | 21.235 | 20.059 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 3.315 | 428 | 33.839 | 32.460 | 23.104 | 22.044 |
| Уметност, забава и рекреација | 1.179 | 133 | 25.954 | 27.026 | 17.725 | 18.385 |
| Други услужни дејности | 4.147 | 378 | 34.716 | / | 23.573 | / |
| Вкупно | 71.290 | 8.268 | 31.025 | 29.173 | 21.145 | 19.804 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“

Највисоката исплатена просечна бруто и нето плата во 2013 година во Пелагонискиот плански регион е во секторот „Финансиски дејности и дејности на осигурување“ и изнесува во бруто вредност 53.645 денари. Веднаш после него следуваат платите во секторот „Информации и комуникација“, со бруто вредност од 41.859 денари и „Дејности во врска со недвижен имот“ од 36.179 денари. Најниски се платите во секторот „Трговија и останато“ и тоа со бруто износ од 19.303 денари во 2013 година.

# 8. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ОБРАЗОВАНИЕ И РАЗВОЈ

## 8.1 Социјална политика и развој

Бројот на население во Пелагонискиот регион во 2013 година во споредба со 2002 година е намален.Освен постојаното намалување на вкупниот број на население, регионот има убедливо најмал процент на население до 14 години во однос на останатите региони (само Источниот регион има помал).

Високиот процент на населението со 65 и повеќе години и коефициентот на старосна зависност дава јасна слика за стареењето на населението, бидејќи регион има убедливо највисока стапка кај двата параметри во периодот 2009, 2010 и 2011, а во 2012 и 2013 само Скопскиот регион има повисок коефициент на старосна зависност. Во целиот анализиран период, овој коефициент е далеку над државниот просек.

**Табела бр. 19. Параметри од социјалната сфера на Пелагонискиот плански регион со државниот просек за период 2009 – 2013 година**

| | Пелагониски регион | | | | | Просек на државно ниво (Република Македонија) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индикатор | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Население на возраст 0-14 (%) | 15,8 | 15,7 | 15,5 | 15,5 | 15,4 | 17,9 | 17,6 | 17,3 | 17,1 | 16,9 |
| Население на возраст 65+ (%) | 15,2 | 15,1 | 15,0 | 15,0 | 15,1 | 11,6 | 11,7 | 11,8 | 11,9 | 12,2 |
| Коефициент на старосна зависност | 44,9 | 44,4 | 44,0 | 43,7 | 44,1 | 41,8 | 41,3 | 41,0 | 40,9 | 41,1 |
| Живородени (на 1000 жители) | 11,2 | 10,8 | 9,9 | 10,1 | 9,7 | 11,5 | 11,8 | 11,1 | 11,4 | 11,2 |
| Умрени (на 1000 жители) | 12,7 | 12,7 | 12,9 | 13,3 | 12,2 | 9,3 | 9,3 | 9,5 | 9,8 | 9,3 |
| Бракови (на 1000 жители) | 6,6 | 6,2 | 6,3 | 6,2 | 6,1 | 7,3 | 6,9 | 7,2 | 6,8 | 6,8 |
| Разводи (на 1000 жители) | 0,5 | 0,8 | 0,7 | 1,1 | 0,9 | 0,6 | 0,8 | 0,9 | 0,9 | 1,0 |
| Стапка на смртност на доенчиња | 14,8 | 11,5 | 6,1 | 9,7 | 12,0 | 11,7 | 7,6 | 7,6 | 9,8 | 10,2 |
| Вкупна стапка на фертилитет | 1,6 | 1,5 | 1,3 | 1,4 | 1,38 | 1,5 | 1,6 | 1,5 | 1,5 | 1,48 |
| Просечна возраст на население | 40 | 40 | 40 | 40 | 40,3 | 37 | 37 | 38 | 38 | 38 |
| Просечна возраст на умрени | 73 | 73 | 74 | 74 | 73,4 | 71 | 72 | 72 | 72 | 72 |

Извор: Државен Завод за Статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“)

Природниот прираст на населението како разлика помеѓу бројот на живородените деца и бројот на умрените лица, како и бројот на склучени и разведени бракови за анализираниот период (2009 – 2013 година) го покажува трендот на стареење во регионот. Ваквата состојба реално во иднина ќе влијае во динамиката на економскиот и целокупниот развој на

регионот. Регионот според дефиниција е во „длабока старост“ и не успева да го постигне нивото на проста репродукција. Ваквиот тренд дополнително ќе ја услови потребата од зголемување на човечките и финансиските ресурси од социјалната и здравствената сфера, што би претставувало дополнително оптоварување на институциите и реалниот сектор.

Стапката на живородени деца истот така е во постојан пад, освен во 2012 година кога бележи раст од 0,2 (на 1000) и истата се движи под државниот просек. Бројот на бракови варира, но не го достигнува националното ниво, додека разводите имаат тренд на зголемување, освен во 2013 година кога бележи пад за 0,2 индексни поени во однос на 2012 година.

Стапката на смртност на доенчиња е исклучително висока и е над државниот просек во цел анализиран период. Највисок коефициент достигнува во 2009 година од 14,8 (на 1000) кој во споредба со националниот просек од 11,7 е повисок за 3,1 (на 1000).

Стапката на наталитет од 9,7‰ е меѓу најниските во државата и е далеку под националниот просек (пониска стапка имаат само Источниот и Југозападниот регион).

Стапката на морталитет е убедливо највисока во однос на останатите региони и изнесува 12,2‰ и е поголема од националниот просек. Стапката е исклучително висока иако бележи намалување во периодот од 2009 до 2013 година.

Природниот прираст на населението како разлика помеѓу бројот на живородените деца и бројот на умрените лица, како и бројот на склучени и разведени бракови за анализираниот период (2009 – 2013 година) го покажува растечкиот негативен тренд во регионот. Три од осумте региони имаат негативен природен прираст (Вардарски, Источен и Пелагониски). Стапката на природен прираст од -2,5% и стапката на тотален фертилитет во регионот во 2013 година изнесува 1,48 не обезбедува обновување на населението. Истиот тренд и коефициент е во целиот анализиран периодот 2009-2013 година.

Механичкиот одлив на населението иако има позитивен тренд е сепак незначителен, со што не придонесува за намалување или зголемување на бројот на население во значајна мера во регионот.

**Табела бр. 20. Демографски податоци за Пелагонискиот плански регион 2009-2013 година за механички прилив/одлив на население (доселено/отселено население)**

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Доселено население | 185 | 335 | 322 | 344 | 341 |
| Отселено население | 2 | 11 | 1 | 5 | 2 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“

Пелагонискиот регион во однос на внатрешните миграции бележи тренд на зголемување за 2.8% на доселено население во период 2009-2012 година но, во 2013 година значително е намален бројот на доселено население во регионот и тоа за 21.6% во однос на 2012 година. Бројот на доселено население во руралните општини во Пелагонискиот регион е во континуитет поголем во однос на бројот на отселено население од гореспоменатите општини. Причината за оваа ситуација можеби е несоодветната регистрација на мигрантите од страна на државата и одговорните институции при

евиденцијата на ваквите случаи. Законска обврска за регистрација, односно одјавување од местото на живеење (при иселување во странство) бараат лицата кои неможат да имат двојно државјанство во местото, односно државата каде мигрираат.

Во однос на отселено население од Пелагонискиот плански регион, ситуацијата е иста со таа на доселеното население, односно постои тренд на зголемен број на отселено население во период 2009-2012 година, додека во 2013 година намален е бројот на отселено население во однос на 2009 година. Во период 2009-2012 година бројот на отселено население се зголемува за 25.63% , додека стапката на отселено население во 2013 година се намалува за 22.4% во однос на 2012 година.

Состојбата со надворешните миграции[10] е спротивна во однос на внатрешните миграции, односно бројот на доселено население бележи раст од 85.95% во период 2009-2012 година и блага стагнација во 2013 година. Конкретните факти се дадени во Табела број 20. Карактеристика за севкупните миграции е дека бројот на отселено и доселено население во анализираниот период е доста низок и незначително влијае на структурата на население во регионот. Сепак генерална констатација е дека достапните податоци не ја одразуваат реалната слика на доселени и отселени во регионот.

Трендот на зголемување на деца згрижени во установи за згрижување и воспитување во Пелагонискиот плански регион е во постојан пораст во сите анализирани години (2009-2013 година). Меѓутоа, зголемувањето од 16,27% во анализираниот период е далеку под зголемувањето во другите региони и значително помал од националниот просек кој е поголем од 25%. Овој статистички податок може да се поврзе со генералниот заклучок за стареење на населението и намалениот природен прираст (намален наталитет и доста висок морталитет) во регионот.

**Табела бр. 21. Податоци за деца згрижени во установи за згрижување и воспитување во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион за периодот 2009 - 2013 година**

| Деца во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки, по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Република Македонија | 22 213 | 23 157 | 25 056 | 26 885 | 29 113 |
| Пелагониски регион | 1 899 | 1 951 | 2 037 | 2 074 | 2 268 |
| Процент (%) | 8,55 | 8,43 | 8,13 | 7,71 | 7,79 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“

**Табела бр. 22. Податоци за вработени во установи за згрижување и воспитување во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион за периодот 2009 - 2013 година**

| Вработени во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки, по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Република Македонија | 3 665 | 3 739 | 3 815 | 3 937 | 4 087 |
| Пелагониски регион | 330 | 349 | 345 | 339 | 346 |
| Процент (%) | 9,00 | 9,33 | 9,04 | 8,61 | 8,47 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“

[10] Надворешните миграции ги опфаќаат движењата на населението надвор од регионот

Трендот на вработени во установите за згрижување и воспитување деца е незначителен, со надолен тренд во последните три години (2011 – 2013 година).

Бројот на корисници на социјална помош по носител на домаќинство во Пелагонискиот плански регион драстично се намалува за повеќе од 67% во периодот 2009-2010година или повеќе од 65% кај корисници на социјална помош вклучувајќи ги членовите на домаќинството заедно со носителот на социјална помош. Како причина треба да се напоменат измените во Законот за сооцијална заштита (Сл. Весник на РМ 79/2009) со кој се заоструваат критериумите за остварување на правото на социјална помош.Од друга страна, како аргумент за намалување на бројот на корисници на социјална помош е континуираното зголемување на стапката на вработеност во периодот од 2010 до 2013 од 42,4% на 50,1%, односно вкупно зголемување од 7,7%. Соодветно на зголемувањето на стапката на вработеност, се намалува стапката на невработеност за истиот период од 33,6% на 22,2%, односно за вкупно 11,4%

Двата параметри даваат слика за можните причини за намалување на бројот на корисници на социјална помош.

**Табела бр. 33. Корисници на социјална помош според носител на домаќинство во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион за периодот 2009 - 2012 година**

| | Носител на домаќинството (број на домаќинства) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| Република Македонија | 49.515 | 44.940 | 36.991 | 33.717 |
| Пелагониски регион | 7.281 | 4.883 | 3.904 | 3.884 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“

**Табела бр. 34. Корисници на социјална помош според членови на домаќинство во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион за периодот 2009 - 2012 година**

| | Членови на домаќинството (заедно со носителот) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| Република Македонија | 193.220 | 176.431 | 153.385 | 133.539 |
| Пелагониски регион | 22.323 | 14.649 | 11.683 | 12.111 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“

Бројот на лица корисници на социјална помош според носител на на домаќинство, како и според бројот на членови на домаќинство (вклучувајќи го и носителот на социјална помош) има тренд на намалување во целиот анализиран период. Овој тренд е прекинат само во 2012 година кога бележи благ раст од 0,3% во однос на 2011 година.

Во однос на установи за згрижување стари лица во Пелагонискиот плански регион, постојат само две јавни установи за згрижување на овие лица. Капацитетите се прикажани во табела подолу.

**Табела бр. 35. Податоци за згрижени стари лица во јавни установи за згрижување во Пелагонискиот плански регионизa периодот 2009 - 2012 година**

| Корисници во јавни установи - домови за возрасни лица во Пелагониски регион | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Битола** | 142 | 146 | 142 | 156 |
| **Прилеп** | 136 | 131 | 147 | 126 |

Извор: www.mtsp.gov.mk/.../Files/lista_ustanovistari_lica.doc

Ако се земе во предвид фактот дека Пелагонискиот плански регион е „стар“ регион каде преовладува старо население, тогаш постоечките капацитети не ги задоволуваат потребите за згрижување на стари лица. Во регионот постојат две јавни институции (Битола и Прилеп) со капацитет од приближно 300 лица. Приватен дом за сместување на стари лица постои во село Кравари, но со помал капацитет. Според бројот на населени над 65 години во анализираниот период, сместувачките капацитети задоволуваат 0,85% од вкупната популација на таа возраст.

## 8.2 Образование и развој

### 8.2.1 Основно образование

Бројот на основни училишта во 2013 година во Пелагонискиот регион е 174 и претставува 17,61% од вкупниот број основни училишта во Република Македонија, што во апсолутна бројка е убедливо најголем во однос на другите региони. Бројот на запишани ученици во основно образование е доста висок и во учебната 2012/2013 година изнесува 19.875. Бројот на ученици по наставник е 10 и претставува поволен податок во однос на квалитетот на наставата.

Табела бр. 36. Показатели во сферата на основното образование на Пелагонискиот плански регион за период од 2009 – 2013 (учебна 2008/09 – 2012/13)

| Показатели | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 20012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на основни училишта | 172 [11] | 172 [12] | 171 [13] | 175 [14] | 174 [15] |
| Наставници во основно образование (%) | 11.2 | 10.8 | 11.2 | 11.8 | 11.7 |
| Запишани ученици во основно образование (%) | 10.1 | 10.1 | 10.1 | 11.7 | 10.3 |
| Број на ученици по училиште | 124 | 121 | 118 | 114 | 113 |
| Ученици во основно образование по наставник | 12 | 11 | 10 | 10 | 10 |

Извор: Државен Завод за Статистика на Република Македонија (Попис 2002 година и „Регионите во Република Македонија 2012 и 2014“)

Континуираното намалување на ученици по училиште и ученици по наставник во основното образование е во релација со претходните констатации за намален наталитет и континуирано стареење на населението. Овој тренд од една страна создава слика на соодветни услови на учениците и наставниците, меѓутоа во основа го одразува намалувањето на бројот на население и на младата популација во регионот.

### 8.2.2. Средно образование

[11] Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2009/2010 година

[12] Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2010/2011 година

[13] Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2011/2012 година

[14] Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2012/2013 година

[15] Податоците се однесуваат на редовните основни училишта на почетокот на учебната 2013/2014 година

Бројот на средни училишта во 2013 година во Пелагонискиот регион изнесува 17 и претставува 15,04% од вкупниот број средни училишта во земјата и воедно е најголем во Република Македонија. Бројот на запишани ученици е доста висок и во учебната 2012/2013 година изнесува 9.991. Бројот на ученици по наставник изнесува 11 и претставува поволен податок во однос на квалитет.

**Табела бр. 37. Показателиво сферата на средното образование на Пелагонискиот плански регион за период од 2009 – 2013 (учебна 2008/09 – 2012/13)**

| Показатели | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 20012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на средни училишта | 18 [16] | 17 [17] | 17 [18] | 17 [19] | 17 [20] |
| Наставници во средно образование (%) | 11.7 | 11.0 | 12.0 | 11.6 | 11.6 |
| Запишани ученици во средно образование (%) | 11.5 | 11.2 | 11.2 | 11.1 | 10.9 |
| Завршени ученици во средно образование (%) | 11.8 [21] | 11.2 [22] | 10.7 [23] | 10.7 [24] | 11.5 [25] |
| Ученици во средно образование по наставник | 12 | 11 | 10 | 10 | 11 |

Извор: Државен Завод за Статистика на Р. Македонија (Попис 2002 година и “Регионите во Република Македонија 2014“).

Пелагонискиот регион го прати трендот на континуирано намалување на бројот на запишани ученици во соновното и средното образование. Ваквиот тренд, според статистичките податоци е констатиран на ниво на цела држава, со исклучок на два региона.

**Табела бр. 38. Вкупно запишани ученици во основно и средното образование во Пелагонискиот плански регион за период од 2009 – 2013 (учебна 2008/09 – 2012/13)**

| Индикатор | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 20012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на запишани ученици во основно образование | 21.984 | 21.258 | 20.736 | 20.104 | 19.875 |
| Број на запишани ученици во средно образование | 10.906 | 10.924 | 10.586 | 10.444 | 9.991 |

Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија, 2014

---

[16] Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2009/2010 година

[17] Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2010/2011 година

[18] Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2011/2012 година

[19] Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2012/2013 година

[20] Податоците се однесуваат на редовните средни училишта на почетокот на учебната 2013/2014 година

[21] Податоците се однесуваат на завршените ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2008/2009 година

[22] Податоците се однесуваат на завршените ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2009/2010 година

[23] Податоците се однесуваат на завршените ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2010/2011 година

[24] Податоците се однесуваат на завршените ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2011/2012 година

[25] Податоците се однесуваат на завршените ученици во редовните средни училишта на крајот на учебната 2012/2013 година

8.2.3 Високо образование

Прикажаниот број на запишани (достапни податоци до 2011 година) и дипломирани студенти во 2013 година во споредбената анализа укажува на позитивниот тренд во Пелагонискиот регион во однос на високото образование. Според проценките на населението за 2013 година и бројот на дипломирани студенти на 1000 жители, Пелагонискиот регион е на второ место после Скопскиот регион. Фактот за толкав број дипломирани студенти во основа се должи на тоа што во Пелагонискиот регион постои Универзитет во самиот центар на регионот, како и близината на двата најголеми урбани центри со најгуст процент на населеност. Сепак, доколку ги погледнеме податоците за бројот на дипломирани студенти се забележува дека нивниот број се намалува во 2013 година во однос на бројот на дипломирани лица во 2009 година за 18,95%, и за 23,45% во однос на дипломирани студенти во 2011 кога бројот на дипломирани е највисок во анализираниот период. [26]

**Табела бр. 39. Индикатори во сферата на високото образование на Пелагонискиот плански регион за период од 2009 – 2013 (учебна 2008/09 – 2012/13)[27]**

| Индикатор | 2008/9 | 2009/10 | 2010/11 | 2011/12 | 20012/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на запишани студенти | 8.015 | 7.710 | 8.091 | / | / |
| Број на дипломирани атуденти | 1.378 | 1.300 | 1.459 | 1.243 | 1.117 |
| Број на дипломирани студенти на 1000 жители | 5.9 | 5.6 | 6.2 | 5.3 | 4.8 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014"

Образовната структура на населението во Пелагонискиот регион покажува дека и покрај неповолните демографски трендови, не претставуваат пречка за развој на квалитетни човечки ресурси. Образовните институции кои се наоѓаат во регионот претставуваат предуслов за создавање квалитетни човечки ресурси за развој на регионот во целост.

[26] Податокот е извлечен од податоците на следниов линк http://makstat.stat.gov.mk/ во делот за високо образование по региони

[27] Забелешка: Бројот и процентот на запишани и дипломирани студенти е според местото на живеење

# 9. ИНФРАСТРУКТУРА

## 9.1 Комунална инфраструктура

Основен проблем при изготвувањето на анализата за состојбите во инфраструктурата во Пелагонискиот плански регион беше недостатокот на релевантни и обработени информации. Поголем дел од податоците се од Пописот во 2002 година и од информации обезбедени од локалните самоуправи и Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион. Самите податоци не се систематизирани и класифицирани според однапред поставени параметри по кои се води евиденција и истите се различни во секоја од општините од каде се обезбедени. Поради тоа, наведените информации треба да се земат со одредена резерва.

Од собраните информации во Пелагонискиот плански регион има околу 605 км водоводна мрежа која во најголем дел ги покрива урбаните центри на општините. Врз основа на податоците од Пописот од 2002 година 95,7% од домаќинствата во овој регион се снабдени со вода за пиење преку организирани системи за водоснабдување.

Покриеноста на населението во урбаните средини со системи за вода за пиење се движи од 80% (Долнени), 95% (Битола), 98% (Прилеп), до 100% (Крушево и Демир Хисар), додека во руралните населби овој индикатор се движи од 30% до 80%. Дел од општините во овој регион (Долнени, Прилеп, Крушево, Демир Хисар и Кривогаштани) со вода за пиење се снабдуваат преку регионалниот водоснабдителен систем Студенчица. Како и во другите плански региони, дел од населените места во овој регион се соочуваат со проблемот од недостаток на вода за пиење кој е последица од несоодветни извори на вода (природни извори, бунари), превисока цена на чинење за приклучок на регионални или градски системи, како и поради високата просечна потрошувачка по жител и големите загуби на вода. Според претходните анализи во градот Битола тие загуби се движеа и до 60%[28] (моменталните загуби се намалени на 47%), додека пред реконструкцијата и целосната изградба на системот за водоснабдување во Прилеп загубите се движеа и повеќе од 50%. Со целосната изградба на системот за водоснабдување во градот Прилеп се реши еден од најголемите проблеми на овој урбан центар. Целиот проект беше реализиран во неколку фази,при што првичната фаза беше финансирана од KfW банката и кофинансирана од локалната самоуправа а завршната фаза беше финансирана од Буџетот на Република Македонија и фондовите на Европската Унија.

Во Пелагонискиот плански регион се лоцирани три поголеми акумулациони езера Стрежево, Прилеп и Суводол и повеќе помали акумулациони езера.

Состојбата во Пелагонискиот плански регион во однос на пречистувањето на отпадните води е доста лоша. Во целиот регион постои една поголема станица за пречистување на отпадни води во Ресен со капацитет од 30.000 еквивалент жители и две помали кои се лоцирани во општина Кривогаштани (за населеното место Кривогаштани) и пречистителната станица во Могила (за населеното место Могила), како и главната колекторска и секундарна мрежа. Овие пречистителни станици го решија проблемот во општинските центри, но не и во сите населени места.

[28] Јавно претпријатие „Водовод“ Битола

Помали пречистителни станици постојат, но истите се за мали стопански и хотелски комплекси, кои не влијаат на вкупната состојба со отпадните води во регионот и не се редовно во функција. Покриеноста на населението со пречистителни станици за отпадни води изнесува околу 5.0%, што е значително под националниот просек од 12.5%.

Вкупната должина на колекторска и градска канализациона мрежа во Пелагонискиот регион изнесува 490 км која претежно е лоцирана во урбаните центри на општините. Покриеноста на населението со канализациона мрежа во урбаните средини се движи од 98% во Прилеп (ги вклучува и должините кои се завршени и оние во изведба), до 100% во градот Крушево. Во руралните средини овој процент се движи од 0% до 80%. Во дел од руралните средини каде се користат септички јами истите не се со доволен капацитет и се прелеваат, а има појава и на директно испуштање на отпадните води во разните површински канали или на земјоделско земјиште.

Во фаза е реализацијата на прочистителната станица во Прилеп. Реализацијата на проектот е финансирана од ИПА фондовите на Европската Унија (Компонента III Регионален развој) и со средства од државниот буџет. Пречистителната станица е со капацитет од 95.000 еквивалент жители со што ќе се реши проблемот со отпадните води во Прилеп и неколку населени места во околината. Веќе се реализирани или се во завршна фаза 45 км од колекторската мрежа за отпадни води со сите пропратни објекти.

Реализацијата на проектот за доградба на колекторска мрежа и пречистителна станица во општина Битола е во фаза на целосна подготовка на документацијата и заокружување на финансиската конструкција.Треба да се земе во предвид дека реализацијата на ваков вид проекти е комплексна и долгорочна

Зголемувањето на количините за снабдување со вода во периодот 2010 и 2011 година во Пелагонискиот регион може да се должи на прибирањето и усогласувањето на податоци на регионално ниво. Количините вода во периодот 2011 и 2012 се стабилни иако во 2012 има зголемување од 0,55%.[29]

Од достапните податоци на регионално ниво се снабдувањето на вкупни количини со вода и заштита на водите од загадување.

Табела бр. 40 Снабдување со вода (во илјади м$^3$)

| | Вкупно РМ | Пелагониски регион | % |
|---|---|---|---|
| 2010 | 6.368.589 | 58.357 | 0,92 |
| 2011 | 5.869.979 | 29.368 | 0,50 |
| 2012 | 5.006.246 | 16.863 | 0,34 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2014“

Вкупните количини снабдена вода во анализираниот период во Пелагонискиот регион може да се должи на усогласувањето во прибирањето на податоци на регионално ниво, како и заради сушниот период во наведените години. Споредбено со количините на државно ниво само го покажува недостатокот од вода во регионот.

[29] Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014“

Табела бр. 41. Испуштена непречистена вода (во илјади $м^3$)

| | Вкупно РМ | Пелагониски регион | % |
|---|---|---|---|
| 2010 | 6.221.267 | 57.393 | 0,92 |
| 2011 | 5.062.710 | 29.010 | 0,57 |
| 2012 | 4.808.627 | 3.177 | 0,06 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2014“

Разликите од количините на снабдена вода со количините на испуштена непречистена вода ја даваат количината на вода која или се испушта како незагадена или истата се третира. Количините на испуштена непречистена вода во периодот 2010 и 2011 се многу високи односно и во двете наведени години изнесува над 99% од вкупната количина снабдена вода.

Цврстиот комунален отпад во Пелагонискиот плански регион се одлага на локалните или т.н. општински депонии, кои не ги задоволуваат ниту основните санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Ниедна од депониите нема подземен слој со кој ќе се заштитат почвите и подземните води. Најголема опасност претставуваат дивите депонии каде неконтролирано се одлага комунален и индустриски отпад кој влијае директно врз загадувањето на животната средина, а индиректно на здравјето на населението.

Во Пелагонискиот регион постојат 8 депонии кои се евидентирани согласно Националниот план за управување со отпад, а според ризикот за загадување на животната средина. Од вкупниот број депонии, 3 се класифицирани како ризични, додека 5 депонии се рангирани со низок ризик.

Иницијативата за изградба на регионална депонија во Пелагонискиот плански регион е започната и е во тек. Комплексноста и сензитивноста на проблематиката, регионалниот пристап изискуваше задоволувањето на повеќе критериуми ои треба да бидат исполнети. Проблематиката е во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање. Во 2014 година е формиран Меѓуопштинскиот одбор за Регионално интегрирано управување со отпад (РИУО) заради целосно воспоставување на регионален систем за управување со отпад. Во текот на 2014 година поднесена е и апликација до Европската Унија со која се предвидува подготовка на план за РИУО за Пелагонискиот плански регион.

## 9.2 Патна инфраструктура

Секторот транспорт е еден од најбитните сегменти за економски развој на една држава, вклучувајќи ги и регионите. Овој сектор во иста мера е важен и за подигнување на животниот стандард на населението и целокупен развој на една целна територија, во случајот Пелагонискиот плански регион.

Како многу важен сегмент за подобра меѓусебната и меѓународната поврзаност на регионот, како и за подобрување на квалитетот на животот за граѓаните во Пелагонискиот регион се двата патни гранични премини. Едниот со Република Албанија кај Стење и граничниот премин Меџитлија со Република Грција. Третиот граничен премин е железнички кај Кременица на границата со Република Грција и истиот не е во употреба. Според

постојните податоци од стратешките документи и акциските планови на Министерството за транспорт и врски и ЈП Македонски Железници, во наредниот период е планирана целосна реконструкција на оваа железничка линија и нејзино повторно пуштање во употреба.

Патниот транспорт треба да одигра клучна улога во создавањето услови за економски развој и подигнување на животниот стандард на населението.

Надлежни институции за патната инфраструктура во регионот се: Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта и општините. Јавните патишта според нивното државно, економско, стопанско и сообраќајно значење и нивната изграденост се поделени на државни и општински. Секоја од наведените институции е одговорна и ги има овластувањата за одредена патна инфраструктура определени со Закон. Како една од пречките за развој на патната инфраструктура на регионално ниво треба да се напомене директната надлежност на државните институции врз магистралната и регионалната патна инфраструктура. Со ова, надлежноста на регионалните институции (вклучувајќи ги и Центрите за развој на планските региони) и општините се сведува на ингеренции околу локалната патна и сообраќајна инфраструктура.

Според државното, економското, стопанското и сообраќајното значење, како и нивото на изграденост дел од државните патишта се категоризираат како автопатишта, експресни патишта и магистрални патишта (А-патишта) и служат за поврзување на Република Македонија со европскиот патен систем и одржување на континуитет на меѓународната патна мрежа (меѓународните коридори - Е патишта), и поврзување на патната мрежа со меѓународни патни гранични премини и сообраќајно поврзување со патиштата на соседните држави и региони.




Слика бр. 4. Патна карта на магистрални и регионални патишта

Државните патишта се поделени на: А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта), Р1 - Регионални патишта од прва категорија и Р2 - Регионални патишта од втора категорија.

Во прегледот подолу се наведени сите патишта по новата категоризација и должините кои се наоѓаат во Пелагонискиот плански регион.

Табела бр. 42 а - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта)

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во км |
|---|---|---|---|
| 1 | А1 | Граница со Р. Србија (ГП Табановци) – Куманово – Велес – Неготино – Демир Капија – Гевгелија – граница со Р. Грција (ГП Богородица) и делница Градско – Прилеп (врска со А2) | 26,5 |
| 2 | А3 | Крстосница Требениште (врска со А2) – крстосница Подмоље – Охрид – Косел – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево – граница со Бугарија (ГП Рамна Нива), и делница Битола (Крстосница Кукуречани) – граница со Р. Грција (ГП Меџитлија), делница Косел (врска со А3) – Охрид – граница со Р. Албанија (ГП Љубаништа) | 21,0 |
| **Вкупно А патишта** | | | **47,5** |

Табела бр. 42 б. Р1 - Регионални патишта од прва категорија

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во км |
|---|---|---|---|
| 1 | Р11 (Р1101) | Прилеп (врска со А1 и А3) – Битола – Макази - Царев Двор (врска со Р1307) | 75,00 |
| 2 | Р11 (Р1107) | Градско (Врска со А1) – Росоман – Кавадарци – Мушков Гроб – Витолиште – Лагово (врска со А3) | 61,00 |
| 3 | Р13 (Р1303) | Прилеп (врска со Р1101) - Македонски Брод - Кичево (врска со А2) | 44,00 |
| 4 | Р13 (Р1306) | Прилеп (врска со Р1303) – Кривогаштани – Крушево - Сладуево (врска со Р1305) | 50,60 |
| 5 | Р13 (Р1307) | Ресен (врска со А3) – Царев Двор – Отешево – граничен премин со Р. Албанија (гр. премин Стење) | 24,40 |
| 6 | Р13 (Р1308) | Макази (врска со А3) – Претор-граница со Р. Грција (ГП Маркова Нога) | 25,60 |
| 7 | Р13 (Р1311) | Битола (врска со Р1101) – Новаци - Маково-Чаниште - Расимбегов Мост (врска со Р1107)<br>Делница Рапеш – Старавина (врска со Р2338) | 47,70 |
| 8 | Р13 (Р1312) | Врска со А3 (Каратманово) – Велес – Извор – Прилеп (врска со Р1303) | 16,50 |
| **Вкупно Р1 – регионални патишта од прва категорија** | | | **344,8** |

Табела бр. 42 в. Р2 - Регионални патишта од втора категорија

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во км |
|---|---|---|---|
| 1 | **Р23 (Р2331)** | Битола (врска со Р1101) – Нижеполе – Пелистер – Брајчино – Љубојно (врска со Р1308) | 15,6 |
| 2 | **Р23 (Р2333)** | Битола (врска со А3) – Бистрица – Драгош | 42,25 |
| 3 | **Р23 (Р2335)** | Вашареица (врска со Р1101) – Бучин – Оршани – Кривогаштани – Ропотово (врска со Р1303) | 46,35 |
| 4 | **Р23 (Р2336)** | Стари Град (врска со Р1312) – Богомила – Ропотово (врска со 1303) | 52,50 |
| 5 | **Р23 (Р2337)** | Крушево (врска со Р1306) – Пуста Река – Пространје (врска со Р1305) | 35,20 |
| 6 | **Р23 (Р2338)** | Меџитлија (врска со А2к) – Гермијан – Старавина – Градешница – Бешиште – врска со Р1107 | 65,00 |
| 7 | **Р23 (Р2339)** | Ново Лагово (врска со Р1101) – Галичани – Оршани – Бучин – Граиште – врска со Р1305 | 30,80 |
| 8 | **Р23 (Р2340)** | Врска со Р1101 – Добрушево – Новаци – Бач – врска со Р2338 | 38,70 |
| 9 | **Р23 (Р2347)** | Кажани (врска со А3) – Лера – Стрежево – Црновец – Лопатица (врска со Р1305) | 21,30 |
| **Вкупно Р2 – регионални патишта од втора категорија** | | | **347,7** |

Табела бр. 42 г. Р29 - Регионални патишта

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во км |
|---|---|---|---|
| 1 | **Р29 (Р29172)** | Беловодица (врска со А1) – Дуње (врска со Р1107) | 23,10 |
| 2 | **Р29 (Р29175)** | Могила (врска со Р1101) – Будаково – врска со Р2340 | 11,60 |
| 3 | **Р29 (Р29371)** | Врска со А3 – Кривени – Слоештина – врска со Р1305 | 29,90 |
| 4 | **Р29 (Р29372)** | Врска со А3 – Ротино – Детско одморалиште – Бегова Чешма (Пелистер) | 9,40 |
| 5 | **Р29 (Р29376)** | Врска со Р1308 – Манастир Св. Ѓорѓија (Курбиново) – Манстир Св. Богородица – врска со Р1308 | 7,0 |
| **Вкупно Р29 – регионални патишта** | | | **81,0** |

Автопатишта во регионот не постојат. Единствена допирна точка со автопат е крстосницата/врската на магистралниот пат Градско – Прилеп (Р1107), кој во одредени секции е во лоша состојба. Регионалниот пат од прва категорија (Р1101) не е во добра состојба, односно патниот правец Битола – Ресен освен во одредени секции генерално е во загрижувачка состојба. Реконструкцијата и ревитализацијата на оваа делница ќе создаде

можност за зголемен и забрзан проток на стока и луѓе и подобри услови за економски развој, додека како дополнителна корист е можноста за развој на туризам, бидејки оваа е главна и најкратка комуникациска врска до Преспанското и Охридското езеро за населението и фирмите од Пелагонискиот и Вардарскиот регион, но исто така претставува најкратка врска до Преспанското и Охридското езеро и за компаниите од Источниот и Пелагонискиот регион кои превезуваат стока и луѓе во и од Пелагонискиот и Југозападниот регион, како и во Република Албанија.

Поради горенаведените состојби, магистралниот патен правец Битола – Ресен – Охрид и одреден дел од регионалниот патен правец Градско - Прилеп, ги става на врвот од приоритетите на регионот.

Состојбата на регионалните и локалните патишта во најголем дел е лоша и несоодветна. Неопходни се инвестиции за подобрување на патната мрежа за економски цели, безбеден проток на луѓе, како и за подобар пристап до културно-историските и туристички локалитети.

Сообраќајната сигнализацијата е исто така во лоша состојба и не нуди информации и знаци за точните правци, насоки и должина за одредени локации во регионот.

Вкупната должина на А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта) е 47,5 км, регионалните патишта од прва категорија се вкупно 344,8 км, додека регионалните патишта од втора категорија се со должина од 347,7 км или вкупно 820,5 км регионални патишта.

Низ овој регион е планирано да поминува дел од кракот X с од европскиот Коридор X, како и централната траса на коридорот VIII.

Во табелата подолу се прикажани податоци за должините на локалните патишта во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009 – 2013 година и процентот од вкупната должина на локални патишта во Република Македонија.

Табела бр. 43. Локална патна мрежа 2009-2013 година во км

| Година | Должина на локални патишта во Р. Македонија | Должина на локални патишта во Пелагониски регион | Процент од вкупната должина на локални патишта |
|---|---|---|---|
| **2009** | 9.258 | 1.147 | 12,39 |
| **2010** | 9.252 | 1.181 | 12,76 |
| **2011** | 9.300 | 1.206 | 12,97 |
| **2012** | 9.355 | 1.208 | 12,91 |
| **2013** | 9.471 | 1.211 | 12,79 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014“

Во анализираниот период од 2009 - 2013 година, вкупната должина на локални патишта е зголемена од 1.147 км на 1.211 км, односно со вкупно 64 км нова локална патна инфраструктура. Иако во ист момент има намалување на земјените патишта, тоа не се должи само на асфалтирање на истите, туку и на пробивање нови патни правци на локално ниво.

Табела бр. 44. Споредбени податоци на показатели за локалната патна инфраструктура во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009 – 2013 година

| Локална патна мрежа во км – Пелагониски плански регион | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Асфалт и коцка | 542 | 574 | 614 | 627 | 654 |
| Макадам | 123 | 111 | 97 | 93 | 70 |
| Земјани | 383 | 378 | 377 | 370 | 388 |
| Непросечени | 99 | 118 | 118 | 118 | 99 |
| **ВКУПНО** | **1.147** | **1.181** | **1.206** | **1.208** | **1.211** |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014"

Генерален заклучок е дека состојбата на локалната патната мрежа во регионот е на многу пониско ниво во однос на европските стандарди. Комуникациските врски се добри, меѓутоа состојбата на патиштата, вертикалната и хоризонталната сигнализација е во незавидна состојба.

Табела бр. 45 Целокупна патна инфраструктура во Пелагонискиот регион во однос на националната патна инфраструктура во 2013 година

| | Република Македонија | Пелагониски регион | % |
|---|---|---|---|
| А патишта | 1.153 | 47,5 | 4,12 |
| Регионални патишта | 3.771 | 773 | 20,50 |
| Локални патишта | 9.471 | 1.211 | 12,79 |
| **Вкупно** | **14.395** | **2.031,5** | **14,11** |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2014"

Од вкупно 14.395 км патна мрежа во Република Македонија, на територијата на Пелагонискиот регион поминуват 2.031,5 км или 14,32% со што може да се заклучи дека регионот е добро комуникациски поврзан. Сепак дел од регионалните патишта не се изградени или довршени. 654 км од локалните патишта или 50% се асфалт или коцка (макадам) што е задоволителен податок. Најлоша ситуација е во руралните средини, потпелистерските села и Мариово.

### 9.2.1 Просечен годишен дневен сообраќај (ПГДС)

Интензитетот на сообраќајот на државната патна мрежа се мери преку броење на сообраќајот што се спроведува секоја година. Броењето се врши со примена на автоматски бројачи и рачно од страна на вработените во ЈП Македонија пат.

Броењето на сообраќајот на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија се врши согласно методолошкото упатство од 2010 година (Државен завод за статистика - Броење на сообраќајот на патиштата, 2010).

Целта на броењето на сообраќајот на патиштата е да се соберат податоци кои ќе служат за следење на состојбите на патиштата, планирање на изградбата и одржувањето на патиштата за да се обезбеди безбеден сообраќај. Броењето се реализира секоја година континуирано на сите категории на патишта за повеќе категории на возила.

Збирните резултати од мерењата во 2010, 2011, 2012 и 2013 година за магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија и во Пелагонискиот регион се дадени подолу.

Табела бр. 46 а.Просечен годишен сообраќај (ПГДС) во Пелагонискиот регион во период 2010 – 2013

| Просечен годишен сообраќај (ПГДС) во Пелагонискиот регион во во период 2010 – 2013 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Магистрални | 17.622 | 12.159 | 8.940 | 11.047 |
| Регионални патишта | 16.423 | 24.924 | 24.748 | 19.346 |
| **Вкупно** | **34.045** | **37.083** | **33.688** | **30.393** |

Извор: Државен завод за статистика, „Транспорт и други услуги 2012"

Табела бр. 46 б. Пресек на просечниот годишен сообраќај (ПГДС) во Пелагонискиот регион во период 2010 – 2013

| Пресек на просечен годишен сообраќај (ПГДС) во Пелагонискиот регион | Период 2010 - 2013 |
|---|---|
| Магистрални | 12.442 |
| Регионални патишта | 21.360 |
| **Вкупно** | **33.802** |

Извор: Државен завод за статистика, „Транспорт и други услуги 2012"

Според податоците наведени за просечниот годишен сообраќај во Пелагониски плански регион во анализираниот период (2010 – 2013 година), забележливо е опаѓање на просечниот годишен сообраќај и тоа за 18,04% во 2013 година во однос на 2011. Најголемиот просечен годишен сообраќај е реализиран во 2011 година и изнесува 37.083 возила.

### 9.2.2. Категоризација на возила во 6 категории при мерењето на просечниот годишен сообраќај

Заради подобро квалитативно следење на сообраќајот, освен по бројност просечниот годишен дневен сообраќај се следи и според категории на возила. Подолу се наведени категориите на возила:

K1 – патнички возила

K2 – лесни товарни возила

K3 – автобуси

K4 – тешки товарни возила со две осовини

K5 – тешки товарни возила со три осовини

K6 – тешки товарни возила со повеќе од три осовини

### 9.2.3 Превезени патници преку патниот патнички сообраќај

Во анализираниот период 2009 - 2013 година бројот на регистрирани патници превезени со патниот патнички сообраќај варира во позитивна и негативна насока. Најголемиот број патници е превезен во 2011 година, и тоа 2.295.000 патници што претставува 14,67% од вкупно превезените патници во Република Македонија, додека најмалку патници имало во 2010 година1.457.000 или 10,81% од вредноста на национално

ниво. До 2012 година, бројот на превезени патници во Пелагонискиот регион варира со повторна тенденција на зголемување во периодот 2012 – 2013 година (26,50%).

**Табела бр. 47. Показатели за бројот на превезени патници во патниот патнички сообраќај во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009 - 2013**

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 11.607 | 13.474 | 15.644 | 15.594 | 16.052 |
| Пелагониски регион | 1.507 | 1.457 | 2.295 | 1.498 | 1.895 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014“

**Табела бр. 48. Показатели за бројот на превезени патници во такси превозот во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009 - 2013**

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 43.685 | 38.063 | 32.116 | 40.413 | 32.906 |
| Пелагониски регион | 1.542 | 2.519 | 3.772 | 3.024 | 1.732 |

Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014

Во анализираниот период од 2009 до 2013 година бројот на регистрирани патници превезени со такси превоз бележи пад во последните две години (2012 и 2013 година), додека најголемиот број на патници се превезени во 2011 година, и тоа3.372.000 патници. Во 2012 година намалувањето изнесува 19,83% во однос на 2011 година, а додека споредено со 2013 година намалувањето изнесува 54,08%.

## 9.3 Железничка инфраструктура

Поврзаноста на Пелагонискиот регион со железничка инфраструктура е на завидно ниво. Вкупната должина на железничка пруга во регионот изнесува 114 км, додека просечната густина 57,18 км/км$^2$ што е далеку над просекот во Република Македонија од 27 км/км$^2$. Подолу во табелата е прикажан дел од железничката инфраструктура на национално ниво.

**Табела бр. 49 Железничка сообраќајна инфраструктура во Република Македонија**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| Должина на железничка пруга во км | 696 | 696 | 696 | 696 | 696 |
| Број на железнички станици | 97 | 127 | 124 | 124 | 124 |
| Број на локомотиви | 56 | 53 | 55 | 53 | 43 |
| Број на патнички вагони | 124 | 110 | 64 | 61 | 68 |
| Број на товарни вагони | 1.494 | 1.323 | 1.144 | 1.007 | 1.011 |
| Превезени патници (во 000) | 1.448 | 1.523 | 1.512 | 1.421 | 1.013 |
| Превезена стока (во 000 тони) | 4.296 | 2.929 | 3.097 | 2.770 | 2.539 |
| Вкупен промет на стока (во 000 тони) | 2.662 | 2.182 | 2.198 | 1.903 | 1.876 |

Извор: Државен завод за статистика „Транспорт и други услуги 2012“

Железничкиот транспорт во Пелагонискиот регион, како и железничкиот транспорт на ниво на целата држава бележи континуиран пад. Трендот се однесува како за патничкиот, така и за товарниот превоз.

Најголем број патници се превезени во 2011 година и тоа242.000, и при тоа бројот на патници бележи пораст од 26% во однос на 2008 година. Во 2012 година намалувањето изнесува 35,12% во однос на 2011 година.

Табела бр. 50. Број на превезени (отпатувани) патници во железничкиот сообраќај во Пелагонискиот регион во периодот 2008 - 2012

| | Вкупно Република Македонија | Вкупно Пелагониски (Битола и Прилеп) | % |
|---|---|---|---|
| 2008 | 1.448.000 | 192.000 | 13,26 |
| 2009 | 1.523.000 | 225.000 | 14,77 |
| 2010 | 1.512.000 | 220.000 | 14,55 |
| 2011 | 1.421.000 | 242.000 | 17,03 |
| 2012 | 1.013.000 | 157.000 | 15,50 |

Извор: Државен завод за статистика „Транспорт и други услуги 2012“

Бројот на патници варира во анализираниот период, но сепак разликите не се драстични. Во периодот 2008-2009 превозот на патници во железничкиот сообраќај бележи пораст, исто како и во 2010 – 2011.

Табела бр. 51. Вкупен промет на стока во железничкиот сообраќај во Република Македонија и во Пелагонискиот регион (во тони)

| | Вкупно Република Македонија | Вкупно Пелагониски (Битола и Прилеп) | % |
|---|---|---|---|
| 2008 | 2.662.420 | 17.743 | 0,67 |
| 2009 | 2.182.302 | 16.797 | 0,77 |
| 2010 | 2.198.206 | 11.166 | 0,51 |
| 2011 | 1.902.581 | 11.176 | 0,59 |
| 2012 | 1.875.974 | 13.063 | 0,70 |

Извор: Државен завод за статистика „Транспорт и други услуги 2012“

Негативниот тренд во железничкиот сообраќај во однос на превозот на стока е евидентен во периодот до 2011 година. Во последната анализирана година, односно 2012 година, прометот на стока бележи раст од 14,45%.

Состојбата со железничкиот сообраќај во Пелагонискиот регион е задоволителна ако се споредува со останатите региони. Сепак, ако се земе генералната состојбата со железничката инфраструктура во Република Македонија која е исклучително лоша како во однос на железничките пруги, така и со возниот парк, тогаш е возможно подобрување особено во Пелагонискиот плански регион каде комуникациските врски и густината на железнички линии е на завидно ниво и далеку над националниот просек.

Можностите за подобро поврзување на Пелагонискиот регион е возможно со реконструкција на железничка линија Битола – Кременица (граница со Република Грција). Најавена е целосна реконструкција на оваа линија за која е заокружена финансиската конструкција. Освен правецот Битола – Кременица, пругата ќе се поврзе со крак до индустриската зона Жабени. Економската оправданост е повеќекратна, бидејќи со тоа ќе се обезбеди директен пристап до железничката инфраструктура и поврзување преку грчката страна до пристаништето во Солун.

## 9.4 Воздушна инфраструктура

Во околината на Битола и Прилеп се лоцирани два спортски аеродроми од класата А, кои се на тревна подлога. Постојат и три леталишта за стопанска авијација од кои две се лоцирани во околината на Битола – „Логоварди“ и „Даме Груев“, а едно во околината на Прилеп – „Сарандиново“. Дел од општините во регионот имаат релативно добар пристап до аеродромот „Св. Павле“ во Охрид во Југозападниот плански регион, кој после реконструкцијата има оптимални услови и капацитет кој може да придонесе во развојот на околните региони.

## 9.5 Енергетска инфраструктура

Количината на потрошена енергија во регионот во 2008 година изнесувала 154 GWh додека во 2012 година потрошувачката изнесувала 169 GWh што е зголемување од 8,8%. Инсталираниот капацитет за производство на електрична енергија во регионот е 712 MW, со континуиран доток на електрична енергија. РЕК “Битола“ со инсталиран капацитет од 3 блока x 225 MW, обезбедува 70% од целото производство во Република Македонија и 99% од производството во Пелагонискиот регион. Основниот ресурс на термо-електраната е лигнитот. Во регионот се проценети наоѓалишта на јаглен во Брод Гнеотино со 45 милиони тони и во Мариово 110 милиони тони. Во финална фаза на подготовка е техничка документација за искористување на топлинската енергија од термо-електраната на РЕК Битола преку вреловоди.

**Табела бр. 52. Вкупна потрошувачка на електрична енергија во Република Македонија и во Пелагонискиот регион во периодот 2008 – 2012 година (GWh)**

| | Електрична енергија во GWh | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| Република Македонија | 2.606 | 1.755 | 2.194 | 2.693 | 2.369 |
| Пелагониски регион | 154 | 148 | 149 | 156 | 169 |
| % од вк. потрошена ел. енергија | 5,91 | 8,43 | 6,79 | 5,79 | 7,14 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014“

**Табела бр. 53. Вкупна инсталирана моќност за производство на електрична енергија во Република Македонија и во Пелагонискиот регион во периодот 2008 - 2013 година**

| Капацитети за производство на електрична енергија (MW), по региони и години | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Инсталиран капацитет во MW | | | | | |
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Република Македонија | 1.562 | 1.593 | 1.846 | 1.849 | 1.913 | 1.938 |
| Пелагониски регион | 681 | 681 | 681 | 683 | 709 | 712 |
| % од вк. потрошена ел. енергија | 43,60 | 42,75 | 36,89 | 36,94 | 37,06 | 36,74 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014“

Во однос на енергетскиот хидро потенцијал, треба да се напомене дека на Црна Река е планирана изградба на две големи хидро централи, Чебрен и Галиште, кои и како инвестиција и како планиран инсталиран капацитет претставуваат огромен потенцијал за регионот.

Со своите 200 до 270 сончеви денови во годината, Пелагонискиот регион има огромен потенцијал за искористувањето на сончевата енергија. Во изминатиот период е изработена

физибилити студија од ЕЛЕМ за економска исплатливост за изведба на соларна термодинамична централа со инсталирана моќност од 50 MW. Соларната централа би произведувала енергија колку што во моментот произведува еден блок од термоелектраната РЕК Битола.

Поради големиот потенцијал во земјоделството, како и количините на биомаса која овој сектор ја произведува, може да се констатира дека производството на енергија од биомаса (биогас) како обновлив извор на енергија има огромен потенцијал во регионот. Во 2014 година веќе се издадени привремени решенија од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за производство на енергија од биогас во Пелагонискиот регион со инсталирана моќност од 4.999 kW.

# 10.ТУРИЗАМ И КУЛТУРА

## 10.1 Туристичка понуда на регионот

Во Пелагонискиот плански регион постои богато културно-историско наследство од различен вид. Посебно се издвојуваат архелошкиот локалитет Хераклеја, градската архитектура на Битола, традиционалната архитектура на Крушево, како и бројните цркви, манастири, урбани и рурални споменички целини, итн.

Природното наследство е претставено преку националните паркови, бројните споменици на природата од кои се издвојуваат Преспанското езеро, Маркови кули, неколку природни резервати, пештери, итн.

Разновидноста и богатството на културно-историското и природно богатство даваат висок потенцијал за развој на различни видови туризам (езерски, планински, манастриски, авантуристички, селски, итн.). Туристичката понуда на регионот е претставена во следната табела:

**Табела бр. 54. Потенцијал за туристичка понуда на Пелагонискиот плански регион**

| Потенцијал за развој на туризмот | Туристичка понуда на Пелагонискиот плански регион |
|---|---|
| Езера | Преспанско Езеро, Пелистерски Очи (леднички езера) |
| Заштитени подрачја и пештери | Национални паркови: Пелистер и Галичица<br><br>Заштитени подрачја: Маркови Кули, Мечкин Камен, Парк на природата Езерани, остров Голем Град, Градешка Река (Мостот во село Зовиќ), Локалитет Локви<br><br>Пештери: Рамниште, Самоска Дупка, Лесковечка пештера и Змеова пештера. |
| Планини и планински патеки | Планини: Баба, Галичица, Ниџе, Бушова планина, Бигла, Плакенска, Даутица и Илинска планина |

| | |
|---|---|
| | Пешачки патеки кои водат кон манастирите на планината Баба Планина:Патека Маловишта – Сливнички манастир, Патека Грнчари - Дупени Патека Трново - Маловишта; Патека Брајчино - Големо Езеро; патеките на Галичица и Бушова планина; Пешачка и велосипедска патека По камењарот, Патека на Баба Планина за downhill велосипедизам |
| Села со конкретна туристичка понуда | Брајчино, Љубојно, Долно Дупени, Сливница, Претор, Стење, Отешево, Манастир, Дихово, Маловиште, Нижеполе, Слепче , Крани, Магарево |
| Култура, културно наследство и културни настани | Историски и археолошки локалитети: На територијата на Пелагонискиот плански регион има неколку стотини археолошки локалитети. Најзначајни се: Хераклеја Линкестис –Битола, Маркови Кули – Прилеп, Кале “Св. Спас” – с.Зрзе, античкиот град Стибера кај с. Чепигово, Тврдината Пешта во Мариово, потоа Еврејските гробишта во Битола, Голем Град во Ресен,<br><br>Споменици на културата: Спомен куќа на Стив Наумов – Битола, Спомен куќа на Гоце Делчев – Битола, Градскиот саат - Битола, Могила на Непобедените – Прилеп, Градскиот саат - Прилеп, Спомен дом на Блаже Конески – село Небрегово, Споменик Илинден – Крушево, Споменик Мечкин Камен – Крушево, Споменик Македониум – Крушево, Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк – Битола, Куќата на Калеш Анѓа,Леарницата на оружје во Крушево<br><br>Цркви и манастири: Црква “Св. Димитрија” – Битола, Црква “Св. Пантелејмон” – Битола; Црква "Свето Благовештение" – Прилеп, Манастирскиот комплекс “Св. Преображение” – Крушево, Манастирскиот комплекс “Св. Архангел Михаил" – Прилеп; Манастир “Св. Атанасиј Александриски” помеѓу Демир Хисар и Крушево, Црква “Св. Ѓорѓи” с. Курбиново – Ресен, Манастирски комплекс “Св. Богоридица” с. Сливница – Ресен, Манастир Трескавец – Прилеп, Манастир “Св. Јован Претеча” с.Слепче - Демир Хисар, Црква “Св. Ана” с. Маловишта – Битола, Црква “Св. Петка” с. Маловишта – Битола, Црква “Св. Петка” – Брајчино – Ресен, Манастир “Преображение на Пресвета Богородица” с. Зрзе – Прилеп, Црква “Св. Димитриј” с. Магарево, Битола, Црква “Св. Никола” – Крушево<br><br>Џамии: Исак Џамија, Јени џамија, Ајдар-кади џамија (Битола), Чарши-џамија (Прилеп), Хаџирамаданова Џамија (Ресен)<br><br>Културни институции: Центар на култура Битола, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола; Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп; Центар на култура "Марко Цепенков” – Прилеп; "Центар за современа ликовна уметност" од Прилеп; Институт за Старословенска култура – Прилеп; Библиотека "Борка Талески" – Прилеп; Дом на култура "Наум Наумовски Борче" – Крушево; Меморијален музеј - Смилево, Етнолошки музеј на Јоне Ефтимовски - Подмочани, Приватна Библиотека АЛ-БИ - Бабино, Национална установа Универзитетска Библиотека Св. Климент Охридски Битола,Спомен куќа на Тодор Проевски – Крушево; Дом на култура "Драги Тозија" – Ресен; Дом на култура "Илинден" - Демир Хисар; Меѓународен центар за уметност и одржлив развој "Арт Поинт – Гумно”, Галерија Магаза; Уметничка галерија Никола Мартиноски, Крушево<br><br>Театри: Народен театар – Битола и Народен театар “Војдан Чернодрински” – Прилеп. |

| | |
|---|---|
| | Настани: Интернационален фестивал на филмска камера "Браќа Манаки" – Битола; Манифестација "Преспански јаболкобер"; Фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови" – Битола; Интерфест Битола, Фестивал на Монодрама во Битола,Фестивал на музика на светот, Битола Отворен град, Мал Битолски Монмартр, Интернационален детски музички фестивал "Ѕвездички"- Прилеп, Фестивал за народни песни и инструмени "Пеце Атанасоски" - Прилеп, Интернационален театарски фестивал „Актерот на Европа" - Ресен, "Крушево Етно град"; Прилепски карневал Прочка; Пиво фест – Прилеп; Фестивал "Бит-Фест" - Битола, Манифестација со франкофонска традиција "Солстис" – Битола; Театарски фестивал „Војдан Чернодрински" – Прилеп, Интернационален детски музички фестивал Тра – ла – ла Битола |
| Спорт | Солиден капацитет на спортски терени за индивидуални и екипни спортови. Регионот располага и со понуда за екстремни спортови: две обележани параглајдинг локации, болдеринг локација во Прилеп, патеки за планински и друмски велосипедизам, мото – крос стаза, ски центри: Копанки и Ниже Поле (Баба Планина), Суво Поле (Галичица) и Станич (Крушево) |
| Конференциски сали | Солидна понуда за организација на семинари, конференции и деловни презентации во Прилеп, Битола Ресен и Крушево |
| Ловишта | 49 ловишта од кои 17 за крупен дивеч и 32 за ситен дивеч |
| Риболов | Реки: Шемница, Црна Река и Градешка Река, Вештачко езеро Крушево, Преспанско Езеро, Прилепско езеро, Стрежевско езеро |

Од горенаведената табела може да се согледа дека во Пелагонискиот плански регион постои богата и разновидна туристички понуда од различни видови на туризам, а посебна улога и значење има авантуристичкиот туризам. Според Светската Асоцијација за авантуристички туризам, авантуристичкиот туризам се дефинира како патување кое вклучува барем две од следните три активности: интеракција со животната средина, интеракција и спознавање на локалната култура или физичка активност.

Земајќи го во предвид фактот дека авантуристичкиот туризам е најбрзорастечкиот вид на туризам (Глобален извештај на Светска турисктичка организација на Обединети Нации за 2013 година) и потенцијалите на Пелагонискиот регион, евидентно е дека овој регион треба да ја развива својата туристичка понуда во оваа насока.  За исполнување на таа цел, првите конкретни чекори беа направени од страна на ЦРППР, неговите партнери и засегнатите страни во регионот:

Беше развиена инфраструктура за креирање наконкурентна понуда од овој вид на туризам: обележани беа планински патеки на Баба Планина и Бушова планина, изградена беше регионална мото-крос стаза, изградени беа места за полетување и слетување на параглајдери (Трескавец и Крушево), дадена беше финансиска поддршка на понудувачи на туристички услуги во регионот за достигнување на законските стандарди за категоризација и изградени беа современи живеалишта и комплементарни објекти во Зоо Битола.

Исто така, реализирани беа и активности за промоција на авантуристичката понуда во регионот:  Подготвени и испечатени Каталог со цркви и манастири на Баба Планина, потоа мапи за обележаните патеки на Баба Планина, организиран промо-настан Откријте го

Крушево а регионот беше вклучен и во Авантуристичката Недела на Западен Балкан, во чии рамки регионалната туристичка понуда непосредно ја искусија повеќе од 20 светски тур-оператори и светски медиуми.

За време на Годишниот самит на Светската Асоцијација за авантуристички туризам одржан во Ирска во 2014 година, беше договорено Република Македонија (вклучително и Пелагонискиот регион) во 2016 година да биде домаќин на Регионален настан за поврзување на кој ќе учествуваат повеќе од 250 светски тур оператори и медиуми.

Од страна на ЦРППР и неговите партнери беше обезбедена и поддршка при организацијата на Источно-европско мото-крос првенство во Прилеп и организацијата на Светскиот куп во параглајдинг што се одржа на полетилиштето кај манастирот Трескавец.

## 10.2 Анализа на состојбите во туризмот и културата во периодот 2009 – 2013 година

За утврдување на состојбите во областа на туризмот и културата во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009 – 2013 година, анализирани и интерпретирани се група на показатели за утврдување на бројот на сместувачки капацитети во регионот, трендовите во угостителскиот сектор, пристигнувања и ноќевања на туристите, бројот на културни институции, нивната посетеност и друго.

### 10.2.1 Сместувачки капацитет

Капацитетот на објектите во кои се нудат услуги за сместување на гости се изразува во број на соби и број на легла, а во согласност со националната регулатива истите се поделени на основни и комплементарни сместувачки капацитети. Најголем дел од леглата во регионот се во групата основни сместувачки капацитети како што се хотели и мотели, но застапени се и легла во комплементарните сместувачки капацитети, како што се приватни соби и одморалишта на претпријатија и деца, а исто така и планинарски и ловни домови и куќи. Објектите за сместување во Република Македонија се категоризирани според системот на ѕвезди, меѓутоа и во Пелагонискиот регион, како и во целата држава, оваа категоризација на услугите за сместување не се применува целосно и не се следат докрај пропишаните меѓународни стандарди. ЦРППР има превземено конкретни чекори за подобрување на оваа состојба, преку информирање на релевантните субјекти од регионот за нивните обврските во однос на категоризацијата на објекти од мал обем.

**Табела бр. 55. Трендови кај капацитетите за сместување во Република Македонија и во Пелагонискиот регион во периодот 2009 - 2013**

| Сместувачки капацитет | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | | | | | |
| Број на соби | 26.390 | 26.189 | 26.448 | 26.877 | 26.887 |
| Број на легла | 69.561 | 69.102 | 69.737 | 70.287 | 70.297 |
| Пелагониски Регион | | | | | |
| Број на соби | 3.102 | 3.390 | 3.330 | 3.497 | 3.322 |
| Број на легла | 8.999 | 10.229 | 10.165 | 10.310 | 10.001 |

Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2014"

Од податоците прикажани во табелата се забележува дека во периодот од 2009 до 2013 година сместувачките капацитети во Пелагонискиот регион бележат тенденција на благо зголемување. Бројот на соби во 2013 година е зголемен за 7,09% во однос на 2009 година, а вкупниот број на легла е зголемен за 11,1%. Во однос на вкупниот сместувачи капацитет на Република Македонија, Пелагонискиот плански регион учествувал со 11,76 % во вкупниот број на соби во 2009 година, додека во 2013 година учеството малку пораснало и изнесува 12,36%. Состојбата е слична и во однос на вкупниот број на легла. Во 2009 година, 12,94% од вкупниот сместувачки капацитет по број на легла во државата е во Пелагонискиот плански регион, додека во 2013 година учеството на Пелагонскиот регион изнесува 14,23%.

Бројот на соби наспроти бројот на населението во регионот е еден од показателите за инвестициите во областа на туризмот. Бројот на соби на 1000 жители во 2013 година во Пелагонискиот плански регион изнесува 14, додека на државно ниво овој број е помал и изнесува 13,02.

### 10.2.2 Угостителски објекти

Според националната законска рамка угостителските објекти се поделени на: 1. Ресторани (ресторани, гостилници, ресторани за самопослужување, експрес ресторани, киосци, млечни ресторани, ресторан бавчи, летни бавчи, кебапчилници, бистро, пицерии, објекти за брза храна и слично); 2. Барови (кафеана, кафетерија, ноќен бар, кафе бар, кабаре, дискоклуб, дискоклуб на отворен простор, пивница и слично); 3. Кантини и 4. Други угостителски објекти за исхрана. Во 2012 година, во Пелагонискиот регион функционирале 121 угостителски објекти со 9.729 места за седење. Повеќето од рестораните имаат современ амбиент и ориентирани се кон брза храна, скара и меѓународна кујна. Забележливо е дека во регионот постои недостаток на традиционални ресторани со традиционална архитектура кои во целост ќе ја негуваат традиционалната кујна и традиционална народна музика.

Согласно важечката законска регулатива сите ресторани треба да бидат регистрирани и категоризирани согласно меѓународните стандарди за оценување со ѕвезди. Меѓутоа, спроведувањето на оваа категоризација се уште не се применува.

**Табела бр. 56. Трендови кај угостителските објекти во Република Македонија и во Пелагонискиот регион во периодот 2009 - 2012**

| Угостителски објекти | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | | | | |
| Деловни единици | 1.967 | 1.914 | 1.950 | 1.949 |
| Седишта | 110.354 | 115.309 | 117.006 | 118.755 |
| Работници | 12.039 | 12.250 | 12.308 | 12.441 |
| Вкупен промет во илјада денари | 7.636.016 | 7.352.408 | 7.816.343 | 8.166.264 |
| Пелагониски Регион | | | | |
| Деловни единици | 166 | 164 | 161 | 121 |
| Седишта | 11.746 | 11.831 | 11.902 | 9.729 |
| Работници | 1.101 | 1.143 | 1.039 | 826 |
| Вкупен промет во илјада денари | 628.177 | 523.969 | 442.447 | 410.077 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2014“

Погоре прикажаната табела содржи податоци за движењето на 4 показатели за утврдување на трендовите во угостителскиот сектор во периодот 2009 – 2012 година, во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион.

Бројот на деловни единици во регионот се намалува во текот на годините. Најголем број на угостителски објекти односно деловни единици регионот имал во 2009 година кога се евидентирани 166 угостителски објекти, а најголемо учество во вкупниот број на угостителски објекти на државно ниво, регионот остварил во 2010 година кога 8,6 % од вкупниот број на угостителски објекти во Република Македонија биле регистрирани на територијата на Пелагонискиот плански регион. Загрижува податокот дека учеството на Пелагонискиот регион во вкупниот број на угостителски објекти на ниво на држава се намалило на 6,2% во 2012. Бројот на седишта во угостителските објекти, во периодот од 2009 до 2011 година бележи тенденција на зголемување, но во 2012 година драстично опаѓа. Бројот на седишта е највисок во 2011 година, кога се евидентирани 11.902 места за седење распоредени во вкупно 161 објекти. Просечниот број на места за седење во угостителските објекти во регионот изнесува 74 седишта/ угостителски објект.

Бројот на вработени во угостителскиот сектор во 2010 година се зголемил за 4% во однос на претходната година, додека во 2011 година истиот се намалил за 9,1% во однос на претходната година. Во 2012 година бројот на вработени драстично се намалува за 20,5% и опаѓа под нивото на вработени во 2009 година. Најголем број вработени секторот има во 2010 година, кога 1.143 лица работеле во угостителството, односно 9,4% од вкупниот број на вработени во секторот на ниво на држава. Просечниот број на вработени во еден угостителски објект во регионот во 2010 година изнесува 7, додека на државно ниво е тој просек помал и изнесува 6,4.

Вкупниот регистриран промет во угостителскиот сектор во анализираниот период се намалува во континуитет во периодот 2009 - 2012 година. Највисок промет во овој сектор е регистриран во 2009 година, кога 166 објекти од регионот, пријавиле промет од 628.177.000 денари односно 8,23 % од вкупниот промет на овој сектор на ниво на држава. Вкупниот промет во угостителскиот сектор во 2012 година е намален за 34,7% во однос на 2009 година.

### 10.2.3 Пристигнувања и ноќевања на домашни и странски туристи

За анализата на трендовите во пристигнувањата и ноќевањата на туристите се користени податоци од Државниот завод за статистика, според кој туристи се лица кои остваруваат ноќевања во угостителски или друг објект кој дава услуги за ноќевања. Според тоа, во анализата не се опфатени излетници, екскурзијанти, транзитни патници и други туристи кои престојувале во регионот, но не оствариле ноќевање или пак ноќевањата не се евидентирани.

Бројот на туристи во Пелагонискиот плански регион во 2013 година изнесува 70.312, од кои 70,6% се домашни туристи, а 29,4 % се странски туристи. На државно ниво пак преовладуваат странските туристи кои оствариле 57% од вкупните регистрирани посети.

Табела бр. 57. Трендови во секторот туризам во Пелагонискиот плански регион, 2009 – 2013

| Показатели | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | | | | | |
| Вкупно туристи | 587.770 | 586.241 | 647.568 | 663.633 | 701.794 |
| Домашни | 328.566 | 324.545 | 320.097 | 312.274 | 302.114 |
| Странски | 259.204 | 261.696 | 327.471 | 351.359 | 399.680 |
| Вкупно ноќевања | 2.101.606 | 2.020.217 | 2.173.034 | 2.151.692 | 2.157.175 |
| Домашни | 1.517.810 | 1.461.185 | 1.417.868 | 1.339.946 | 1.275.800 |
| Странски | 583.796 | 559.032 | 755.166 | 811.746 | 881.375 |
| Пелагониски регион | | | | | |
| Вкупно туристи | 50.740 | 69.712 | 76.469 | 72.054 | 70.312 |
| Домашни | 38.902 | 55.546 | 61.384 | 52.422 | 49.635 |
| Странски | 11.838 | 14.166 | 15.085 | 19.632 | 20.677 |
| Вкупно ноќевања | 139.699 | 170.354 | 208.918 | 174.304 | 162.752 |
| Домашни | 114.439 | 138.164 | 171.830 | 126.306 | 112.637 |
| Странски | 25.260 | 32.190 | 37.088 | 47.998 | 50.115 |

Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија, 2013 и Публикација „Туризам во Република Македонија 2009 - 2013“

Од претходната табела може да се забележи:

- Вкупниот број на домашни туристи кои го посетиле Пелагонискиот плански регион во анализираниот петгодишен период изнесува 257.889 посетители. Овие посетители во разгледуваниот период реализирале 663.376 ноќевања односно просечната должина на престојот на домашните туристи во Пелагонискиот регион изнесувала 2,57 денови. На територијата на Република Македонија домашните туристи оствариле вкупно 1.587.596 посети, а од нив 16,2% биле во Пелагонискиот регион.
- Најголем број на посети од страна на домашните туристи во регионот е остварен во 2011 година. Бројот на посети на домашните туристи на Пелагонсикиот регион е променлив во периодот 2010 – 2013 година. Бројот на домашни туристи во 2013 година се зголемил за 27,5 % во однос на 2009, додека бројот на ноќевања реализирани од нив е намален за 1,57%. Во 2013 година домашните туристи просечно оствариле 2,2 ноќевања во регионот, за разлика од 2009 година кога и покрај релативно понискиот број на посети просечно се реализирани 2,9 ноќевања.
- Вкупниот број на странски туристи кои го посетиле Пелагонискиот регион во анализираниот петгодишен период изнесува 81.398 посетители. Овие посетители реализирале вкупно 192.651 ноќевања односно просечната должина на престојот на странските туристи во Пелагонискиот регион изнесувала 2,36 денови. На територијата на Република Македонија странските туристи оствариле вкупно 1.599.410 посети, а од нив 5% биле во Пелагонискиот регион.
- Бројот на посети на странските туристи на Пелагонискиот регион во периодот 2009 – 2013 година бележи тенденција на пораст. Имено во разгледуваниот период (2009-2013) бројот на странски туристи се зголемил за 74,6%, додека бројот на ноќевања реализирани од нив е зголемен за 98,3 %. Заради споредба, бројот на странски туристи на територијата на целата држава е зголемен за 54,19%.

### 10.2.4 Анализа на трендовите во културата

Во Табелата подолу прикажани се податоци за посетеноста на позначајните културни институции (на пр. кина, музеи и професионални театри) во РепубликаМакедонија и во Пелагонискиот регион- во периодот 2009 - 2013 година.

**Табела бр. 58. Трендови во културата во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион, 2009 – 2013**

| Културни институции / Број на посетители | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Република Македонија | Пелагониски регион | Република Македонија | Пелагониски регион | Република Македонија | Пелагониски регион | Република Македонија | Пелагониски регион | Република Македонија | Пелагониски регион |
| Кина | 10 | 1 | 11 | 1 | 13 | 1 | 14 | 1 | 12 | 2 |
| Број на посетители | 89.097 | 385 | 154.319 | 12.786 | 119.975 | 22.112 | 297.943 | 29888 | 424.517 | 26.620 |
| Број на посетители на 1000 жители | 43,4 | 1,6 | 75,1 | 54,6 | 58,1 | 94,6 | 144,5 | 128,3 | 205,9 | 114 |
| Музеи | 23 | 3 | 23 | 3 | 23 | 3 | 23 | 3 | 26 | 5 |
| Број на посетители | 229.283 | 16.950 | 229.283 | 16.950 | 229.283 | 16.950 | 229.283 | 16.950 | 490.602 | 77.530 |
| Број на посетители на 1000 жители | 111,6 | 72,3 | 111,6 | 72,3 | 111,6 | 72,3 | 111,6 | 72,3 | 237,9 | 333,3 |
| Професионални театри | 12 | 2 | 16 | 3 | 16 | 3 | 19 | 4 | 17 | 3 |
| Број на посетители | 227.644 | 49.540 | 213.712 | 41.225 | 326.584 | 51.800 | 249.058 | 58.715 | 205.468 | 45481 |
| Број на посетители на 1000 жители | 111 | 211,3 | 104 | 176 | 158,6 | 221,7 | 120,8 | 252,0 | 99,7 | 195,2 |

Извор: Државен завод за статистика, „Регионите во Република Македонија, 2012 и 2014". Публикација „Туризам во Република Македонија 2009 - 2013"

Според податоците од горенаведената табела може да се забележи дека во 2013 година во Пелагонискиот регион се наоѓаат 2 од вкупно 12 кина, 5 од 26 музеи и 3 од 17 театри. Нивната посетеност во анализираниот период е солидна и со тенденција на зголемување. Во 2013 година вкупниот број на посетители во кината бил 26.620 односно, 114 посетители на 1000 жители. Бројот на посетители во 5-те анализирани музеи е значително повисок и изнесува 77.530 односно 333,3 посетители на 1000 жители. Државниот завод за статистика регистрирал и 48.481 посетители на театарските преставиизведени во 2013 година, односно 195,2 на 1000 жители. Во однос на државниот просек посетеноста на културните институции во Пелагонискиот регион е далеку поголема.

Во прилог на претходно анализираната состојба во областа на културата во Пелагонискиот регион оди и фактот декаво регионот има и други културни институции, а посетите во поголем дел од музеите, галериите, театрите и културните настани во овие институции не се евидентирани бидејќи истите се со слободен влез.

# 11.ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## 11.1 Особености на земјоделскиот сектор во Пелагонискиот плански регион

Во Пелагонискиот плански регион се наоѓаат 17,7% од вкупно 650.000 хектари [30] обработливо земјоделско земјиште во Република Македонија.

Земјоделството е еден од приоритетните сектори во Пелагонискиот регион. Тоа учествува со 4% од вкупното производство во регионот и 5% во вкупното вработување во регионот.[31] Одличната земјоделска структура и климатски услови се главни фактори кои придонесуваат за успешниот развој на земјоделството во регионот. Во табела број 59 претставена е застапеноста на земјоделски површини по категории. Од Табелата бр. 59 може да се забележи дека најзастапени се обработливите површини[32] (53%) и пасиштата (47%). [33]

**Табела бр. 59. Категорија на земјоделска површина во Пелагониски плански регион изразена во хектари**

| Година | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| 1.Обработлива повр. | / | 112.078 | 111.987 | 115.191 |
| 1.1 Ораници и бавчи | 46.182 | 92.839 | 92.712 | 95.858 |
| 1.2 Овоштарници | 2.762 | 3.821 | 3.862 | 3.865 |
| 1.3 Лозја | 744 | 942 | 931 | 980 |
| 1.4 Ливади | 6.897 | 14.476 | 14.482 | 10.149 |
| 2.Пасишта | | 159.454 | 150.416 | 150.404 |
| **Вкупна земјоделска површина** | **56.585** | **383.610** | **374.390** | **376.447** |

Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2014"

Во Пелагонискиот регион се наоѓаат 14,54% од вкупниот број на земјоделски стопанства во Република Македонија (Табела бр. 60). При тоа, во овој регион се користи 97% од вкупното земјоделско земјиште, што е за 5% повеќе од искористеноста на национално ниво.

---

[30] Превземено од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во Република Македонија, http://www.mzsv.gov.mk/?q=node/556

[31] Податокот е извлечен од " Извештај за завршна оценка на имплементацијата на Програмата за развој на Пелагониски плански регион 2009- 2013 година" изработен од проектот ГИЗ- Регионален економски развој како дел од институционалната поддршка Министерството за локална самоуправа

[32] Во делот обработлива површина влегуваат точките 1.1 ,1.2 , 1.3 и 1.4

[33] Податоците презентирани табелата за 2011, 2012 и 2013 година се превземени од документот" Регионите во Република Македонија 2014", изработен од страна на Државен завод за статистика

Табела бр. 60. Големина на земјиште со коешто располагаат стопанствата во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион во 2013 година (ха)

| | Бр. на земјод. стоп. | Вкупно земјиште со кое располагаат стопанствата | Користено земјоделско земјиште | | | Не користено земјод. земјиште | Шумско земјиште | Друго земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Изнајмено | | | |
| **Република Македонија** | 170885 | 369270 | 315863 | 219827 | 96036 | 24663 | 27110 | 1634 |
| Индивидуален сектор | 170581 | 314638 | 266579 | 211993 | 54586 | 23193 | 23521 | 1346 |
| Деловни субјекти | 304 | 54632 | 49284 | 7834 | 41450 | 1470 | 3589 | 288 |
| **Пелагониски Регион** | 24 939 | 82979 | 79016 | 43136 | 35881 | 2544 | 1068 | 350 |
| Индивидуален сектор | 24849 | 62938 | 59487 | 42385 | 17102 | 2217 | 885 | 348 |
| Деловни субјекти | 90 | 20041 | 19529 | 750 | 18778 | 327 | 183 | 2 |

Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2014"

Во Пелагонискиот регион, земјоделството е економска активност на целото семејство. Најчесто како носител на индивидуално земјоделско стопанство се јавуваат мажи (90% од случаите, исто како и на национално ниво) со просечна старост од 57 години, додека пак на домаќинствата ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства се 64% жени со просечна возраст од 45 години и 36% мажи со просечна возраст од 33 години (табела бр. 61). Значајно е да се спомене дека 30% од членовите на домаќинствата ангажирани во индивидуалните земјоделски стопанства се помлади од 35 години, за разлика од 25% на национално ниво. Ова покажува тренд на вклучување на младите во земјоделски активности.

Табела бр. 61. Членови на домаќинства ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства, по пол и возраст во Р. Македонија и Пелагониски плански регион во 2013 година

| | **Индивидуални земјоделски стопанства** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Носител на индивидуално стопанство** | | | | **Членови на домаќинство** | | | |
| | Број на мажи | Број на жени | Просечна возраст | | Број на мажи | Број на жени | Просечна возраст | |
| | | | Мажи | Жени | | | Мажи | Жени |
| **Република Македонија** | 148.859 | 18.724 | 57 | 61 | 99.682 | 169.577 | 35 | 47 |
| **Пелагониски Регион** | 22.303 | 2.413 | 57 | 59 | 17.607 | 30.732 | 33 | 45 |

Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, „Регионите во Република Македонија, 2014"

Значителни култури кои се произведуваат во Пелагонискиот плански регион во однос на вкупното производство на национално ниво во периодот 2009-2013 се:

- Маслодајна репка (99%)
- Јаболка (67-71%)
- Соја (61%)
- Сончоглед (58%)
- Тутунот (47-49%)
- Пченицата (25-36%)
- Кромид (23-28%)

- Пиперки (22-24%)
- Круши (12-24%)
- Ореви (16-24%)

Драстична промена во учеството во националното производство има кај крушите и вишните,во периодот 2009-2013 нивното производство се преполовило. Додека кај оревите има зголемување од 16% во 2011 на 23% во 2013 година.

Производството на грозје, како втора значајна овоштарска култура во Пелагонискиот регион, забележува флуктуација во период 2009-2013 година. Сродно и производството на пченка бележи преполовување во периодот 2009-2012, и потоа опоравување на производството во 2013 година. Производството на краставици бележи константно опаѓање во минатиот период.

**Табела бр. 62. Производство на одделни житни, индустриски и градинарски култури во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009- 2013 година (тони)**

| Година | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пелагониски | република Македонија | Пелагониски | република Македонија | Пелагониски | република Македонија | Пелагониски | република Македонија | Пелагониски | република Македонија |
| Пченица | 89954 | 271117 | 61932 | 243137 | 87042 | 256103 | 76734 | 214963 | 86474 | 258960 |
| Пченка | 21355 | 154237 | 16897 | 129045 | 14618 | 126096 | 11283 | 115928 | 16692 | 131043 |
| Тутун | 11783 | 24122 | 13977 | 30280 | 11469 | 26537 | 12836 | 27333 | 13746 | 27859 |
| Компир | 25100 | 204717 | 24608 | 200125 | 20729 | 192675 | 21773 | 168859 | 22190 | 189590 |
| Кромид | 11117 | 41863 | 12205 | 47432 | 11076 | 44540 | 12188 | 43732 | 11674 | 50787 |
| Домати | 6604 | 145395 | 7089 | 168010 | 7120 | 165642 | 7191 | 145818 | 6837 | 130960 |
| Пиперки | 37293 | 154771 | 38523 | 168150 | 34747 | 153842 | 37317 | 166247 | 36752 | 152153 |
| Краставици | 2807 | 41494 | 2237 | 46635 | 1937 | 49879 | 1739 | 50093 | 1606 | 36834 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Од аспект на застапеност, т.е. произведени количини, на прво место на застапеност во разгледуваниот период 2009-2013 година е пченицата, па јаболката, пиперките, компирот, пченката, тутун, грозјето. Во табелите што следат сепретставени детали по култура.

**Табела бр. 63. Производство на одделни индустриски и фуражни култури во Република Македонија и во Пелагонискиот плански регион во 2013 година (тони)**

| Година | 2013 | |
|---|---|---|
| | ППР | Р.М |
| Јачмен | 6.406 | 38.132 |
| Овес | 29 | 2.252 |
| Сончоглед | 2.166 | 3.759 |
| Соја | 14.959 | 24.717 |
| Маслодајна репка | 2.620 | 2.626 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Табела бр. 64. Производство на овошје во Пелагонискиот плански регион за периодот 2009- 2013 година (тони) [34]

| Година | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пелагониски | Република Македонија | Пелагониски | Република Македонија | Пелагониски | Република Македонија | Пелагониски | Република Македонија | Пелагониски | Република Македонија |
| Цреши | 1073 | 5587 | 1014 | 5701 | 894 | 6019 | 373 | 5539 | 759 | 6037 |
| Вишни | 1636 | 8684 | 1490 | 5207 | 1253 | 6514 | 1342 | 8127 | 958 | 8867 |
| Кајсии | 212 | 2950 | 227 | 2996 | 221 | 3747 | 182 | 4503 | 191 | 3968 |
| Јаболка | 74140 | 106356 | 80842 | 121383 | 84050 | 124552 | 90059 | 127171 | 77975 | 112929 |
| Круши | 1965 | 8313 | 1476 | 7586 | 996 | 7460 | 836 | 6937 | 985 | 7265 |
| Сливи | 6445 | 35610 | 6229 | 38431 | 5883 | 35448 | 5681 | 35444 | 6973 | 38902 |
| Праски | 896 | 10266 | 786 | 16211 | 659 | 9039 | 195 | 8987 | 767 | 11034 |
| Ореви | 934 | 4981 | 1080 | 5769 | 903 | 5480 | 1204 | 4952 | 1245 | 5467 |
| Грозје | 11297 | 253456 | 9401 | 253372 | 8467 | 235104 | 6430 | 240461 | 9085 | 292075 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Пелагонискиот регион има одлични предуслови за развој на сточарството. Покрај развиеното сточарство, развиена е и индустријата за преработка на млеко и млечни производи, која има голем извозен потенцијал. Загрижувачки за регионот е тоа што во периодот 2009-2013 година се бележи намалување на бројот на сите животни за приближно 30%. Бројот на коњи, свињи, кози и живина постојано се намалува во периодот 2009-2013, додека пак бројот на говеда и пчелни семејства е во постојан раст.[35] Пелагонискиот регион е значителен одгледувач на говеда и овци на национално ниво, со соодветна застапеност од 24% и 18%.

Табела бр. 65. Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства во Република Македонија и во Пелагонискиот регион во 2013 година

| | 2013 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Коњи | Говеда | Свињи | Овци | Кози | Живина | Пчелни семејства |
| Република Македонија | 20.682 | 238.333 | 167.492 | 731.828 | 75.028 | 2.201.550 | 68.294 |
| Пелагониски регион | 3.082 | 56.988 | 8.246 | 133.788 | 2.006 | 312.466 | 974 |
| | 15% | 24% | 5% | 18% | 3% | 14% | 1% |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

[34] Податоците се превземени од страната на Државен Завод за Статистика на Р. Македонија

[35] Податоците изразени во проценти се извлечени од следниот линк http://makstat.stat.gov.mk/ , во делот вкупен број на добиток во Пелагониски Плански Регион

## 11.2 Рурален развој

Согласно пропишаните критериуми за рурални населени места и рурални територии кои се дефинирани во соодветните законски рамки, пред се со Законот за земјоделство и рурален развој и релевантните подзаконски акти, територијата на Пелагонискиот регион е доминантно рурална територија. Законските критериуми што го дефинираат руралното подрачје и руралните населени места се ускладени со критериумите на ОЕЦД и ЕУ и тие го дефинират руралното подрачје како територија со густина на населеност под 150 жители на км$^2$, додека за населено место со рурален карактер се зема критериумот за населено место кое има под 3.000 жители. [36]

Ваквите критериуми ја дефинираат целата територија на регионот како рурална територија доколку се земе во предвид фактот дека просечната густина на населението изнесува 49,3 жители на км$^2$. Сепак според утврдени критериуми од Законот за територијална организација на локалната самоуправа (член 6), одредени населени места во општините во Пелагонискиот плански регион се градски, односно урбани населени места.

Во Пелагонискиот регион има 5 населени места со карактеристика на градови: Битола, Прилеп, Крушево, Ресен и Демир Хисар кои зафаќаат урбана површина од 80 км$^2$ или 1,7%, од вкупната површина на регионот, на кој е сконцентрирано 67,6% од вкупното население. На останатиот рурален простор отпаѓа површина од 98,7% (4.637 км$^2$) кој го сочинуваат 338 селски-рурални населби со вкупно население од 75.287 жители.

Во двата града Битола и Прилеп се сконцентирани 144.254 жители или 89,6% од вкупното урбано население на регионот.

[36] Закон за теритиријална организација на локалната самоуправа во Република Македонија Сл. весник 55/2004 од 17.08.2004 година

# 12.ЖИВОТНА СРЕДИНА

Чистата животна средина и заштитата на природните ресурси се значаен предуслов за развој на Пелагонискиот плански регион. Чистата животна средина влијае кон подобрување на квалитетот на животот и здравјето на луѓето, така што општините од овој регион своите активности треба да ги насочуваат кон заштита и унапредување на животната средина.

Разумното користење на ресурсите и одржување на националните богатства како, националните паркови Галичица и Пелистер, Меѓународниот парк – биосферен резерват Преспа, Преспанското Езеро, реките Црна и Драгор, убавите предели на Баба Планина, Илинска Планина, градот Крушево, островот Голем Град се главен сегмент за развој на здрава животна средина.

Основен проблем за одржување и развивање здрава и чиста животна околина претставува комуналниот отпад, отпадните води и загадувањето на воздухот.

Управувањето на комуналниот отпад во Пелагонискиот регион е директно поврзано со работата на Јавните комунални претпријатија и постоењето на дивите депонии.Количината создаден комунален отпад бележи зголемување во текот на периодот 2009-2013 година. Позитивен тренд во управувањето со отпад е зголемувањето на процентот на собран отпад од вкупниот создаден отпад кој пораснал за 3.55% во текот на периодот 2009-2013 (види табела подолу).

**Табела бр. 66. Собран и создаден комунален отпад во Пелагонискиот плански регион во периодот 2009-2013 година (тони)**

| Година | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Собран комунален отпад | 67.758 | 71.499 | 65.066 | 72.176 | 69.594 |
| Создаден комунален отпад | 82.882 | 85.104 | 77.010 | 85.360 | 81.594 |
| Процент на собран отпад од создаден | 81,8% | 84,0% | 84,5% | 85,6% | 85,3% |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија, http://makstat.stat.gov.mk

При тоа, во изминатиот период најголемо учество во создавањето на опасен комунален отпад има индустријата за снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, додека во сегментот на неопасен комунален отпад тоа е преработувачката индустрија. Загрижувачки е енормното зголемување на опасен отпад во сите категории.

**Табела бр. 67. Преглед на создаден комунален отпад за одредени индустрии во Пелагонискиот плански регион за 2010 и 2012 година[37] изразен во тони**

| | 2010 | | 2012 | |
|---|---|---|---|---|
| Категорија / Индустрија | Неопасен | Опасен | Неопасен | Опасен |
| Рударство и вадење камен | 21.06 | 1.80 | 43.3 | 7.07 |
| Преработувачка индустрија | 9679.42 | 7.75 | 6 129.14 | 17.51 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 3 947.00 | 16.50 | 3 287.40 | 1555.69 |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија, http://makstat.stat.gov.mk

[37] Податоците се превземени од страната на Државен завод за статистика на Република Македонија

Најголемо загадување има кај реките Црна река и Драгор. Биохемиската потрошувачка на кислород која е мерка за загаденоста во реката Црна во текот на годините бележи намалување (претставено во Графикон број 2 подолу), и истата во 2013 година се движи околу 2% што е резултат на зголемената ефикасност во пречистувањето на урбаните и индустриските отпадни води во регионот, како и зголемената заштита на речните басени.

**Графикон бр. 2. Споредба на биохемиската потрошувачка на кислород во реките Вардар, Црна Река и Брегалница за период 2002- 2013 година**[38]




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Пелагонискиот регион располага со три пречистителни станици во Ресен, Кривогаштани и Могила, а во тек е изградбата на пречистителна станица во Прилеп. Покриеноста на населението со пречистителни станици за отпадни води изнесува 5.4%, што е доста под националниот просек кој изнесува 12.5%.[39] Покриеноста на населението со канализациона мрежа во урбаните средини се движи од 75% до 100% во градот Крушево, додека во руралните средини се движи од 0% до 80% 17, каде во најголем број случаи како решение за отпадните води се користат септичките јами. Проблемот со отпадните води освен загадувањето на почвите влијае и на загадувањето на подземните води, тоа пак придонесува до контаминирање на приносите од земјоделското производство бидејќи отпадните води од септичките јами се одложуваат во суводолици и потоци.

Загадувањето на воздухот во Пелагонискиот е предизвикано од повеќе причини: РЕК Битола, рудникот Суводол, транспортот, текстилните и прехранбените индустрија. Еден од идентификуваните проблеми во оваа област е немањето соодветни системи за континуирано и прецизно мерење на загадувањето на воздухот на повеќе точки низ регионот поради што не постојат релевантни показатели.

РЕК Битола придонесува кон загадувањето на воздухот со испуштање на големи количини сулфур диоксид.[40] Пелагонискиот регион спаѓа во Западната зона заедно со Југозападниот и Полошкиот плански регион. Според мерењата за оваа зона, во периодот

---

[38] Графиконот е превземен од следниов линк http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDFSG2014/02-ZivotnaSr-Environment.pdf

[39] Податокот е извлечен од " Извештај за завршна оценка на имплементацијата на Програмата за развој на Пелагониски плански регион 2009- 2013 година" изработен од проектот ГИЗ- Регионален економски развој како дел од институционалната поддршка Министерството за локална самоуправа

[40] Податокот е превземен од „Извештај за оценка на квалитетот на воздухот 2012" , Министерство за животна средина

2009-2010 година намалена е концентрацијата на сулфур диоксид во Битолскиот регион (мерни точки Битола 1, Битола 2).

**Графикон бр. 3. Просечни годишни концентрации на сулфур диоксид во Западна зона за период 2005-2010 година**




## 12.1 Биодиверзитет во Пелагонискиот регион

Пелагонискиот Регион благодарение на НВО, донатори, општините и развојните фондови води грижа за заштита на националните богатства кои се наоѓаат во вој регион. Регионот има 4 заштитени подрачја и тоа: Националниот парк „Пелистер“, Националниот парк „Галичица“, „Езерани“ (Парк на природата) и „Охрид- Преспа“ биосферен резерват. Овој резерват е 14- тиот по ред светски преку-граничен биосферен резерват заштитен од УНЕСКО. Преку граничниот биосферен резерват „Охрид - Преспа“ ги опфаќа сливните подрачја на Охридското и Преспанско Езеро, со површина од 446.244 хектари на албанска и македонска страна од сливното подрачје на овие две езера. На територијата на резерватот се евидентирани над 450 илјади жители, во 26 единици на локална самоуправа на албанска, како и шест на македонска страна.[41] Подрачја со културно наследство заштитени со закон се село Смилево (како историска целина) и село Коњско, Ресен (како урбанистичка целина) . Покрај нив постојат и подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон како природниот резерват „Езерани“ (Ресен), Споменик на природата „Маркови Кули“ (Прилеп) и градот Крушево кој целосно е заштитен со Законот за град Крушево. Согласно дефинираната Емералд[42] мрежа на подрачја со посебен интерес за зачувување, од идентификуваните 35 локалитети во Пелагонискиот регион спаѓаат: Езерани, Преспа, Пелистер, Пелагонија, Маркови Кули.[43]

Во Пелагонискиот регион се наоѓаат два национални парка, националниот парк „Пелистер“ и националниот парк „Галичица“.Присуството на голем број реликтни и ендемични видови на флора и фауна се меѓу највпечатливи одлики на Националниот парк Пелистер.. Ендемичните видови главно се регистрирани кај без’рбетниците. Бројноста на

[41] За подетални информации видете http://park-pelister.com/novosti/momentalni-aktivnosti.html
[42] Мапа на Емералд мрежата во Македонија http://www.eea.europa.eu/soer/countries/mk/nature-protection-and-biodiversity-state/nature-protection-and-biodiversity-state-2/map-1-national-emerald-network-1/view
[43] За подетални информации посетете го следниов линк http://www.eea.europa.eu/soer/countries/mk/nature-protection-and-biodiversity-state

дивечот во националниот парк „Пелистер“ е застапен со 44 вида од кои 14 видови се трајно заштитени. Во националниот парк „Галичица“ се наоѓаат 61 видови дивеч кои се трајно заштитени.

**Табела бр. 68. Застапеност на животни по видови во Пелагонискиот плански регион во периодот 2010-2013 година**

| | Година | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вид на животно** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Елен обичен | 12 | 8 | / | / |
| Елен лопатар | / | / | / | 30 |
| Срна | 288 | 295 | 585 | 509 |
| Дива Коза | 45 | 30 | 69 | 43 |
| Мечка | 26 | 30 | 47 | / |
| Рис | / | / | 1 | / |
| Дива свиња | 376 | 619 | 309 | 335 |
| Зајак | 619 | 366 | 2.457 | 380 |
| Полска еребица | 940 | 320 | 3.573 | 470 |
| Еребица камењарка | 387 | 318 | 898 | 441 |
| Лештарка | / | / | 83 | 10 |
| Фазан | 1.100 | 294 | 23 | 11 |
| Волк | 27 | 16 | 97 | / |
| Јазовец | 15 | 40 | 20 | / |
| Лисица | 115 | 28 | 373 | / |
| Куна | 127 | / | 108 | / |
| Видра | / | / | / | / |
| Ласица | / | / | / | / |
| Сокол и јастреб | 40 | 40 | 40 | / |
| Свраки врани и сојки | 60 | 60 | 60 | / |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

## 13. ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ

Врз основа на член 6 став(4) и (5) од Законот за рамномерен регионален развој, Владата на Република Македонија на одржаната седница на 10.02.2014 година ја донесе одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија за периодот 2014 -2016 година[44].

Според оваа одлука, во член (2) наведени се подрачјата со специфични развојни потреби, и тоа:

- Погранични, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот;
- Подрачјата со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон; и
- Други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон.

Во Пелагонискиот плански регион се утврдени неколку подрачја според категоризацијата: подрачја со природни богатства и кулурно наследство кои се заштитени со закон како и други подрачја со спрецифични развојни потреби утврдени со закон.

Населените места кои се наоѓаат во пограничните, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот наведени се во Листата бр.1 како составен дел на одлуката и тие се објавени во Службениот весник на Република Македонија бр. 33/2014.

**Табела бр. 69. Подрачја со специфични развојни потреби во Пелагонискиот регион, 2014 - 2016**

| Општина | Подрачја со специфични развојни потреби |
|---|---|
| **Битола** | **Ридско- планински**: Братин Дол, Брусник, Гопеш, Граешница,Драгош, Древеник, Ѓавато, Злокуќани, Кажани, Кишава, Магарево, Маловиште, Метимир, Нижеполе<br>**Погранични**: Кременица, Лажец, Драгош, Кишава, Меџитлија<br>**Рурални**: / |
| **Долнени** | **Ридско –планински:** Зрзе, Маргари, Горно Село, Гостиражни, Дреновци, Мало Мраморани, Стровија, Лажани<br>**Погранични:** /<br>**Рурални:** Бело Поле, Браилово, Вранче, Горно Село, Гостиражни, Дабјани, Дебреште, Десово, Долгаец, Долнени, Дреновци, Дупјачани, Жабјани, Житоше,<br>Забрчаник |
| **Кривогаштани** | **Ридско- планински:** /<br>**Погранични:** /<br>**Рурални:** Бела Црква, Боротино, Воѓани, Врбјани, Годивје, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Мирче Ацев, Обршани, Пашино Рувци, Подвис, Славеј |
| **Крушево** | **Ридско- планински:** Арилево, Белушино, Бирино, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Острилци, Пуста Река, Селце, Норово, Јакреново<br>**Погранични:** /<br>**Рурални:** / |
| **Могила** | **Ридско- планински**: Мојно<br>**Погранични: /**<br>**Рурални:** Алинци, Беранци, Будаково, Вашарејца, Горна Чарлија, Долн, Чарлија, Дедебалци, Добрушево, Долно Српци, Ивањевци, Лознани, Могила, |

[44] Службениот весник на Република Македонија бр. 33/2014

| Општина | Подрачја со специфични развојни потреби |
|---|---|
| | Мојно |
| **Новаци** | **Ридско-планински:** Брник, Будимирци, Гнилеж, Грумази, Груништа, Ивени, Мегленци, Орле, Петалино, Полог, Совиќ, Старавина, Арматуш, Брод, Градешница, Долно Орехово, Живојно, Парадово, Тепавци<br>**Погранични:** Скочивир, Градешница, Зович 2, Будимирци, Совиќ, Живојно, Гермијан<br>**Рурални:** Арматуш, Балдовенци,Бач, Биљаник, Брник, Брод, Будимирци, Велесело, Враневци, Гермијан, Гнеотино, Гнилеж, Горно Агларци, Градешница<br>Грумази, Груништа, Далбеговци, Добровени, Добромири, Долно Агларци<br>Долно Орехово, Живојно, Зовиќ 1, Зовиќ 2, Ивени, Маково |
| **Прилеп** | **Ридско- планински:** Беловодица, Бешиште, Бонче, Вепрчани, Витолиште, Волково, Дабница, Живово, Кокре, Крушевица, Крстец, Лопатица, Плетвар<br>Полчиште, Прилепец, Присад, Чаниште, Штавица, Врпско, Лениште, Мало, Рувци, Марул, Селце, Чумово<br>**Погранични:** Полчиште, Бешиште<br>**Рурални:** / |
| **Ресен** | **Ридско- планински:** Арвати, Болно, Брајчино, Горно Крушје, Евла, Златари, Избишта, Илино, Коњско, Кривени, Лавци, Лева Река, Лескоец, Љубојно, Отешево, Петрино, Покрвеник, Стипона, Шурленци, Курбиново, Прељубље, Штрбово, Сливница<br>**Погранични:** Брајчино, Љубојно, Долно Дупени, Коњско, Стење, Лескоец<br>**Рурални:** / |
| **Демир Хисар** | **Ридско- планински:** Бабино, Базерник, Боиште, Брезово, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Железнец, Зашле, Лесково, Мало Илино, Мренога, Радово, Растојца, Смилево, Суво Грло, Церово, Кочиште, Обедник, Света, Слоешница, Стругово, Зрзе, Маргари, Горно село, Гостиражни, Дреновци, Мало Мраморани, Стровиј, Лажани<br>**Погранични:** /<br>**Рурални:** / |

Со цел постигнување на балансиран регионален развој, при имплементација на програмите за развој на Пелагонискиот регион потребно е да се обрне специјално внимание на вклучување на овие подрачја со специфични развојни потреби. При тоа, општините во чиј состав се наоѓаат овие подрачја треба да превземат активности за соодветно искористување на посебно наменетите средства за развој на подрачјата со специфични развојни потреби. Во овие подрачја во главно недостасува основна транспортна и комунална инфраструктура, а и се карактеризираат со недостаток на работни места и низок степен на социјален развој. Ова влијае на изумирање на овие населени места поради нискиот квалитет на живот и несодветните услови за работа во овие населени места.

Од друга страна пак, некои од овие подрачја, специфични ридско-планинските подрачја имаат потенцијал за развој на алтернатвиниот и авантуристичкиот туризам.

## 14. СВОТ АНАЛИЗА НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Вториот чекор за изработка на релевантна и сеопфатна стратегија е SWOT анализата. Тоа е важна алатка за стратешко планирање која на систематски и организиран начин помага во идентификување и анализа на надворешните и внатрешните фактори и нивно меѓусебно поврзување.

Правилното и деталното поставување на релациите и поврзувањето со PEST анализата дава сеопфатна слика на опкружувањето во кое ќе биде реализирана Програмата.

Првичната селекција на факторите беше нивно дефинирање на:

- Важни (битни),
- Неважни (небитни),
- Позитивни, и
- Негативни.

Како продолжение на PEST анализата, беше направена проценка на ситуацијата која ја постави основата на оправдувањето за релевантноста и соодветноста на Програмата. Користејќи ја SWOT матрицата, беа анализирани и дефинирани:

Силните и слабите страни дефинирани како внатрешни карактеристики на регионот

- **Силните страни** на регионот како внатршни карактериситики на регионот кој ќе придонесат кон реализацијата на Програмата и искористување на можностите и елиминирање на заканите.
- **Слабите страни** страни на регионот како внатрешни услови кои негативно ќе влијаат на реализацијата на Програмата, ќе го зголемат влијанието на заканите и ќе го намалат потенцијалот на можностите.
- **Можностите** дефинирани како надворешен фактор кои искористени во комбинација со силните страни можат да придонесат кон успешната реализација на Програмата.
- **Заканите** дефинирани како надворешен фактор кои ако не се елиминираат со силните страни и искористувањето на можностите ќе придонесат кон неуспех во реализација на Програмата.

За да биде корисна, направената SWOT анализа по дадените сектори во себе ги содржи последиците на идентификуваните фактори релевантни за територијата и населението за Пелагонискиот плански регион.

За да се постигне посакуваниот ефект беа приоретизирани и беше направена синтеза на најважните фактори врз анализираните сектори и теми поврзани со истите.

При реализацијата на SWOT анализата беше направена проценка за ресурсите со кои се планира реализацијата на Програмата.

SWOT анализата ги илустрира потенцијалните врски помеѓу различните аспекти/ теми и треба да идентификува можности за решавање на истите.

Следејќи ги принципите на транспарентност, партиципативност а во исто време и придржувањето кон законската рамка, при изработката на анализата се внимаваше на квалитетот и изворот на внесените информации со претходна анализа и верификација на истите.

Крајниот продукт од оваа анализа беше добиената реална проценка на потребите на регионот.

Во наредната фаза беа поставени релевантните стратешки цели, приоритети и мерки, кои ги земаат во предвид потребите и можностите во наредниот петгодишен период.
Како основа за поставување на приоритетите за развој на Пелагонискиот плански регион во идниот временски период, работните групи за:

- Економија и инвестиции
- Туризам и култура
- Социјлна политика и образование
- Транспорт и инфрструктура
- Земјоделие и рурален развој, и
- Животна средина

извршија стратегиска анализа и дијагностицирање на состојбите. Тоа беше направено врз основа на податоците обезбедени со секторските анализи, при што се зедоа во предвид внатрешните карактеристики на регионот заедно со влијанијата кои произлегуваат од опкружувањето. Анализата на јаки и слаби страни, можности и закани (SWOT-анализата) како основна алатка во процесот на стратешкото планирање, овозможи дефинирање на појдовни основи за клучните влијанија на внатрешната состојба и надворешното опкружување врз сегашната и идната (посакувана) состојба на регионалната заедница.

За да се премости јазот меѓу посакуваната и постојната состојба во регионот, Работната група обрна посебно внимание на факторите од интерен карактер на кои општините од регионот можат да делуваат (јаките и слабите страни), но не ги занемари екстерните фактори (можностите и опасностите на опкружувањето) на кои не е можно делување на регионалните чинители. Резултатите од SWOT – анализата на регионот заедно со дополнителните објаснувања за нивниот избор во контекст на регионалниот развој се прикажани во следните табели.

Табела бр. 70 а. Силни страни на Пелагонискиот плански регион

| СИЛНИ СТРАНИ |
|---|
| • Добра географска положба (во близина на земја членка на ЕУ и две земји членки на НАТО)<br>• Природни ресурси (минерални суровини, рудни богатства, вода, обработливо земјиште)<br>• Голем број на активни делови субјекти<br>• Постоење на високо образовни институции (УКЛО, приватни универзитети)<br>• Постоење на локални индустриски зони со ДУП<br>• Голем потенцијал за производство на енергија од обновливи извори<br>• Природни богатства<br>• Уникатен биодиверзитет - Четири заштитени подрачја<br>• Крушево - највисок град на Балканот<br>• Етаблирани манифестации (организирање на значајни културни настани, од страна на општините во регионот)<br>• Пиво фест, Манаки, Етно град Крушево и др.<br>• Историски места и локалитети<br>• Битола - град на конзулите (Кемал Ататурк)<br>• Единствен остров во Македонија<br>• Постоење на развојни агенции, истражувачки центри, мрежа на НВО и др.<br>• Зајакната свесност за значењето на претприемништвото и примената на ИТ<br>• Заинтересираност за вклучувањето на приватниот сектор во развојот на спортот<br>• Физибилити студија и техничка документација за искористување на топлинска енергија во РЕК Битола<br>• Постоење на надземен катастар (дигитален 100% )<br>• Човечки ресурси<br>• Стекнато искуство во присистап кон ЕУ фондовите<br>• Добра поврзаност со патна, железничка и енергетска мрежа<br>• Постоење на енергетски комплекс од национално значење (РЕК Битола)<br>• Висок процент на покриеност на урбаните средини со системи за водоснабдување<br>• ППР располага со многу и добра земја<br>• Развиено примарно земјоделско производство со потенцијал за понатамошен развој на културите на тутун, пченица, пиперка, кромид, јаболка, градинарски култури<br>• Одлични климатски услови (вода, сонце и ветер)<br>• Здрави производи кои носат добар принос<br>• Препознатливост на производите (тутун, јаболко, кромид и др.)<br>• Постојни стратегии за рурален развој<br>• Советодавна служба (АПРС, ФФРМ)<br>• Достапност на информации<br>• Формирани ЛАГ-ови<br>• Традиција за земјоделско производство<br>• Степен на култура на земјоделци<br>• Широка употреба на механизација (трактори) и опрема за наводнување<br>• Ориенталниот тутун како битна извозна суровина<br>• Постоење на  систем на податоци за фарми  (FADN).<br>• Постоење на ЗПИС (земјоделски пазарен информационен систем)<br>• Постоење на здруженија на фармери кои се активни на локално ниво, а кои имаат силно присуство на национално ниво<br>• Постепено зголемување на примена на системи капка-по-капка<br>• Вклучување на младите во земјоделието<br>• Брендирање на производи<br>• Зголемување на опфатот на модерни и ефикасни системи за наводнување<br>• Изградба на основен систем за гасификација во регионот<br>• Постоење на специјализирани извори на средства за финансирање за модернизирање на |

механизација

- Отварање на ЛЕАДЕР програмата
- Примена на нови земјоделски култури
- Враќање на култури кои се суровинска база
- Комбинирање на земјоделското производство за продолжување на сезоната на одреден број производи
- Диворастечки шумски производи (боровинки печурки, билки) и медот како значајни потсектори или артикли со потенцијал за раст.
- Потенцијал за производство на органска храна
- Потенцијал за производство на еколошки здрава храна
- Брендирање на производите од Пелагонискиот плански регион преку користење на географското потекло на производите како клучна маркетинг алатка.
- Подигнување на стандардите за земјоделско производство во врска со квалитетот, здравјето и други критериуми
- Искористување на обновливи извори на енергија во земјоделието и државни стимулации за истите
- Вмрежување на регионално и национално ниво
- Реконструкција на железничка пруга Битола – Лерин за транспорт на земјоделски производи
- Драматично зголемување на цените на глобалната храна
- Постоење на пазарни релации во некои земји за некои производи (Русија, нордиските држави и Германија за одредени вина и сирења и за пакувана изворска вода)
- Постоење на финансиски инструменти и извори фокусирани на рурален развој
- Потенцијал за алтернативен туризам во руралните средини

Табела бр. 70 б. Слаби страни на Пелагонискиот плански регион

| СЛАБИ СТРАНИ |
|---|
| • Слаба конкурентност на постоечките претпријатија<br>• Големи разлики во економскиот развој помеѓу општините во рамките на регионот<br>• Големи разлики во квалитетот на човечки ресурси во рамки на регионот<br>• Неусогласеност на работната сила со потребите на пазарот<br>• Недоволен капацитет на институциите за поддршка на приватниот сектор<br>• Недостаток на капитал и готови пари за финансирање на развојни проекти на бизнис заедницата<br>• Мал број на производи со висока додадена вредност<br>• Нема преработувачки капацитети за земјоделски производи<br>• Неуредени индустриски зони<br>• Слаба поврзаност на учесниците во вредносниот синџир во земјоделството<br>• Недоволна екипираност на секторите/ одделенијата за ЛЕР и други поврзани сектори во ЕЛС<br>• Недоволен претприемнички капацитет (посебно во руралните средини)<br>• Нема локални и регионални стратегии за туризам<br>• Недостаток на планско урбанистичка документација за развој на туризам<br>• Недоволен број на информативни центри<br>• Недостаток на спортски објекти<br>• Непочитување на закон за заштита на културно наследство<br>• Недостиг на лиценцирани туристички водичи<br>• Непостоење на регионален промотивен материјал<br>• Лоша собраќајна и транспортна инфраструктура<br>• Недоволна диверсификација на туристичката дејност<br>• Лош пристап до културните локалитети<br>• Диви депонии во близина на туристички локалитети<br>• Недефиниран туристички производ<br>• Недоволен сместувачки капацитет<br>• Недоволна институционална кординација<br>• Нефункционалност на законот за спонзорство и донации<br>• Недоволна грижа на институциите за објектите од културата<br>• Недоволна искористеност на ЕУ фондови<br>• Непостоење на категоризација на културни настани и манифестации<br>• Неинтегрираност на културните настани во туристичкита понуда<br>• Мал број на спортско рекреативни центри во регионот<br>• Недостиг на финансии за оддржување на болници, школи и сл.<br>• Разлики (диспаритет) во квалитет на живот меѓу урбаните и руралните средини<br>• Сеуште висока стапка на невработеност<br>• Одлив на високо квалификувана работна сила<br>• Несоодветно образование со побарувачката на пазарот на трудот (понуда = побарувачка)<br>• Непостоење објект за средно училиште во општина Долнени<br>• Мал број на подготвени проектни апликации. Недоволна иницијативност за искористување на достапни фондови (ЕУ, УСАИД, билатерални и др.).<br>• Слаб капацитет за подготовка на проектни апликации.<br>• Недоволна искористеност на достапните фондови<br>• Понизок степен на образованието на жителите во одделни рурални општини<br>• Недоволно развиена свест на средината во однос на социјално исклучените лица<br>• Недоволно/несоодветно спроведување на конвенцијата за изедначување на правата на лицата со телесен инвалидитет<br>• Несоодветна кординација меѓу централната и локалната власт при примопредавање на изградените спортски објекти, во насока на поголема грижа, оддржување и искористеност на спортски објекти |

- Недостаток на локални/регионални цевководи за снабдување со вода за пиење
- Анализа на сообраќајна поврзаност во регионот (ја нема)
- Недостаток на инфраструктура за развој на зимски туризам
- Недостаток на интегрирани пешачки и велосипедски патеки во ППР
- Управување и контрола на сообраќајот (недоволна вертикална и хризонтална сигнализација)
- Недоволни капацитети за одведување и пречистување на отпадните води (непостоење на системи за отпадна вода во руралните средини, непостоење на пречистителни станици, нефункционирање на постоечката инфраструктура за одведување на атмосферски води)
- Слаба економска моќ на индивидуални земјоделци
- Користење на застарена механизација
- Апатија за вклучување во активности за модернизација
- Застарена методи на земјоделското производство
- Мали и расцепкани парцели
- Нема доволно луѓе за работа
- Непримена на добри земјоделски пракси
- Немање педолошка карта и реонизација
- Недоволен број откупни претпријатија
- Слаба инфраструктура за контењерски транспорт
- Проблеми со довод / одвод на вода во рурални средини
- Несоодветно користење на земјиштето претходно поседувано од страна на бившите комбинати
- Немање доволно количини од важни суровини во земјоделието, како пченка за тов на стока
- Ниското ниво на соработка помеѓу фармерите и купувачите на земјоделски производи
- Недостатокот на добро организирани и ефикасни играчи во рамките на повеќето земјоделски потсектори и синџири на вредности кои би биле заинтересирани да се занимаваат и да ги поддржуваат истите
- Добавувачите на земјоделски суровини не обезбедуваат обуки и услуги за да ги поддржат корисниците
- Миграција село-град
- Несоодветни социјални содржини во руралните средини
- Замирање на старите занаети
- Недостаток на систем за собирање и рециклирање на отпад
- Непостоење на регионален институционален капацитет за справување со животна средина
- Недостаток на знаење, искуство за пристап до меѓународни фондови
- Постоење на диви депонии
- Ниско ниво на свест
- Висок степен на загаденост на воздух
- Недостаток на мониторинг систем за следење на состојбата на животната средина
- Незадоволителни санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на цврст комунален отпад
- Постоење на енергетски загадувачи - РЕК Битола (ТЕ Битола, рудникот Суводол, Брод-Гнеотино)
- Постоење на индустриски загадувачи (текстилна индустрија, котлари, индустрија за производство на шеќер, прехранбена индустрија, леарница за алуминиум, печатници бетонски бази, тулани, композитни материјали, итн)
- Недоволно обучени и специјализирани кадри во областа на заштитата на животната средина
- Делумно организирани мерења кои не се систематизирано достапни
- Недостаток на студии за искористување на обновливите извори на енергија
- Непостоење на институционална поддршка за развој и спроведување на проекти со иновативни и оргинални решенија за зголемување на енергетска ефикасност
- Слаб капацитет на еколошките организации

Табела бр. 70 в. Можности на Пелагонискиот плански регион

| МОЖНОСТИ |
|---|
| • Зголемена побарувачка на храна во глобални рамки<br>• Зголемена побарувачка на ароматични и лековити билки, и шумски плодови<br>• Промоција и привлекување на инвестиции во индустриски зони<br>• Користење на ЕУ и други меѓународни фондови<br>• Користување на програми за поддршка на бизнисот од централниот буџет<br>• Инвестирање од страна на дијаспората<br>• Воспоставување на соработка со економските промотори<br>• Советодавна и експертска помош за бизнис секторот за подобрување на конкурентноста<br>• Поттикнување на соработката помеѓу бизнис секторот и универзитетите<br>• Олеснување на пристапот до расположливите финансиски средства<br>• Воведување на нови технологии<br>• Преквалификација на работната сила<br>• Брендирање на производи<br>• Програми за претприемништво и самовработување<br>• Формирање на бизнис инкубатори и бизнис стартап центри<br>• Здружување на приватниот сектор<br>• Стимулирање на развојот на занаечиството<br>• Стимулирање на отварање на претпријатија во помалку развиените општини<br>• Изградба на експресен пат Прилеп – Велес<br>• Подобрување на добрососедски односи со Р. Грција<br>• Отварање на нови гранични премини (пр. Маркова нога)<br>• Реконструкција на железничката пруга Велес - Битола – Лерин – Солун<br>• Гасификација на регионот<br>• Стимулирање на Јавното приватно партнерство<br>• Зголемена побарувачка за активен, рекреативен и спортски туризам<br>• Зголемен интерес за рурален туризам (Преспа, Пелистер, Мариово)<br>• Воспоставување на езерски сообраќај<br>• Инвестиции во сместувачки капацитети<br>• Можност за брендирање на регионални - локални производи<br>• Прекугранична соработка<br>• Интегрирање на понудата<br>• Субвенции во туризам<br>• Програми, владини мерки, ИПА 2, други ЕУ фондови (прекугранични, транснационални итн.)<br>• Развој на здравствен туризам<br>• Национални програми за самовработување<br>• Туристички кластер 10К<br>• Програми за едукација во туризмот<br>• Програмско зајакнување и пристап до финансирање во културата<br>• Намалување на невработеноста преку туризмот<br>• Развој на меморијален туризам<br>• Развој на културен туризам<br>• Развој на зимски туризам<br>• Можност за привлекување на странски пензионери<br>• Привлекување на домашни туристи (дијаспора)<br>• Формирање на туристички развојни зони<br>• Ревитализација на кампинг туризам<br>• ЈПП во туризмот<br>• Примена на нови технологии во туризмот<br>• Ревитализација на традиционални занаети<br>• Зголемен интерес на нови дестинации |

- Искористување на Програми / Фондови за подобрување на инфраструктурата во селата и подрачјата со специфични развојни потреби
- Агенција за млади и спорт
- Проектно аплицирање
- Закон за донации
- Учество на регионални експерти во креирањето на националната стратегија во образованието
- Вмреженост на образовните институции
- Можност за кординација на образовните институции во регионот
- Унапредување на меѓународната соработка
- Искористување на образовните институции (училишта, факултети) за промоција на потребите на маргиналните групи
- Размена на искуства за подобрување на квалитетот на образованието (помеѓу образовните институции и бизнис секторот)
- Поголема вклученост на факултетите и студентите во програмите за мобилност
- Лобирање за измена на регулативата за практичната работа на студентите во Установите за социјална заштита за определен надоместок
- Можности за развој на мали групни домови за деца без родители и родителска грижа со 24ч поддршка
- Можност за поголома соработка на установите за образование на возрасни (неформално образование)
- Зголемување (квантитативно) и подобрување (квалитативно) на истражувачките активности, во рамките на високо образовните институции) + директни и индиректни релации со реалниот сектор (бизнис сектор)
- Размена на искуства , информации и знаења
- Реконструкција на железничка пруга Битола- Лерин
- Постоење на хидрографски потенцијал (Акумулација Стрежево, Преспанско езеро )
- Траспортен вреловод, можност за искористување на топлинска енергија и оранжериско греење
- Црна река како можност за привлекување на капитал за искористување на нејзиниот потенцијал (од регионален карактер)
- Вклучување на млади во земјоделие
- Брендирање на производи
- Зголемување на опфатот на модерни и ефикасни системи за наводнување
- Изградба на основен систем за гасификација во регионот
- Постоење на специјализирани извори на средства за финансирање за модернизирање на механизацијата
- Можност за искористување финансиска подршка од ЛЕАДЕР програмата
- Примена на нови земјоделски култури
- Враќање на култури кои се суровинска база
- Комбинирање на земјоделското производство за продолжување на сезоната на одреден број производи
- Диворастечки шумски производи (боровинки печурки, билки) и медот како значајни потсектори или артикли со потенцијал за раст.
- Потенцијал за производство на органска храна
- Потенцијал за производство на еколошки здрава храна
- Брендирање на производите од Пелагонискиот плански регион преку користење на географското потекло на производите како клучна маркетинг алатка.
- Подигнување на стандардите за земјоделско производство во врска со квалитетот, здравјето и други критериуми
- Искористување на обновливи извори на енергија во земјоделието и државни стимулации за истите
- Вмрежување на регионално и национално ниво

- Драматично зголемување на цените на глобалната храна
- Постоење на пазарни релации во некои земји за некои производи (Русија, нордиските држави и Германија за одредени вина и сирења и за пакувана изворска вода)
- Постоење на финансиски инструменти и извори фокусирани на рурален развој
- Надградба на капацитетите во ЈКП во сите општини
- Искористување на обновливи извори на енергија
- Создавање на систем за управување со отпад
- Надградба на капацитети за заштита на животна средина
- Изградба на регионални депонии
- Примена на позитивната законска регулатива за индустриски отпадни води (според ЕУ стандарди)
- Користење на националните и меѓународните фондови за подобрување на заштитата на животната средина
- Меѓуопштинската и прекуграничната соработка (Европски, транснационални и CDM проекти) како можност за надградба на „меката“ и „тврдата“ инфрастрктура за заштита на животната средина
- Одржливо управување со животната средина како можност за повлекување на инвестиции
- Искористување на отпадниот органски материјал од земјоделското производство: животинскиот за добивање на метан или ѓубриво, а растителниот за биомаса и биогас.

Табела бр. 70 г. Закани на Пелагонискиот плански регион

| ЗАКАНИ |
|---|
| • Одлив на високо образована работна сила<br>• Продолжување на процесот на пристапување во процес на ЕУ/НАТО<br>• Мала алокација на финансиски средства на национално ниво за подобрување на инфраструктурата во регионот<br>• Влијание на климатски промени во земјоделието и инфраструктурата<br>• Глобална политичка состојба во Европа (извоз во Русија)<br>• Пристап до финансии за приватниот сектор<br>• Намалување на бројот на работоспособно населението (достапност на работна сила)<br>• Климатски промени<br>• Нестабилна политичка безбедносна состојба во опкружувањето<br>• Исполитизираност и бирократија<br>• Миграција (Brain Drain)<br>• Затварање на надворешни пазари<br>• Конкурентни туристички дестинации<br>• Недостаток на дневен центар за стари лица во рурални средини<br>• Недоволна развиеност на свеста кај младите за социјално исклучените лица<br>• Исклучително неповолни демографски карактеристики и трендови во регионот<br>• Недоволен капацитет за управување со средствата од претпристапните фондови на ЕУ<br>• Несоодветна поврзаност на постоечките истражувачки центри со бизнис заедницата<br>• Забавување на евро-атлантските интегративните процеси на Република Македонија<br>• Продолжување на спорот за името со Грција<br>• Недостаток на анализа на сообраќајна поврзаност во регионот<br>• Влијание на сообраќајната транспортна инфраструктура врз животната средина<br>• Непостоење на стратегија за развој на сообраќајна транспортна инфраструктура на URU<br>• Непостоење на релевантни податоци и документација за инфраструктура<br>• Недостаток на ингеренција на регионално ниво за сообраќајна транспортна инфраструктура<br>• Недоволна искористеност на ЕУ фондовите<br>• Непостоење на подземен катастар<br>• Климатски промени<br>• Фалсификувани производи<br>• Несоодветна градобијна заштита<br>• Слабо финансирање на научно- истражувачка дејност поврзана со земјоделието<br>• Затворање странски пазари<br>• Нелојална конкуренција во откуп<br>• Укинување на државни стокови резерви<br>• Несоодветно справување со постојните на штетници и болести<br>• Згаснување на институти за производство на семенски материјал и суровини<br>• Нерегулирање / слаба контрола на увоз, на заштита на семенски материјал и средства<br>• Постоење на загадувачи<br>• Намалување на работоспособното население во руралните средини<br>• Потешкотии со задоволувањето на квалитетот, здравјето и другите стандарди за ЕУ и другите меѓународни пазари<br>• Несоодветни финансиски инструменти за земјоделците<br>• Побарувања на пазарите во однос на пакувањето и печатењето<br>• Фокусирање на инвестициите во урбаните средини |

## 14.1 Опис на СВОТ анализите и нивна меѓусебна поврзаност

Врз основа на погоре презентираните SWOT анализа може да се сумираат следниве заклучоци:

### 14.1.1 Економија и инвестиции

Секторот Економија и инвестиции во Пелагонискиот регион има значајни предности кои истовремено претставуваат и можност за дополнителен економски развој. Регионот има добра географска положба, близина со земја членка на Европската Унија и две земји членки на НАТО. Регионот има релативно добра патна инфраструктура и поврзаност во рамките на регионот. За развој на економијата голема можност претставува отворањето на граничниот премин Маркова нога со Република Грција  и изградбата на експресниот пат Прилеп - Велес. Подобрувањето на добрососедските односи со Р. Грција и повторното отворање на железничката врска Велес - Битола – Лерин – Солун ќе има огромно влијание врз развојот на економијата и врз протокот на луѓе, стоки и капитал.

На територијата на регионот има значајни природни ресурси (минерални суровини, рудни богатства, вода, обработливо земјиште) кои се недоволно искористени.

- Пелагонискиот регион има добри климатски услови за развој на земјоделството, а особено за одгледување на индустриски култури. Во регионот се произведуваат мал број на производи со повисока додадена вредност, постои недостаток на преработувачки капацитети за земјоделски производи, а чинителите во вредносниот синџир во земјоделството се слабо поврзани. Зголемената побарувачка за храна во глобални рамки, постојаниот пораст на цените на храната,  зголемениот интерес за ароматични и лековити билки, и шумски плодови претставуваат можност за поинтензивен развој на земјоделството.
- Рудните наоѓалишта во Пелагонија и Мариово кои денес се искористуваат во трите блока на ТЕЦ Битола, мермерот од прилепско, минерални извори кај селото Меџитлија, битолско претставуваат значајна можност за подинамичен развој на секторот рударство и вадење на камен.
- Обезбедување енергија од стабилни, сигурни, чисти и обновливи извори е огромен потенцијал кој се должи на поволните климатски услови во регионот за производство на енергија од вода, сонце, ветар и био маса.

Во Пелагонискиот плански регион егзистираат голем број на активни деловни субјекти што претставува можност за развој на регионот како и можност за намалување на невработеноста бидејки постоечките претпријатија можат да создадат уште поголем број на работни места. Во регионот постојат и инстутуции / организации за поддршка на бизнис секторот но немаат капацитет за поголема поддршка на бизнис секторот. Неопходна е активна поддршката за подобрување на конкурентноста на постоечките претпријатија преку воспоставување на институционална рамка за поддршка на бизнисот, поддршка за воведување на нови технологии, вопоставување на квалитетна советодавна и експертска помош за бизнисот и поддршка за формирање на кластери. Неопходно е и поддршка на иновациите и создавање на сет на мерки за стимулирање на соработката помеѓу стопанството и високообразовните институции бидејќи економската криза доведе до уште подрастично опаѓање на можностите за примена на науката во развојот на економијата и креирање на економија базирана на знаење. Недостатокот на капитал за инвестиции и

готови пари за финансирање на развојни проекти на бизнис заедницата е слаба страна а за нејзино надминување неопходно е спроведување на мерки за олеснување на пристапот до расположливите финансиски средства како и промоција на различни форми на заедничко вложување со цел да се зголеми и општествената одговорност на бизнис секторот.

Постоењето на локални индустриски зони со утврдена урбанистичко планска документација е значаен предуслов и силна страна за зголемување на инвестициите. Од друга страна постојните индустриски зони не располагаат со целосната инфраструктура. Потребно е и да се превземат активности за изградба на инфраструктура во индустриските зони, креирање на мерки и поволности за инвестирање, нивна промоција пред потенцијални инвеститори, со цел зголемување на инвестициите во сите сектори, а посебно во преработувачката индустрија. Огромна можност за економски развој е вклучувањето на големата дијаспора во поттикнувањето на економскиот развој и воспоставување на соработка со економските промотори. Значајна можност и компаративна предност на индустриските зони од регионот е повторното отворање на железничката врска Велес - Битола – Лерин – Солун со што овие индустриски зони ќе се поврзат со пристаништето во Солун.

Несоодветниот баланс на работната сила со потребите на пазарот и релативно високата стапка на невработеност, особено кај младите лица се сериозни пречки за брз економски развој. Промоцијата на активните мерки за вработување, преквалификацијата на кадри, промоцијата на програмите за поттикнувањето на претприемништвото, самовработувањето и занаечиството се можности кои треба да се искористат. Етаблираните високообразовни институции и истражувачки центри во рамки на регионот можат да помогнат во елиминирање на овој ограничувачки фактор. Потенцијална закана е миграцијата посебно одливот на високо образувана работна сила и намалување на пристапот до финансии за приватниот сектор.

Во рамките на регионот постојат значајни разлики во достигнатото ниво на економски развој. Општините Долнени, Демир Хисар, Кривогаштани, Крушево, Могила, Новаци и Ресен не можат да генерираат ниво на развој како урбаните центри Битола и Прилеп. Проблемот со диспаритетите во развојот особено е изразен кај руралните општини каде постои низок квалитет на живот и недоволен претприемачки капацитет на жителите. Сериозна закана е тенденцијата за иселување на овие граѓани во други места во државата и надвор од неа, поради што е неопходно превземање на мерки за намалување на миграциските процеси. Потребни се активности за стимулирање на отварањето на нови бизниси во овие општини, подобрување на капацитетите на човечките ресурси и нивно усогласување со потребите на пазарот на трудот.

### 14.1.2 Туризам и кулрура

Потребно е да се искористат утврдените можности за развој и подобрување на патната инфраструктура до природните и културните локалитети (европски и меѓународни фондови, државни и општински буџети). Како други слаби страни поврзани со инфраструктурата се дивите депонии во близина на туристичките локалитети, лошата комунална инфраструктура во рурални средини и слабата туристичка сигнализација која не нуди доволно информации и знаци за туристичките локалитети во регионот. И во овој поглед утврдени се можности за

подобрување на состојбите преку искористување на расположливите фондови за развој на селата и подрачјата со специфични развојни потреби.

Пелагонискиот регион располага со богата туристичка и културна понуда. Во регионот постојат бројни традиционални и новосоздадени настани кои имаат растечки потенцијал. Регионот нема организирана промоција, организиран прием на туристи и/или туристички водичи. Културните собири и настани вообичаено се изведуваат без некоја поголема регионална соработка. Неопходно е интегрирање на целата понуда на регионот и создавање на неколку туристички пакети кои ќе го зголемат просечното времетраење на посетите на регионот. Креирањето на регионален фонд за поддршка и создавање на нови културни содржини ќе привлече дополнителен број на туристи.

Регионот има огромен потенцијал за развој на зимскиот (Баба, Бушава планина и Галичица) и летниот туризам – Преспанско езеро. Воспоставувањето на езерски сообраќај на Преспанското Езеро и изградбата на нови ски центри се утврдени како можности за развој на летниот и зимскиот туризам.

Регионот има потенцијал за развој на авантуристичкиот и руралниот туризам. Изградбата на спортодром, мапирањето и изградба на пешачки, велосипедски и мото крос патеки, промоцијата на спортските манифестации и големиот број на ловишта ќе влијаат кон зголемување на туристичката понудата. Потенцијалите за развој на рурален туризам се веќе етаблирани и познати. Автентичата архитектура, монументалност и зачуваност на манастирите, како и реконструкцијата на конаците, заживувањето на манастирските активности за пошроката јавност и производството на типична храна овозможија да се развие и манастирскиот туризам. Исто така, континуираниот развој на руралниот туризам базиран на убавите пејсажи, можностите за престој на туристи во индивидуални домаќинства и богатата традиција има големо влијание врз одржливиот развој на регионот и земјата воопшто. Дополнителни можности се развој на понуда за приватно сместување, категоризација на објектите во туристичко – угостителскиот сектор, подобрување на инфраструктурата во селата како и презентација на традиционалните обичаи, занаети и гастрономија. Како потенцијални закани се утврдени иселување од селата во урбаните средини и странство и понудата на конкурентските дестинации во Грција.

### 14.1.3 Социјална политика и образование

Секторот Социјална Политика и Образование во Пелагонискиот регион има силни страни кои истовремено претставуваат и можност за дополнителен развој на регионот. Освен географската положба, регион има развиени високо образовни институции, развојни агенции и истражувачки центри, НВО, зајакната свест за претпприемништво и користење ИТ технологија и кооперативен бизнис сектор создава поволна основа и потенцијал за развој.

Од демографските карактеристики по значајни се:

- Вкупен број на население од 232.367 или 10,94% од населението во Р. Македонија (Проценка за 2013 година).
- Вкупен број на населени места 343 и 93.976 живеалишта (податок од Пописот 2002 година). Голема концентрација на населението во урбаните центри и голем диспаритет помеѓу урбаните и руралните подрачја во кристењето социјални услугите за .

- Нагорен тренд на миграции. Иако регистрираниот број на доселени е висок, сепак тоа не ја покажува реалната ситуација поради процедурите и голем број лица кои не се регистрираат особено при отселување од регионот.

Пелагонија претставува високо-образовен центар, со државен универзитет (ДУ Св. Климент Охридски) и неколку приватни високо образовни институции (Меѓународен Славјански Институт "Гаврило Романович Державин".). Сепак, "создадената" работна сила не е според потребите на пазарот на труд.

- Во регионот постојат доволен број основни училишта. Сепак апсолутниот број на ученици се намалува (основно и средно). Подобрувања се можни, особено во обезбедување модерни нагледни средства и помагала, подобрување на инфраструктурата, подобрување на меѓународната соработка, поголема синергија со бизнис секторот, развивање на истражувачките дејности на високо-образовните институции и поголема соработка со реалниот сектор.
- Подобрувања во однос на инфраструктурата и помошните средства се потребни и во урбаните и во руралните подрачја. Загрижува фактот на континуираното намалување на бројот на ученици, како и разликата од 0,5% од запишани ученици во средно образование и завршени ученици.
- Задоволувачки услови за високо образование. Доста висок бројот на дипломирани студенти со позитивен тренд во последните три години.
  Во однос на образованието (средното и високото) е потребна поголема соработка и синергија со бизнис секторот и создавање нови програми (курикулуми) во средните училишта и факултетите сразмерно на потребите на бизнис секторот и побарувачката на работна сила.

Од социјалните парамери кои е вредно е да се напоменат:

- Висок процент на лица корисници на социјална помош и зголемување на категориите граѓани примателии на социјална помош. Трендот има надолна линија и континуирано се намалува.
- Од информациите во 2013 година во регионот има 189.136 работоспособно население. Регионот има високи параметри во однос на активно население со 64,4% што е повисоко од национален просек од 57,2% (само Југоисточниот регион има повисок процент). Доста висока стапка на вработеност од 50,1% (национален просек од 40,6%) и мала невработеност од 22,2% (29,0% на национално ниво).
  Овие факти се добра основа за развој на регионот преку промоција на претприемништвото, развојот на човечките ресурси преку формални инеформални облици, а со тоа и подобрување на животниот стандард на населението.

Воспоставените добри практики на меѓуопштинско ниво треба да ја подобрат комуникацијата и соработката на регионално ниво во секторите Социјална политика и Образование. Подобрувањето на условите во социајалната сфера и образованието преку вклучување на бизнис секторот (донации).

Постојат добри услови за јавно приватно партнерство во сферата на социјалните услуги и образованието.

Восопоставувањето институционални и неформални облици на образование (обуки, преквалификации и доквалификации), поголемо вклучување на наставниците и студентите во програмите на мобилност треба да овозможат создавање конкурентна работна сила.

#### 14.1.4 Транспорт и инфраструктура

Секторот Транспорт и инфраструктура во Пелагонискиот регион има огромно значење за регионот. И двата сегменти истовремено претставуваат и можност за дополнителен економски развој. Регионот има добра географска положба, близина со земја членка на Европската Унија и две земји членки на НАТО. Регионот има релативно добрата патна инфраструктура и поврзаност во рамките на регионот. За развој на економијата голема можност претставува повторното активирање на железничкиот премин кај Кременица. Односно, функционалноста на железничката врска Велес - Битола – Лерин со пристап до Солунското пристаниште ќе има огромно влијание врз развојот на економијата и врз протокот на луѓе, стоки и капитал. Отворањето на граничниот премин Маркова Нога со Република Грција  и изградбата на експресниот пат Прилеп - Велес. Подобрувањето на добрососедските односи со Р. Грција и повторното отворање на граничниот премин кај село Кременица (граница со Република Грција).

На територијата на регионот има значајни поволности во однос на транспортот и инфраструктурата.

- Добра комуникациска поврзаност внатре во регионот и на меѓународно ниво. Сепак дел од тие комуникации е потребно да се подобрат (пругата Битола – Лерин), патниот правец Прилеп – Битола – Ресен итн.
- Енергетскиот комплекс РЕК Битола е од огромна важност за регионот. Со инсталираната моќност од 3 блока x 225 MW, во одредени моменти произведува над 70% од вкупно произведената ел. енергија во Република Македонија.
- Рудните наоѓалишта во Пелагонија и Мариово кои денес се искористуваат во трите блока на ТЕЦ Битола.
- Обезбедување енергија од стабилни, сигурни, чисти и обновливи извори е огромен потенцијал кој се должи на поволните климатски услови во регионот за производство на енергија од вода (Чебрен и Галиште), сонце, ветар и биомаса.
- 100% покриеност со надземен дигитален катастар.
- Висока покриеност со системи за водоснабдување (недостаток на вакви системи во дел од руралните подрачја).

Како неповолни состојби во Пелагонискиот плански регион се

- Недостаток на локални/регионални цевководи за снабдување со вода за пиење во руралните средини
- Непостоење на детална анализа на сообраќајната  поврзаност во регионот, соодветно интегрирано управување и контрола на сообраќајот (вертикална и хоризонтална сигнализација), пешачки и велосипедски патеки (во смисла на сигурност).
- Недоволниот капацитети за одведување и пречистување на отпадните води освен негативните ефекти врз населението се одразува и на животната средина, како и на земјоделството и земјоделското производство (органско и еко производство). Најзагрозена е ситуацијата во руралните средини, бидејќи урбаните центри се во голем процент покриени, а според динамиката и плановите за решавање на овој

проблем Прилеп и Битола во блиска иднина ќе ги отстранат опасностите од оваа закана.

### 14.1.5 Земјоделство и рурален развој

Одличната географска положба, расположливоста со квалитетна обработлива земја, одличните климатски услови и долгата земјоделска традиција се есенцијалните фактори кои придонесуваат за успешниот развој на земјоделството во Пелагонискиот регион. Едновремено, присутно е користење на застарена механизација и технологија кое отвара можности и потреби за дефинирање на програми за поддршка при модернизација на механизацијата и имплементирање на иновациите во производството проследено со производство на здрави производи.

Иницијалните трендови за вклучувањето на младата популација во земјоделието повлекуваат потреба за заживување на руралните средини и обезбедување на адекватен квалитет на живот во селата. Подобрување на целокупната комунална и патна инфраструктура во регионот истовремено влијаат на сите аспекти на животот.

Промените во пазарите и побарувачката, како и јакнењето на свесноста за критичноста на вредносните синџири повлекуваат потреба за развој на нови земјоделски култури и можност за враќање на некои земјоделски култури кои се суровинска база.

### 14.1.6 Животна средина

Присуството на голем број природни ресурси, два национални паркови и големи хидрографски потенцијали се предностите кои ги нуди Пелагонискиот регион.

Најголемиот проблем со создавање на чиста животна средина е постоењето на диви депонии, несоодветно регулирање на отпадните води, и постоењето на повеќе енергетски загадувачи (најголем е РЕК Битола, потоа околните фабрики). Регионот има потреба од соодветен кадар кој преку ново создадените мерни станици ќе може да врши мониторинг на загаденоста на воздухот, водата и почвата, и ќе дефинира стратегии и проекти за севкупна заштита на животната средина.

# 15. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА ПЕРИОДОТ 2015 - 2019

## ВИЗИЈА

Пелагонискиот регион е образовен, културен, туристички, спортски и економски конкурентен регион, со развиена инфраструктура, перспектива за младите и социјална сигурност на населението

## МИСИЈА

Обезбедување рамномерен развој на Пелагонискиот регион, со оптимално користење на ресурсите, локална и регионална соработка, меѓународна афирмација и континиуирано следење и користење на иновативни технологии и знаења

# 16. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ

## 16.1 Стратешка цел 1 – Поттикнување на одржлив и рамномерен економски развој на регионот

Во согласност со резултатите од извршените анализи и севкупните потреби на регионот, прва стратешка цел во Програмата дефинирана за периодот 2015 – 2019 година е Потикнување на одржлив и рамномерен економски развој во регионот.

Пелагонискиот плански регион има значајни конкурентски предности кои истовремено претставуваат и можност за дополнителен економски развој. Регионот има добра географска положба, поволни условои за развој на земјоделството, а особено за одгледување на индустриски култури, поволни климатски услови за производство на енергија од обновливи извори на енергија (вода, сонце, ветер, биомаса и друго). Од друга страна ресурсите со кои располага регионот (минерални суровини, рудни богатства, вода, обработливо земјиште, итн.) се недоволно искористени, постои недостаток на преработувачки капацитети за земјоделски производи, има малку производи со повисока додадена вредност, а чинителите во вредносниот синџир во земјоделскиот сектор се слабо поврзани.

Огромно влијание врз развојот на економијата и врз протокот на луѓе, стоки и капитал ќе има подобрувањето на инфраструктурата и тоа: отворањето на граничниот премин Маркова нога со Република Грција, изградбата на експресниот пат Прилеп – Велес и повторното отворање на железничката врска Велес - Битола – Лерин – Солун. Рудните наоѓалишта во Пелагонија и Мариово, кои денес се искористуваат за производство на електрична енергија во трите блока на ТЕЦ Битола, мермерот од прилепско, минералните извори кај селото Меџитлија, битолско, итн. претставуваат значајна можност за подинамичен развој на индустријата. Обезбедувањето енергија од стабилни, сигурни, чисти и обновливи извори е важна активност за подобрување на конкурентноста на претпријатијата.

Неопходно е превземање на активни мерки за искористување на можностите но и за спречување на негативните движења во макроекономските индикатори (намален БДП по глава на жител, намалено учество на регионот во вкупниот БДП на државно ниво, намален извоз и др.). Одржливиот развој значи искористување на компаративните предности и можностите кои постојат, но и одржување на рамнотежа помеѓу економските, еколошките и севкупните општествени потреби на регионот. Една од потребите која се наметнува е грижата за рамномерен развој во рамките на регионот бидејќи општините Долнени, Демир Хисар, Кривогаштани, Крушево, Могила, Новаци и Ресен од една страна не можат да генерираат ниво на развој како урбаните центри Битола и Прилеп од друга страна. Потребни се активности за поттикнување и отварање на нови бизниси во овие општини, подобрување на капацитетите на човечките ресурси и нивно усогласување со потребите на пазарот на трудот.

Концептот за одржлив и рамномерен економски развој на Пелагонискиот плански регион се базира на соработка помеѓу сите чинители кои заеднички ќе спроведат мерки и активности за реализација на два главни приоритети и тоа:

Приоритет 1.1: Подобрување на конкурентноста на претпријатијата и поттикнување на претприемништвото и

Приоритет 1.2: Зголемување на инвестициите и извозот.

Во Табелата подолу се дадени индикатори за следење на остварувањето на Стратешката цел 1.

Табела бр. 71 Индикатори за следење на остварувањето на Стратешка цел 1

| Ред. бр. | Показатели | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Бруто домашен производ во Пелагонискиот плански регион (во милиони денари) | 53.205 | 56.000 |
| 2. | Бруто домашен производ по жител во Пелагонискиот плански регион (во денари) | 211.458 | 230.000 |
| 3. | Учество во вкупниот БДП на Република Македонија (%) | 11.6 % | 13% до 2019 година |
| 4. | Бруто додадена вредност во индустријата (во милиони денари) | 12.423 | 14.000 |
| 5. | Бруто додадена вредност во земјоделството (во милиони денари) | 8.165 | 10.000 |

**Приоритет 1.1: Подобрување на конкурентноста на претпријатијата и поттикнување на претприемништвото.** За поттикнувањето на развојот и растот на економијата на регионот, од особено значење е подобрување на конкурентноста на постоечките претпријатија и создавање на услови за отворање на нови бизниси.

Во Пелагонискиот плански регион егзистираат голем број на активни деловни субјекти што претставува можност за развој на регионот како и можност за намалување на невработеноста бидејки постоечките претпријатија можат да создадат уште поголем број на работни места. Во регионот постојат и инстутуции и организации за поддршка на бизнис секторот, но потребно е да понудат поголема поддршка на бизнис секторот. Неопходна е активна поддршка за подобрување на конкурентноста на постоечките претпријатија преку создавање на бизнис инфраструктура, поддршка за воведување на нови технологии, вопоставување на квалитетна советодавна и експертска помош за бизнисот и поддршка за формирање на кластери. Неопходна е и поддршка на иновациите и создавање на сет на мерки за стимулирање на соработката помеѓу стопанството и високообразовните институции бидејќи економската криза доведе до уште подрастично опаѓање на можностите за примена на науката во развојот на економијата и креирање на економија базирана на знаење. Недостатокот на капитал за инвестиции и готови пари за финансирање на развојни проекти е најголем проблем на бизнис заедницата, а за нејзино надминување неопходно е спроведување на мерки за олеснување на пристапот до расположливите финансиски средства како и промоција на различни форми на заедничко вложување со цел да се зголеми и општествената одговорност на бизнис секторот.

Овој приоритет ги содржи следните мерки:
1.1.1 Создавање на инфраструктура за поддршка и промоција на бизнисот
1.1.2 Поддршка на развојот на вредносни синџири во секторите со најголем економски потенцијал
1.1.3 Вмрежување и поддршка за формирање на кластери
1.1.4 Поттикнување на техничко - технолошкиот развој и иновативноста кај претпријатијата
1.1.5 Брендирање на производи од Пелагонискиот регион

1.1.6 Поттикнување на развојот на претприемништвото, самовработувањето и занаетчиството, со особен акцент кај младите и жените
1.1.7 Градење на институционалните капацитети и поддршка на бизнис секторот за искористување на финансиски развојни инструменти
1.1.8 Креирање на економија базирана на знаење преку поврзување на стопанството со образовните институции
1.1.9 Поттикнување и промоција на општествената одговорност на бизнис секторот

Табела бр. 72 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 1.1

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на новосоздадени претпријатија;<br>• Број на претпријатија што вовеле нова технологија;<br>• Број на заштитени брендови и производи со географско потекло;<br>• Број на претпријатија со воведени стандарди;<br>• Број на одржани средби со бизнис заедницата и број на претпријатија учесници;<br>• Број на млади лица кои започнале сопствен бизнис;<br>• Број на заеднички проекти помеѓу стопанството и образовните институции;<br>• Број на формирани кластери;<br>• Број на поднесени апликации за проекти финансирани од меѓународни фондови;<br>• Зголемена општествена одговорност. | • Број на активни деловни субјекти<br>• Бруто додадена вредност во секторите на дејноста;<br>• Број на вработени млади лица (вклучувајќи и жени)<br>• Број и вредност на одобрените проекти финансирани од ИПАРД;<br>• Број на претпријатија кои донирале во општеството; |

Приоритет 1.2: Зголемување на инвестициите и извозот

За континуиран раст на економијата на регионот неопходно е зголемување на домашните и странски инвестиции во сите сектори, а особено во секторите во кои регионот има конкурентски предности. Во регионот постојат поголеми број на индустриски зони (државни и локални) со веќе утврдена урбанистичко планска документација кои се силна страна и значаен предуслов за зголемување на инвестициите. Од друга страна постојните индустриски зони не располагаат со целосно развиена инфраструктура. Потребно е и да се превземат активности за изградба на инфраструктурата во индустриските зони, креирање на

мерки и поволности за инвестирање, нивна промоција пред потенцијални инвеститори, со цел зголемување на инвестициите во сите сектори. Огромна можност за економски развој е вклучувањето на дијаспората во поттикнувањето на економскиот развој и воспоставување на соработка со економските промотори во повеќе странски земји назначени од Владата.

Овој приоритет има за цел и намалување на диспаритетите во развојот изразен кај руралните општини и поддршка на извозот и олеснување на пристапот до странските пазари на извозно ориентираните претпријатија, како и отварање нови работни места.

Во рамките на овој приоритет се подвлекува важноста од спроведување на активности во следните мерки:

1.2.1 Креирање и промоција на поволности за инвестирање
1.2.2 Организација и поддршка на учеството на домашни и интернационални бизнис саеми
1.2.3 Поддршка на домашните и странски инвеститори
1.2.4 Промоција на регионот во меѓународни рамки и воспоставување на соработка со дијаспората и економските промотори
1.2.5 Подобрување на условите за бизнис активности и инвестиции во малите општини и руралните средини
1.2.6 Промоција на форми на заеднички вложувања, јавно приватно партнерство и социјално претприемништво
1.2.7 Унапредување на економската соработка со прекуграничните региони
1.2.8 Поддршка на извозот и промоција на извозните производи на меѓународни пазари

**Табела бр. 73 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 1.2**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на новосоздадени претпријатија во индустриските зони;<br>• Број на новоотворени претпријатија по сектори;<br>• Број на подготвени регионални проекти;<br>• Број на иницирани јавно-приватни партнерства за реализиација на проекти за развој на регионот;<br>• Број на учества на саемски манифестации во земјата и странство;<br>• Изработени студии и анализи;<br>• Утврдени поволности за инвестирање во општините и населените места; | • Обем на извозот од регионот;<br>• Инвестиции во основни средства;<br>• Обем на директни странски инвестиции;<br>• Обем на домашни инвестиции;<br>• Број на активни деловни субјекти по општини;<br>• Стапка на невработеност (%) |

## 16.2 Стратешка цел 2 – Развој на Пелагонија како конкурентна туристичка дестинација и промоција на регионалниот културен идентитет

Туризмот е важен фактор за стопански и економски развој на регионот. Оваа стратешка цел треба да овозможи регионот да постане конкурентна туристичка дестинација која ќе ги задоволи најразличните и се поголеми и пребирливи барања на туристите.

Пелагонискиот плански регион туризмот го смета како една од приоритетните гранки за развој, и заради тоа огромен дел од напорите се насочени кон инвестирање во развивање и промоција на туристичките потенцијали и атракции на овој регион. Прекрасното и богато природно наследство со националните паркови Пелистер и Галичица, заштитените подрачја „Маркови Кули“, „Мечкин Камен“, планините Баба, Даутица, Ниџе, ледничките езера „Пелистерски очи“, Преспанското езеро, пештерите и многу други атрактивни и интересни локалитети нудат одлична можност за развивање на одржлив туризам. Разновидното културно наследство со голем број на споменици, верски објекти, музеи, археолошки локалитети кои датираат од различни временски епохи, разните настани и фестивали, богатиот избор на традиционална храна, можностите за спортување, забава и шопинг, претставуваат голем туристички потенцијал на Пелагонискиот плански регион.

Токму поради ова, вниманието треба да се насочи кон заштита и промоција на природното окружување, културно - историското наследство и традицијата, од каде што произлегува базичниот квалитет и изворната атрактивност на туристичката дестинација Пелагонија.

Регионот мора да создаде услови за одржлив развој на туризмот и да овозможи континуирано и долготрајно користење на туристичките вредности.

Оваа цел која се однесува на развој на туризмот и промоција на културниот идентитет од Пелагонискиот плански регион ги содржи следните приоритети:

Приоритет 2.1. Подобрување и збогатување на туристичката понуда на регионот
Приоритет 2.2. Унапредување и заштита на културата и културното наследство

**Табела бр. 74 Показатели за следење на остварувањето на Стратешка цел 2**

| Ред. бр. | Показатели | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Број на туристи | 70.312 | 80.000 |
| 2. | Број на ноќевања | 162.752 | 180.000 |
| 3. | Број на соби | 3.322 | 3700 |
| 4. | Број на легла | 10.001 | 11.000 |
| 5. | Просечно времетраење на престојот на туристите | 2,3 | 2,5 |

Приоритет 2.1: Подобрување и збогатување на туристичката понуда на регионот

Пелагонискиот плански регион има богата понуда од повеќето видови туризам како што се: езерскиот, планинскиот, културниот, манастирскиот , селскиот, , авантуристичкиот и други видови на туризам. Некои од овие видови на туризам, имат достигнато одредено задоволително ниво на развој, додека за некои постојат големи потенцијали, кои сеуште не се валорозирани.

Во регионот се организираат повеќе фестивали,перманентни изложби, голем број на периодични изложби и уметнички колонии. Во регионот има 14 културни институции, 16 споменици на културата, 5 музеи, 9 галерии, 3 кина и 4 театри, поголем број на археолошки локалитети, повеќе од 150 цркви, 6 џамии и повеќе од 25 манастири кои се градени во сите различни историски периоди. Пелагонискиот регион има солидна туристичка понуда за авантуристички туризам и практикување наекстремни спортови: параглајдинг, болдеринг, планински велосипедизам, алпинизам, и мото крос.

Овој приоритет има за цел преку заеднички напори на сите релевантни чинители да ја подобри туристичката инфраструктура, но и да ја обедини, презентира, промовира и збогати целокупната туристичка понуда на регионот. Во рамките на овој приоритет ќе се спроведат следните мерки:

2.1.1 Подобрена категоризација и стандардизација на туристичката понуда во регионот
2.1.2 Инвестиции во инфраструктурата поврзана со развој на туризмот во регионот
2.1.3 Јакнење на институционалната структура за поддршка и развој на туризмот во регионот
2.1.4 Креирање и промоција на регионална понуда за авантуристички туризам
2.1.5 Интернационализација на регионалниот туристички производ преку негова промоција и вмрежување на туристичките чинители
2.1.6 Вложување во развојот на човечките капацитети во туризмот

Табела бр. 75 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 2.1

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на стандардизирани и категоризирани објекти и услуги;<br>• Број на нови туристички производи;<br>• Број на туристички кластери;<br>• Број на испорачани обуки и курсеви за лиценцирани туристички и планински водичи;<br>• Број на спроведени обуки;<br>• Број на обучени лица;<br>• Вид / Тираж на изработени промотивни материјали;<br>• Број на саеми на кои е презентирана туристичката дестинација;<br>• Број на спроведени проекти за развој на авантуристичкиот туризам;<br>• Должина на изградени пристапни патишта до туристичките дестинации | • Број на туристи и зголемено времетраење на престој;<br>• Број на посетители на културните манифестации;<br>• Функционален и оперативен туристички кластер;<br>• Број на лиценцирани туристички и планински водичи;<br>• Обезбеден брз и квалитетен пристап до туристички локалитети. |

| | |
|---|---|
| (во км);<br>• Број на уредени туристички локалитети;<br>• Должина на изградени / реконструирани ски патеки;<br>• Број на поставени знаци и инфо табли. | |

**Приоритет 2.2: Унапредување и заштита на културата и културното наследство**

Овој приоритет се однесува на искористување на културата како ресурс за развој, заштита на културното наследство, поттикнување на современото творештво со посебен фокус на културните потреби на младите, враќање на дигнитетот на творецот и на творештвото и создавање услови за остварување и заштита на врвни културни вредности. Во овој приоритет се содржани мерки за поддршка на традиционалните вредности на регионот и заштита на богатото културното наследство, како и платформа за соработка помеѓу културните работници, општествен амбиент кој ќе го поттикне развојот на креативните индустрии, и заложба за зајакнување на меѓународната соработка во областа на културата. Приоритетот ги содржи следните мерки:

2.2.1 Креирање на регионални финансиски механизми за поддршка на културата
2.2.2 Поддршка на традиционалните занаети и народното творештво
2.2.3 Јакнење на човечките капацитети од областа на културата
2.2.4 Конзервација, реставрација и реконструкција на културно историското наследство во регионот
2.2.5 Вмрежување и развој на меѓуопштинска и интерсекторска соработка
2.2.6 Унапредување на интернационалната и прекуграничната соработка во областа на културата

**Табела бр. 76 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 2.2**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на спроведени обуки;<br>• Број на обучени лица;<br>• Број на спроведени проекти и иницијативи за поддршка на фолклорот, традиционалната храна и ракотворбите;<br>• Број на објекти во кои се служи традиционална храна;<br>• Број на конзервирани, реставрирани и реконструирани споменици на културата;<br>• Број на потпишани меморандуми за соработка помеѓу културни институции од регионот и странство;<br>• Број на аплицирани и одобрени проекти од обласата на културата; | • Број на посетители во културните институции;<br>• Број на посетители на културните манифестации;<br>• Број и вредност на одобрени проекти; |

## 16.3 Стратешка цел 3 – Унапредување на квалитетот на социјалните и здравствените услуги, спортот и образованието на регионално ниво

Во согласност со извршените анализи и резултатот од работата на засегнатите страни (ПЕСТ и СВОТ анализите), конкурентските предности и потребите на регионот во однос на социјалната сфера и образованието, третата стратешка цел треба да го унапреди квалитетот на социјалните и здравствените услуги, спортот и образованието на регионално ниво.

Како позитивни фактори се дефинирани можностите за формирање клубови во училиштата и измените на Законот за семејство. Негативни надворешни фактори се неприлагоденоста и нефлексибилноста на законската регулатива за основно и средно образование, неприлагоденост на националните стратегии со локалните и регионалните, централизација на дел од институциите, нерамномерна и несоодветна поддршка во подобрувањето на условите во образованието и социјалната сфера (Закон за социјални работи во делот на установи).

Со оваа цел треба да се подобрат лошите услови во образовните установи (инфраструктурни и опременост) и поттикнување на соработката помеѓу образовните институции со реалниот сектор со цел создавање работна сила според потребите на пазарот на труд. Подобрување на социјалните и здравствените услуги за стари лица, зголемување на „спектарот" на социјални услуги и зголемување на капацитет за згрижување деца (до 5 годишна возраст).

Поради значителните разлики помеѓу урбаните и руралните подрачја, посебен фокус ќе биде даден на развојот на руралните средини. Освен подобрувањето на условите за живот, со оваа цел ќе се предвидат мерки за намалување на миграцијата надвор од регионот и спречување на одливот на образован и стручен кадар.

Стратешката цел 3 ќе се постигне преку следните приоритети:

Приоритет 3.1 Подобрување  на нивото на социјална и здравствена заштита;
Приоритет 3.2 Поттикнување на современи образовни процеси со практична вредност и
Приоритет 3.3 Создавање на спортски и натпреварувачки дух кај младата популација во рамки на средното и високото образование.

Табела бр. 77 Индикатори за следење на остварувањето на Стратешка цел 3

| Ред. бр. | Индикатори | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Лобирање за измени на законска регулатива | Постоечка законска регулатива | Изменета (подобрена) законска регулатива |
| 2. | Намален број приматели на социјална помош | 3.884 | 10% намалување во период 2015-2019 |
| 3. | Број на згрижени деца во установи за згрижување | 2.268 | 2% годишно зголемување во период 2015-2019 |
| 4. | Капацитети за згрижување на стари и изнемоштени лица (установи) | 2 (282 лица) | 2 (350 лица) нови установи за згрижување стари и изнемоштени лица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Број на регистрирани клубови и спортисти во основни, средни училишта и факултети | н.п | Регистрирани и активни 50% од спортистите во клубови и здруженија 5% учествувале на турнири, лиги и меѓународни средби |

**Приоритет 3.1 Подобрување на нивото на социјална и здравствена заштита**

Приоритетот има за цел креирање регионални политики и одржливи модели за социјална и здравствена заштита, подобрување и зголемување на капацитетите на установите за згрижување деца, училиштата и факултетите, промовирање спортски и здрав дух кај младите и целокупната јавност.

Креирањето регионални политики и одржливи модели ќе ја унапредат состојбата кај маргинализираните и ранливи категории граѓани, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби. Подобрувањето на социјалната заштита во руралните подрачја ќе влијае на намалување на миграцијата и подобрувањето на квалитетот на живеење. Зголемувањето на бројот на деца згрижени во установи за згрижување, како и подобрувањето на примарното здравство ќе овозможи поголема можност за економски активности. Застапувањето и лобирањето за измени и подобрувања на законската рамка преку децентрализација за вршење на услуги ќе овозможи побрз и полесен пристап до примателите на услуги.

Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

3.1.1 Креирање на регионални политики и одржливи модели за унапредување на состојбата на ранливите, маргинилизираните групи и лицата со посебни потреби
3.1.2 Воспоставување на институционална рамка за унапредување на социјалната заштита во руралните средини
3.1.3 Подобрување на нивото на социјална заштита преку социјална инклузија за намалување на миграцијата село-град и град-град
3.1.4 Подобрување на состојбата за згрижување на децата во руралните средини (предшколски престој, дневен престој и сл.)
3.1.5 Застапување и лобирање за подобрување на законската регулатива и политиките од социјалната сфера на национално ниво
3.1.6 Квалитативно подобрување на просторните, кадровските и техничките капацитети на здравствените установи во регионот
3.1.7 Јакнење на свеста и креирање активни мерки за превенција од болести на зависност, намалување на социо-патолошките појави, превенција од современи болести и промовирање на здрав живот и исхрана

**Табела бр. 78 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 3.1**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на настани за промоција на руралните средини како атрактивно место за живеење<br>• Број на лица корисници на социјални | • Број на лица кои мигрирале (се иселиле) надвор од Пелагонискиотрегион<br>• Намален број на лица кои мигрирале внатре во Пелагонискиот регион “село – |

| | |
|---|---|
| и здравствени услуги<br>• Нови капацитети за згрижување на деца<br>• Број на деца згрижени во градинки во руралните средини<br>• Број на информативни настани за превенција од болести на зависност, намалување на социо-патолошките појави, превенција од современи болести и промовирање на здрав живот и исхрана | град“<br>• Зголемен број на лица кои мигрирале на релација “град – село“<br>• Број на продадени живеалишта/ објекти за домување<br>• Подобрени услови за згрижување на деца (до 5 год.) во установи за згрижување<br>• Број/капацитет за згрижување стари лица<br>• Број на информативни и промотивни настани |

Приоритет 3.2: Поттикнување на современи образовни процеси со практична вредност

Приоритетот 3.2 има за цел создавање синергија и директна вклученост помеѓу образовните институции и реалниот сектор заради продуцирање работна сила според потребите на пазарот на труд и практично третирање на теоријата. Флексибилноста и иновативноста во креирањето атрактивни програми, стручно образование, како и промовирање на претприемништвото треба да придонесе поголема взаемна соработка и искористеност на човечките ресурси.

Подобрувањето на вработливоста со преквалификација и доквалификација преку неформални облици на образование, мобилност и доживотно учење. Бројката на дипломирани студенти која е релативно висока треба да ги мотивира институциите и останатите засегнати страни во изнаоѓањето на решенија и создавањето услови за нивно „искористување“.

Приоритетот треба да создаде услови на задржување на трендот на вработувањето, односно намалување на невработеноста како еден од горливите проблеми на регионално и национално ниво.

Во рамките на Приоритетот 3.2 се предвидени следните мерки:

3.2.1 Воспоставување на директна вклученост (интегрирани програми) на образовните институции во реалниот сектор преку пристап „од теорија – во пракса“
3.2.2 Јакнење на капацитетите на засегнатите чинители во однос на претприемништвото
3.2.3 Подигнување на свеста и промоција на значењето на претприемништвото (регионални иновациски фондови и сл.)
3.2.4 Подобрување на квалитетот во средното и високото образование со креирање нови и атрактивни програми и унапредување на инфраструктурните и материјално-техничките и технолошките услови
3.2.5 Поттикнување на неформални облици и доживотно учење – ВЕТ центри за стекнување нови знаења и вештини
3.2.6 Промоција и практикување на мобилност, преквалификација и доквалификација за стекнување знаења и вештини за зголемување на вработеноста
3.2.7 Промоција и подигнување на свеста за значењето и можностите на ИТ.

Табела бр. 79 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на Приоритетот 3.2

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Заеднички иницијативи на образовните институции и бизнис секторот (промоции, предавања, и практични искуства)<br>• Креирани курикулуми и паралелки според потребите на реалниот сектор (стручни и професионална ориентација)<br>• Број на отворени и функционални ВЕТ и други неформални центри според барањата и потребите на бизнис секторот<br>• Опремени кабинети, простори за практична настава, количина на набавени нагледни средства и опрема<br>• Промотивни настани | • Број на заеднички програми и активности во кои учествува реалниот сектор<br>• Број на нови паралелки (според потребите и барањата на бизнис секторот)<br>• Број на ученици запишани и завршени во тие паралелки<br>• Создадени услови за синергија преку број на отворени и функционални центри според барањата и потребите на бизнис секторот<br>• Број на училишта кои ги задоволуват условите/ стандардите за следење настава (изградени и реновирани училници/кабинети, набавени нагледни средства и опрема)<br>• Број на одржани средби, промотивни настани и обуки за информатичка технологија |

**Приоритет 3.3 Создавање на спортски и натпреварувачки дух кај младата популација во рамки на средното и високото образование.** Приоритетот има за цел подобрување на условите за рекреативно и професионално практикување на спортот кај младата популација во рамки на основното, средното и високото образование) и креирање напреварувачки дух.

Освен што преку овој приоритет ќе се придонесе кон формирањето на здрава млада популација, истите ќе овозможат елиминирање и превенција од болести на зависност, намалување на социо-патолошките појави и превенција од современи болести.

Преку мерките за создавање спортски напреварувачки дух кај младите ќе се овозможи создавање на услови за формирање здрава и работоспособна популација, создавање претприемнички дух кај младите, градење кариера и успех во работата.

Создавањето системи за напреварување (лиги, турнири и други напревари) ќе создаде институционална рамка за организиран пристап во спортувањето. Реализацијата преку основните, средните училишта и факултетите ќе овозможи одржливост и континуирано унапредување на спортот и спортското натпреварување.

Приоритетот преку мерките ќе создаде услови за спортување преку градење физички капацитети (сали, игралишта, опрема и сл.) како и поддршка на спортот и спортските настани преку промотивните активности.

Спортот и спортувањето можат во голема мерка да придонесат во развојот на другите сектори како на пр. во економијата и во социјалната сфера. Преку спортските настани може да се вклучи бизнис секторот преку јавно-приватно партнерство, да придонесе во зголемување на економските активности и подобрувањето на условите на живеење.

Освен на локално и регионално ниво, овој приоритет може да излезе надвор од овие рамки, преку проекти од прекуграничните и транс-националните програми.

Приоритетот 3.3 ќе се спроведе преку следните мерки:

3.3.1 Функционалност и одржливост на спортските објекти
3.3.2 Создавање услови за спортување кај младите  во руралните средини
3.3.3 Воспоставување на систем на натпреварување во основните и средните училишта и универзитетите
3.3.4 Воспоставување на систем на резултати и награди на локално и регионално ниво во индивидуалните и групните спортови.

**Табела бр. 80 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на Приоритетот 3.3**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на иницијативи за регистрација спортски клубови, спортски школи<br>• Новоизградени сали, игралишта, набавена опрема<br>• Организирани и реализирани турнири, лиги и меморијални спортски настани<br>• Регистрирани и пријавени млади лица за учество на турнири, спортски лиги, меморијални спортски настани | • Број на отворени, функционални и оперативни спортски објекти<br>• Број на отворени/регистрирани спортски школи/центри<br>• Број на новоизградени спортски објекти и спортски терени<br>• Број на лиги/турнири организирани во регионот<br>• Број на ученици на натпревари/турнири во регионот<br>• Број на ученици на натпревари/турнири надвор од регионот<br>• Воспоставен систем за одржување на спортските објекти |

## 16.4 Стратешка цел 4 – Подобрување на меѓусебната и меѓународната поврзаност за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и привлекување инвеститори

Во согласност со извршените анализи и резултатот од алатките што се користеа од страна на засегнатите страни за анализа на постојната состојба (ПЕСТ и СВОТ анализите), компаративните предности и потребите на регионот во однос на транспортот и инфраструктурата, четвртата стратешка цел треба да ја подобри меѓусебната и меѓународната поврзаност со цел да се забрза економскиот развој, да се подобри квалитетот на живеење и воедно да се привлечат инвестиции.

Од надворешните политички фактори како позитивен се смета пристапот до фондови и размената на искуства и практики. Негативен степен и влијание имаат неусогласеноста на националната законска регулатива и надлежностите особено во доменот на сообраќајно транспортната инфраструктура, недостапност до информации, како и недоволното искористување на европските фондови.

Од економските надворешни фактори како негативен е дефиниран непостоењето регионална стратегија за развој на сообраќајно-транспортната инфраструктура.

Како негативни фактори од социјална сфера се оценети непостоењето интегрирани пешачки патеки и влијанието на сообраќајот врз животната средина.

Во однос на технолошките фактори како негативен е дефиниран непостоењето на релевантни податоци и документи поврзани со сообраќајот и транспортот.

Геостратешката позиционираност, добрата комуникациска поврзаност на патната, железничката и енергетската инфраструктура, постоењето на значаен енергетски комплекс се дефинирани како јаки страни.

Можностите за регионот се гледаат во пристапот на ЕУ и други фондови, размена на искуства, добриот хидроенергетски потенцијал, можноста за ре-активирање на железничката линија кон Грција (а со тоа и пристап до Солунското пристаниште), како и гасификацијата на регионот заради користење ефтини енергенси.

Слабите страни се: лошата состојба на системите за водоснабдување, одведување и пречистување на отпадните води (особено во руралните подрачја).

Како закани на регионот се наброени забавување на евро-атланските интеграции и спорот со името со Република Грција, несоодветна и застарена вертикална и хоризонтална сигнализација, влијанието на сообраќајот врз животната средина и недостатокот на надлежности на регионално ниво во однос на сообраќајно-транспортната инфраструктура.

Во однос на енергетската инфраструктура, треба да се забележат огромните хидро-енергетски потенцијали и можноста за искористување на обновливите извори на енергија (сонце, ветер и биомаса). Природниот гас како достапен ефтин енергенс за кој постојат улсови за искористување, би претставувал значителна поддршка како за населението така и за бизнис заедницата.

Стартешката цел 4 ќе се постигне преку 3 приоритети, и тоа:
Приоритет 4.1 Подобрување на енергетската инфраструктура;
Приоритет 4.2 Подобрување на комуналната инфраструктура и
Приоритет 4.3 Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура.

Табела бр. 81 Покзатели за следење на остварувањето на Стратешка цел 4

| Ред. бр. | Показатели | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на квалитетот на патната инфраструктура и услуга (мобилност, удобност, брзина/ времетраење на патување) | 47,5 км А патишта<br>773 км регионална патна мрежа<br>1211 км локална патна мрежа | 5% зголемување на должината на патната инфраструктура (км)<br>10% скратено времетраење на патување на патните правци |
| 2. | Зголемен број на превезени патници | 1.9 мил. патен сообрќај<br>1,73 мил. такси превоз<br>157.000 железнички | 20% зголемување на патниците во патниот сообраќај<br>10% зголемување на патници со такси превоз<br>5% годишно зголемувањена патници во жел. сообраќај |
| 3. | Намалување на загубите на вода за пиење | 60% | под 50% до 2019 |
| 4. | Нови инсталирани капацитети на ел. енергија - количина на снабдена енергија | 712 MW | 750 MW период 2015-2019 |
| 6. | Количина на произведена вода | 16,86 мил. м³ | 1% годишно зголемување на количини на вода во периодот 2015-2019 |
| 7. | Процент на третирана отпадна вода | 5% | 10% |

**Приоритет 4.1 Подобрување на енергетската инфраструктура**

Иако во текот на изготвувањето на програмата беше искажан проблемот кој се однесува на надлежностите врз регионалната и магистралната патна инфраструктураа, како и надлежностите во железничкиот сообраќај и енергетиката (освен мали хидроцентрали, ветерници и фотоволтаични панели), сепак беше забележителен интересот на локално и регионално ниво за подобрување на енергетската инфраструктура.

Големиот потенцијал и можностите кои ги нуди регионот го промовираше дефинирањето на приоритетот, како и можностите за искористење на обновливи извори на енергија поради природните карактеристики (сончеви денови, ветер, биомаса), како и можноста за користењето топлинска енергија од индустријата при што ќе се постигне поголема енергетска ефикасност.

Посебен фокус ќе се обрне кон подрачјата со специфични развојни потреби, постоечките и нови индустриско-економски зони во регионот.

Со овој приоритет преку предвидените мерки треба да се создадат услови за подигнување на квалитетот на живеење на населението, како и подобрување на услови за развој на бизнисот и привлекување инвестиции.

Приоритетот 4.1 ќе се реализира преку следните мерки:

4.1.1 Подготовка на стратешки документи – студии за изводливост (физибилити), проектно-техничка документација, ГУП и ДУП за енергетска инфраструктура (вклучувајќи економски и индустриски зони)
4.1.2 Реализација на проекти за енергетска инфраструктура (вклучувајќи и за искористување топлинска енергија)
4.1.3 Подобрување на постоечката и изградба на нова енергетска инфраструктура во областите со специфични развојни потреби во регионот
4.1.4 Подигнување на свеста кај населението за енергетска ефикасност (вклучувајќи штедење, оптимално искористување и иновации)
4.1.5 Изградба на комплетна инфраструктура (патна – влез/излез и комунална и енергетска инфраструктура) за индустриско-економски и туристички зони

**Табела бр. 82 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 4.1**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Изготвени физибилити студии, анализи и студии за енергетика и енергетска ефикасност<br>• Реализирани проекти и искористени обновливи извори на енергија (вклучувајќи мали хидроцентрали)<br>• Стабилен систем за испорачување на енергенси<br>• Воспоставени одржливи системи за одржување и наплата<br>• Број на иницијативи за јавни приватни партнерства<br>• Број на подготвени проекти/апликации | • Број на искористени физибилити студии и анализи за реализација на проекти<br>• Инсталирани нови капацитети за ел. енергија - KW/h-MW/h (вклуќувајќи топлинска и обновливи извори на енергија – сонце/ветер/биомаса)<br>• Број на приклучоци и корисници<br>• Намален број на падови на напојување во мрежата<br>• Број на реализирани ЈПП<br>• Број и вредност на одобрени проекти/апликации |

**Приоритет 4.2. Подобрување на комуналната инфраструктура**

Со овој приоритет треба да се подобрат условите за живот и стандардот на населението.

Недостатокот од релевантни информации и евиденција за подземни инсталации, сопственост на парцели и земјиште доведува до проблеми при интервенциите (реконструкции или градби) со што се доведува во прашање брзината и квалитетот на испорачувањето на градбата или услуга поврзана со објектите од комуналната инфраструктура.

Состојбите од недоволна техничка документација, ГУП, ДУП, детални физибилити студии, анализи и студии поврзани со комуналната инфраструктура ги дефинираа примарните очекувани резултати на приоритетот.

Недостатокот на квалитетна вода за пиење е еден од поизразените проблеми во руралниот дел од регионот (подрачја со специфични развојни потреби). Како дополнителен проблем е процентот на загуби на вода кој е екстремно висок како и слабата наплата на услугите од испорачаните услуги за што треба да се обрне посебно внимание.

Поизразен е недостатокот на системи за одведување на отпадните води, бидејќи со постојните пречистителни станици во Ресен, Кривогаштани и Могила, не се покриени големите урбани центри. Во фаза на реализација е канализациска мрежа и пречистителна станица во Прилеп, а во подготвителна фаза за ист проект е и градот Битола.

Во однос на системите за наводнување, користење техничка вода – хидрантска мрежа (полевање на зеленило, безбедносни причини – пожари, хигиенско санитарни потреби за јавни објекти и патишта), потребно е подобрување со цел задоволување на основните потреби за развој, безбедност и хигиенско санитарни услови.

Природните непогоди и катастрофи се еден од проблемите во регионот. Како претежно рамничарски регион (Пелагониска котлина), поплавите, градот, а во летните месеци и пожарите се честа појава. Опремата за следење и известување на природните услови и потенцијални опасности ќе придонесат кон зголемувањето на сигурноста на населението и намалувањето на штетите.

Во рамките на приоритетот 4.2 се предвидени следните мерки:

4.2.1 Подготовка на стратешки документи – студии за изводливост (физибилити), проектно-техничка документација за комунална инфраструктура (водоводи, системи за отпадни води, енергетски водови – терцијарна мрежа, хидрантска мрежа итн.)
4.2.2 Реализација на проекти за комунална инфраструктура (водоводи, системи за отпадни води, енергетски водови, хидрантска мрежа итн.)
4.2.3 Подготовка на проектно-техничка документација, изградба и одржување на системи за наводнување и одводнување на земјоделските површини и изградба на мини акумулации
4.2.4 Подобрување на постоечката и изградба на нова комунална инфраструктура во областите со специфични развојни потреби, економски и индустриски зони во регионот
4.2.5. Стратешки документи, техничка документација и реализација на проекти за заштита од природни непогоди и кризни ситуации (вклучувајќи хидро-метеоролошки станици и точки, градобијни станици и точки итн.)
4.2.6 Подигнување на свеста кај населението за комуналните услуги

**Табела бр. 83 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 4.2**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Изготвени физибилити студии, анализи и студии за комунална инфраструктура<br>• Изготвени технички документации (водоснабдителни системи, системи за отпадни води, печистителни станици)<br>• Број/ км на мрежа за наводнување, хидрантска мреажа и опрема)<br>• Подобрено водоснабдување и одведување на отпадни<br>• Број на корисници (системи за водоснабдување, системи за отпадни води, наводнување)<br>• Воспоставени систем за одржување и наплата | • Број на физибилити студии и анализи<br>• Број на технички документации (водоснабдителни системи, системи за отпадни води, тех. док. за печистителни станици, системи за наводнувањеи)<br>• Број/km на реконструирани/ изградени водоснабдителни системи, системи за отпадни води, техничка документација за печистителни станици<br>• Број на нови приклучоци на системи за водоснабдување и канализација<br>• Површина на земјиште наводнувана од системи за наводнување<br>• Зголемена наплата од корисниците на вода за пиење и техничка вода<br>• Број на приклучоци |

| | |
|---|---|
| • Број на опрема и системи за следење на природните услови<br>• Број на подготвени проекти/апликации | • Зголемена наплата од корисници (водоснабдување и канализација) наплата<br>• Број/набавена и функционална опрема за следење на природните услови<br>• Број и вредност на одобрени проекти/апликации |

**Приоритет 4.3 Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура**

Во регионот постои постојана потреба од осовременување и зголемување на сообраќајно-транспортната инфраструктура. Еден од најважните предуслови е постоењето соодветна документација. Недостатокот од документација, информации и евиденција доведува до неадекватно реализирање или предизвикува проблеми при интервенциите.

Регионот покажува позитивен тренд во однос на подобрувањето и зголемувањето на должината на патната инфраструктура. Како што е наведено во анализата за секторот Транспорт и инфраструктура состојбата кај сообраќајните раскрсници е несоодветна, приклучоците кај главни и споредни патишта се во голем процент необезбедени и непрегледни, а сигнализацијата на опасни места или недостасува или е несоодветна.

Освен за патничките и останатите стопански сообраќајни транспортни возила, соодветната хоризонтална и вертикална сигнализација беше дефинирана како потреба и за пешаците како ранлива категорија која е вклучена во сообраќајот. Освен техничка документација, студии и анализи потребни се и меки мерки, односно зголемување на свесноста за безбедност и совесно учество во сообраќајот, како на возачите, така и на пешаците.

Иако надлежноста за железничкиот сообраќај не е на локално и на регионално ниво, сепак потребата од модернизација на постоечкиот и реактивирање на нефункционалните железнички линии се дефинираа како дел од овој приоритет како услов за сеопфатен развој на регионот и негово комплетно поврзување со сите видови сообраќаен транспорт.

Приоритетот 4.3 ќе се реализира преку спроведување на следните мерки:

4.3.1 Подготовка на стратешки документи за режимот на сообраќај, вертикална и хоризонтална сигнализација и реализација на проекти за вертикална и хоризонтална сигнализација на транспортната инфраструктура
4.3.2 Подготовка на анализи, техничка документација и реализација на проекти за интегрирани велосипедски и пешачки патеки
4.3.3. Подготовка на техничка документација и реализација на патна инфраструктура (рехабилитација и реконструкција на постоечката и нова)
4.3.4. Подготовка на техничка документација и реализација на железничка инфраструктура (рехабилитација и реконструкција на постоечката и изградба на нова)
4.3.5. Подготовка на документација и реализација на системи за мониторинг и „паметен“ (анг. smart) транспорт.
4.3.6. Подигнување на свеста кај населението и кај останатите учесници во сообраќајот (безбедност, сигурност, одговорност)

Табела бр. 84 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 4.3

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Изработени ГУП, ДУП и техничка документација<br>• Изготвени фисибилити студии, анализи и студии за сообраќајна и транспортна инфраструктура<br>• Должина на реконструирана и новоизградена патна инфраструктура (регионални и локални патишта)<br>• Број на проекти/апликации за подобрување на состојбата на сообраќајно-транспортната инфраструктура<br>• Изготвена документација, замена на стара и поставување нова сообраќајна сигнализација, осветлување и обележување опасни и значајни точки и објекти<br>• Број на обуки за учесниците во сообраќајот<br>• Функционален и одржлив систем за одржување на патната инфраструктура<br>• Функционален железнички сообраќај | • Број на изготвени технички документации (ГУП, ДУП, друга планска и проектна документација)<br>• Број на физибилити студии и анализи<br>• Број на изготвени технички документации – проекти (локална и регионална сообраќајно-транспортна инфраструктура)<br>• Број/км на изградена и реконструирана локална и регионална сообраќајно-транспортна инфраструктура<br>• Број/км на заменета и нова сообраќајна сигнализација (хоризонтална и вертикална)<br>• Намален број на сообраќајни незгоди<br>• Број/кмна одржувани сообраќајници<br>• Зголемен број на патници во патниот и железничкиот транспорт |

## 16.5 Стратешка цел 5 – Поконкурентно земјоделство и одржлив рурален развој

Пелагонискиот плански регион се одликува со најмала фрагментираност на земјоделските површини и има најголемо производството на житарици и тутун во државата. Во Пелагонискиот плански регион е исто така развиено сточарството и индустријата за преработка на млеко и млечни производи, при што постои висок потенцијал за извоз на оваа индустриска гранка.

Во согласност со клучните особини и јаки страни на Пелагонискиот регион, континуираниот развој на земјоделството е еден од главните приоритети за следниот пет годишен период. Според направените анализи, најголемо учество во создадениот БДП во регионот имаат прехранбената, текстилната и тутунската индустрија. Земјоделството учествува со 4% од вкупното производство во регионот и 5% во вкупното вработување во регионот. Одличната земјоделска структура и климатски услови се главни фактори кои допринесуваат за успешниот развој на земјоделството во регионот. Земјоделски култури кои се произведуваат во значителен обем во Пелагонискиот плански регион се: житни култури (пченица, пченка, јачмен, рж, овес), индустриски култури (сончоглед, маслена репа, тутун, шеќерна репа и друго), фуражните култури (пченка силажа, луцерка, сточен грашок, и др.), градинарските (домат, пиперка, кромид, зелка, копмир и др.), овоштарството (јаболко, праски, круши, сливи, вишни, цреши, ореви и друго). Во Пелагонискиот плански регион исто така е застапено сточарството (говедарство, овчарство, козарство и свињарство), живинарството (кокошки) и пчеларство.

Постојниот степен на користење на механизација во земјоделството, но и фактот дека е идентификувана нејзина застареност, се едни од причините за дефинирање на дел од мерките кои се предвидени во следниот период.

Потребата од подобрување на квалитетот на животот во руралните средини како и намалувањето на разликите со урбаните средини е директно врзано со развојот на земјоделството, кое е една од примарните економски гранки во регионот.

За остварување на оваа стратешка цел дефинирани се следниве два приоритети:

Приоритет 5.1. Зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство
Приоритет 5. 2. Одржлив рурален развој.

Табела бр. 85 Показатели за следење на остварувањето на Стратешка цел 5

| Ред. бр. | Показатели | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Вкупно земјоделско производство во тони | Овошје:<br>98.938 тони<br>Житни, индустриски и градинарски посеви:<br>191.971 | Овошје:<br>105.000тони<br>Житни, индустриски и градинарски посеви:<br>220.000 |
| 2. | Вредност на производство на земјоделска деловна гранка во милиони денари | 8.758.000.000 денари<br>20% од вкупно на ниво на РМ | 10.500.000.000 денари<br>22% од вкупно на ниво на РМ |
| 3. | Број на заштитени брендови и производи со географско потекло | 1 | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Број на жители во рурални средини | 63.764 | 65.000 |

**Приоритет 5.1. Зголемување на квалитет и квантитет на земјоделското производство**

Земјоделството е сектор со голема традиција во Пелагонискиот регион. Климатските и природните карактеристики на регионот го прават мошне подложен за квалитетно земјоделство, и регионот е веќе препознатлив по одредени производи како јаболката, тутунот, кромидот. Засегнатите страни се активни и се организираат во земјоделски стопанства, здруженија и ЛАГови. Трендовите покажуваат можности за поголемо учество на младите во земјоделството, искористување на придобивки од модернизација на механизацијата и техниките за наводнување, како и отворени инструменти за финансирање на иницијативи за поттикнување на земјоделството. Но, квалитетот и квантитетот на земјоделското производство зависат од низа фактори. Со цел нивно зголемување, потребно е да се работи на модернизација на производството и преработката, зајакнување на вредносните синџири како и на зголемување на вработувањето во земјоделството.

За остварување на зголемен квалитет и квантитет на земјоделското производство дефинирани се следниве мерки:

5.1.1 Спроведување на законските регулативи и целите од Националната стратегија на РМ за земјоделство и рурален развој за периодот 2014 – 2020 година;
5.1.2 Воведување на иновации во земјоделството, органско производство, нови производи и технологии во земјоделското производство и преработка;
5.1.3 Градење на капацитети на земјоделците и дефинирање на соодветни едукативни програми (формално и неформално образование) и поттикнување на млади и жени во земјоделството;
5.1.4 Воведување на производство на ароматични, зачински и лековити билки;
5.1.5 Промоција на земјоделскиот сектор преку организација и учество на саемски манифестации во земјата и странство;
5.1.6 Поддршка за земјоделскиот сектор во искористување на домашни и меѓународни фондови со фокус на ИПАРД програмата;
5.1.7 Поддршка на земјоделски задруги и други видови на здружувања во земјоделството (кластери, машински прстени и др.);
5.1.8 Прилагодување на земјоделскиот сектор кон климатските промени.

**Табела бр. 86 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 5.1**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на изработени анализи за потребите на земјоделието<br>• Број на лиценцирани органски производители и производи<br>• Број на проекти за модернизација и иновации во земјоделството<br>• Број на спроведени обуки за земјоделци<br>• Број на активни едукативни програми за земјоделие<br>• Број на воведени ароматични, зачински и лековити билки во | • Зголемување на производството по култура и по хектар (%)<br>• Инвестирана вредност во модернизација на земјоделството<br>• Произведени количини на ароматични, зачински и лековити билки<br>• Зголемување на вработувањата во земјоделството (%) |

| | |
|---|---|
| производството<br>• Број на проекти за искористување на постојни финансиски инструменти за поддршка на земјоделие<br>• Број на реализирани промотивни настани<br>• Број на земјоделски задруги и други видови здружувања | |

Приоритет 5.2. Одржлив рурален развој

Остварувањето на одржлив рурален развој опфаќа повеќе елементи од различни сфери на живеењето. Конкретно, за обезбедување на одржлив рурален развој потребно е подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, обезбедување на соодветна инфраструктура, заживување на селата и поттикнување на миграцијата град-село преку обезбедување на услови за економска активност на населението.

Со цел обезбедување на одржлив рурален развој во Пелагонискиот регион, дефинирани се следниве мерки:

5.2.1 Изработка на анализи и студии за потенцијалите за развој на руралните средини (датабази, мапи, регистри);
5.2.2 Поттикнување и поддршка на отворање на нови „неземјоделски" бизниси и интегрирани рурални бизниси (туризам на фарма и сл.);
5.2.3 Поттикнување на миграција „град-село" (живеење и работа);
5.2.4 Обезбедување на здравствено–социјални, културно-едукативни услуги;
5.2.5 Поддршка на руралниот туризам;
5.2.6 Градење на капацитетите на ЛАГ-овите;
5.2.7 Поддршка за подготвување и спроведување на проекти на ЛАГ-овите во Пелагонискиот регион;
5.2.8 Промовирање на соработка и размена на искуства со ЛАГ-овите на национално и меѓународно ниво.

Табела бр. 87 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 5.2

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на изработени анализи и студии за рурален развој<br>• Вредност на средства за поддршка за „неземјоделски" бизниси и интегрирани рурални бизниси<br>• Дефинирана програма за субвенции за миграција "град- село"<br>• Број на нови обезбедени услуги во руралните средини (социјални, образовни, здравствени и за започнување бизнис)<br>• Број на капацитети за сместување и услуги за рурален туризам<br>• Број на вклучени засегнати страни во | • Зголемен број на население во руралните средини (%)<br>• Зголемен број на туристи во руралниот туризам (%)<br>• Број на активности / проекти на ЛАГ-овите<br>• Покриеност на просторот на подрачјата со специфични развојни потреби со урбанистичка планска документација (во %) (плански региони, општини)<br>• Висина на средства инвестирани во заеднички економски, образовни, социјални и културни проекти за поврзување на помалите општини и руралните средини со поголемите урбани центри во рамките на |

| | |
|---|---|
| ЛАГ-овите<br>• Број на донесени и ажурирани планови за подрачјата со специфични развојни потреби (плански региони, општини) | регионите (плански региони, општини) |

## 16.6 Стратешка цел 6 – Заштита и унапредување на животната средина во насока на одржлив развој

Чистата животна средина спаѓа меѓу основните права на жителите од регионот. Таа влијае кон подобрување на квалитетот на животот и здравјето на луѓето, но и на зголемување на квалитетот на земјоделското производство.

За соодветна заштита и унапредување на животната средина се потребни активности и вклучување на сите засегнати страни во општеството: – општини, претпријатија, граѓански организации, домаќинства и граѓаните. Едновремено, потребно е да се балансираат овие активности со потребите на регионот за економски раст и развој, унапредување на инфраструктурата и искористување на обновливите извори на енергија.

Обезбедената заштита и унапредување на животната средина во насока на одржлив рурален развој ќе овозможи освен зголемен еконосмки раст и развој преку зголемено земјоделско производство и развој на туризмот во регионот.

Со реализација на оваа цел ќе се овозможи почиста и поздрава животна средина во регионот. За остварување на оваа цел дефинирани се три приоритети, и тоа:

Приоритет 6.1 Унапредување на животната средина преку креирање услови за интегрирано управување со загадувањето (почва, вода, воздух)
Приоритет 6.2 Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и обновливи извори на енергија
Приоритет 6.3 Валоризација на билошката разновидност во насока на регионален развој

**Табела бр. 88 Индикатори за следење на остварувањето на Стратешка цел 6**

| Ред. бр. | Индикатори | Вредност во базна година | Вредност во 2019 |
|---|---|---|---|
| 1. | Биохемиска потрошувачка на кислород (БПК5) во реката Црна | 2% | 1.8% |
| 2. | Процент на собран отпад во однос на создаден отпад | 85,3% | 90% |
| 3. | Просечна годишна концентрација на загадувачки гасови (SO2, PM10, NO2 и O3) во урбаните места | SO2- 15mg/m$^3$<br>PM10-55mg/m$^3$<br>NO2-19 mg/m$^3$<br>O3-150 mg/m$^3$ | $SO_2$- 10mg/m$^3$<br>PM10-45mg/m$^3$<br>$NO_2$-17 mg/m$^3$<br>$O_3$-110 mg/m$^3$ |
| 4. | Површина опфатена во заштитените подрачја | 230.083 ха<br>8.94% од вкупна територија | 10% од вкупна територија |

**Приоритет 6.1 Унапредување на животната средина преку креирање услови за интегрирано управување со загадувањето (почва, вода, воздух)**

Во Пелагонискиот регион се наоѓаат неколку простори со нарушен квалитет на животната средина и тоа:

Битола е еден од идентификуваните градови кој се карактеризира со висок степен на загрозеност по животната средина и здравјето на населението.

Прилеп, а во помал обем и Ресен се  градови со повремена загрозеност на квалитетот на воздухот и перманентно неповолен квалитет на реципиентите на отпадните води.

Сливот на Црна река ја загрозува животната средина со перманентно отстапување од квалитетот на дел од водотеците на нејзиното сливно подрачје.

Постигнувањето  на чиста и здрава животна средина е долг процес врз кој влијание имаат голем број на фактори. Зголемувањето на свеста кај населението, подобрената одводна канализација како и соодветно обучен кадар се само дел од факторите кои имаат потреба од инвестирање со цел унапредување на животната средина преку намалено загадување (почва, вода, воздух) .

За остварување на унапредување на животната средина преку креирање услови за интегрирано управување со загадувањето (почва, вода, воздух) дефинирани се следниве мерки:

6.1.1  Креирање план за регионално интегрирано управување со отпад
6.1.2  Реализација на проекти за управување со отпад
6.1.3 Изградба на системи за собирање, одведување и прочистување на отпадните води
6.1.4 Уредување и регулирање на речните корита и атмосферски води
6.1.5 Воспоставување на систем за мониторинг на степенот на загаденост и превентивни мерки за намалување на загадувањето (почва, вода, воздух)
6.1.6 Справување со климатските промени на регионално ниво
6.1.7 Надградба на човечките капацитети за заштита на животната средина и намалување на загадувањето

**Табела бр. 89 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 6.1**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на вработени и обучени лица во институциите задолжени за заштита на животната средина<br>• Број на км уредени речни корита и канали<br>• Број на мерни инструменти набавени и инсталирани<br>• Број на населени места со решен третман за отпадни води<br>• Број на изградени пречистителни станици<br>• Број на имплементирани мерки за намалување на последиците од климатски промени на ниво на регион. | • % од населението во ПР едуцирано за превентивни мерки, преку трибини, обуки, кампањи<br>• Процент од правните лица во ПР кои ги спровеле законските мерки за заштита на животната средина<br>• Една подготвена физибилити студија за начинот на одведување на отпадни води<br>• Една подготвена физибилити студија за одредување на карактеристични точки како мрежни места (вода, воздух, почва) |

**Приоритет 6.2 Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и обновливи извори на енергија**

Пелагонискиот регион е богат со природни ресурси и има голем потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија. Гледајќи ги јаките страни – големиот број на сончеви денови, поволната ружа на ветрови, земјоделското производство и големите количини биомаса, како и можностите кои ги има регионот во оваа област со постоење на позитивни државни политики за поттикнување на инвестиции во енергетска ефикасност и постоењето финансиски инструменти за искористување на обновливите извори на енергија во производството или домувањето, јасно е зашто овој приоритет се појавува во Програмата за развој.

За обезбедување на оптимално користење и валоризација на природните ресурси и обновливи извори на енергија, најпрво е потребно зголемување на општата свест за придобивките и влијанијата од таквите иницијативи, како и зголемување на човековите капацитети за адекватно користење на изворите на обновлива енергија.

Мерки за остварување на оптимално користење и валоризација на природните ресурси и обновливи извори на енергија се :

6.2.1 Изградба на систем за топлификација од РЕК Битола
6.2.2 Поттикнување на користење на обновлива енергија и изградба на капацитети за производство на енергија од обновливи извори на енергија
6.2.3 Подобрување на енергетската ефикасност на станбените и јавните објекти
6.2.4 Подигање на јавната свест за значењето на користењето на обновливата енергија
6.2.5 Поддршка на бизнис секторот за воведување на обновливи извори на енергија во нивното работење
6.2.6 Надградба на човечките капацитети во однос на обновливата енергија

**Табела бр. 90 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 6.2**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на семејства кои ќе преминат од индивидуално греење (дрва, струја) на централно греење<br>• Број на спроведени обуки/обучени поединци за одговорните субјекти од локалниот и регионалниот економски развој;<br>• Број на објекти кои се енергетски ефикасни (нови и постоечки) | • Капацитет на изградени инсталации за производство на енергија од обновливи извори<br>• Изработка на физибилити студии за искористување на биомасата, биогасот и биодизелот<br>• Изработка на проекти за користење на соларна енергија |

**Приоритет 6.3 Валоризација на билошката разновидност во насока на регионален развој**

Пелагонискиот регион е препознатлив по богатите природни ресурси кои ги има (вода, шуми, реки, езера, минерални суровини, ливади, пасишта), заштитени подрачја (Маркови кули, Езерани, Пелистер, Галичица, Преспанско Езеро), како и по карактеристични ендемични и ретки животински и растителни видови кои ги има на неговата територија.

Едновремено, значајно е да се споменат можностите за остварување на меѓународна соработка со цел заштита на природата и биодиверзитетот преку повеќе програми на Европско ниво како на пр. НАТУРА 2000. Овие фактори како и влијанието на зачувување и

зголемување на биодиверзитетот за остварување на регионален развој доведоа до дефинирање на овој стратешки приоритет. Во таа насока потребно е да се вложува во заштита на ендемските видови, одржување на заштитените подрачја и соработка со соседните земји во насока на заштита на биодиверзитетот.

Приоритетот ги предвидува следните мерки:

6.3.1 Заштита на ендемската флора и фауна
6.3.2 Зголемување на зелени површини и пошумување
6.3.3 Идентификација на нови и промоција на постојни заштитени подрачја
6.3.4 Континуирано унапредување на 300 градина
6.3.5 Унапредување на прекуграничната соработка во делот на заштита на биодиверзитетот
6.3.6Надградба на човечките капацитети во однос на заштитата и унапредување на биодиверзитетот во регионот

**Табела бр. 91 Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на остварувањето на Приоритетот 6.3**

| Излезни резултати | Показатели за следење |
|---|---|
| • Број на обуки/обучени поединци за користење на средства од ИПА фондовите и број на учесници;<br>• Број на иницирани јавно-приватни партнерства за реализација на проекти за развој на регионот;<br>• Број на поднесени и одобрени прекугранични проекти;<br>• Број на поднесени и одобрени апликации за проекти финансирани од ИПАРД<br>• Број на претпријатија од регионот корисници на финансиски производи од МБПР<br>• Број и вредност на проекти спроведени од Мрежата за регионален развој; | • Ниво на свесност кај населението за загазување, заштита на животна средина и заштитени подрачја<br>• Површина на пошумени и зелени подрачја (ха)<br>• Вредност на реализирани проекти;<br>• Број на заштитени подрачја |

# 17. ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Поради задржување на принципот на „широка“, односно флексибилна Програма, но воедно и доволно фокусирана, стратешките цели и приоритети како и мерките предвидени по истите не се вреднувани со финансиските параметри. Според предложената методологија истите можат да бидат вреднувани финансиски преку годишните акциони планови каде ќе бидат дефинирани и поединечните активности (член 13 од Законот за рамномерен регионален развој).

Согласно Законот за рамномерен регионален развој како извори на финансирање за реализација на стратешките цели дефинирани во овој програмски документ се наведени:

- Буџет на Република Македонија,
- Буџетите на единиците на локална самоуправа,
- Фондовите на Европската Унија (алоцирани преку инструменти за Република Македонија или до кои државата има пристап),
- Други меѓународни фондови и извори (билатерални фондови, кредити заеми и сл.),
- Донации, спонзорства од физички и правни лица (вклучувајќи и јавни приватни партнерства),
- Други средства утврдени со закон.

Според член 28 од Законот за рамномерен регионален развој, дефинирани се инструментите за поттикнување на регионалниот развој и тоа:

- капитални влогови,
- неповратни средства (грантови),
- финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови,
- финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Македонија.

Според член 29 финансиските средства од Буџетот на Република Македонија ги распределува Владата. Процентуалниот износ при распределувањето се реализира на следниот начин:

- 70% за финансирање проекти за развој на планските региони,
- 20% за финансирање проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби,
- 10% за финансирање проекти за развој на села.

Реализацијата на Програмата за развој на Пелагониски плански регион според пристапот и методологијата ќе се обезбеди преку финансирање од Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој како и од буџетски ставки на линиските министерства кои директно беа вклучени во процесот на координација и подготовувањето на Програмата. Условот е задржување на регионалната компонента и усогласеноста на Програмите за развој на планските региони со Програмите предвидени за финансирање на линиските министерства.

Како дополнителен инструмент е можноста за користење финансиски средства од Македонска банка за обнова и развој на база на банкарско кредитирање со поволни кредитни стапки.

Од изворите за финансирање на Програмите, може да се набројат:

- Фондовите на Европската Унија – ИПА, прекугранични и транснационални програми, Хоризонт 2020, ЕИДХР и др.
- Германската развојна помош (GIZ),
- Швајцарската агенција за соработка и развој (SDC),
- Развојните програми на Обединетите Нации (UNDP),
- Меѓународната помош на Соединетите Американски Држави (USAID),
- Светска Банка
- Програми дефинирани со билатерални договори помеѓу Република Македонија и развојни агенции, институции и држави.

Следењето на реализацијата на Програмата исто така е дефинирана со Законот за рамномерен регионален развој, како и искористувањето на финансиските средства од Буџетот на Република Македонија за реализација на стратешките цели и приоритети. Набљудувањето и оценувањето на финансираните проекти од други извори се врши со посебни документи, договори и инструменти.